# Предизвици

СПИСАНИЕ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ ПРАШАЊА

## БЕРЛИНСКИ ПРОЦЕС 2022



FRIEDRICH EBERT STIFTUNG

БРОЈ 16
12|2022

# Предизвици

СПИСАНИЕ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ ПРАШАЊА

## БЕРЛИНСКИ ПРОЦЕС 2022

FRIEDRICH EBERT STIFTUNG

# ИМПРЕСУМ

**П Р Е Д И З В И Ц И** - списание за општествени прашања

**ТРИМЕСЕЧНИК** - излегува четирипати годишно
(март/јуни/септември/декември)

ГОДИНА IV
БРОЈ 16
ДЕКЕМВРИ 2022
Бесплатен примерок

**ИЗДАВА**
ФОНДАЦИЈА „ФРИДРИХ ЕБЕРТ“ – СКОПЈЕ

**РЕДАКЦИЈА:**
Билјана Георгиевска (главен уредник)
М-р Нита Старова (заменик главен уредник)
Д-р Ванчо Узунов
Д-р Ана Чупеска
М-р Лура Положани

**ПРЕВОД ОД АНГЛИСКИ:**
Ана Василева

**ЛЕКТОР:**
Инда Костова Савиќ

**ГРАФИЧКИ УРЕДНИК:**
Стефан Стојковски, КОНТУРА

**ПЕЧАТИ:**
КОНТУРА

**ТИРАЖ:**
150



Текстовите се примаат на адреса:
Фондација „Фридрих Еберт“
бул. „8 Септември“ 2/2-5
1000 Скопје (ТЦЦ Гранд Плаза)
Тел. + 389 2 3093-181/-182
Е-пошта: nita.starova@fes-skopje.org

# ЕДИТОРИЈАЛ



ВАНЧО УЗУНОВ

Самитот на Европската Унија во Солун во 2003 година заврши со ветување за продлабочување на односите меѓу Европската Унија и државите од Западен Балкан, по азбучен ред: Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Северна Македонија, Србија и Црна Гора. Меѓутоа, изгледите за членство во Европската Унија во годините што следеа не беа подобрени, всушност, благо речено, стагнираа. Десет години подоцна, во 2014 година, Жан-Клод Јункер, тогашен Претседател на Европската комисија, изјави дека во следните пет години нема да има проширување на Европската Унија. Тоа создаде голем песимизам во сите држави од Западен Балкан со потенцијал дури и за нестабилност и тензии, бидејќи стана јасно дека регионот наместо да се приближува, всушност, се оддалечува од Европската Унија. Тоа беше иницијалната railcapsula за создавање на, таканаречениот, Берлински процес (БП).

Берлинскиот процес почна како иницијатива на тогашната канцеларка на Германија, Ангела Меркел, на Конференцијата одржана во Берлин, во 2014 година. Освен државите од Западен Балкан, во процесот беа вклучени 10 држави-членки на ЕУ: Австрија, Бугарија, Хрватска, Франција, Чешка, Германија, Грција, Италија, Полска и Словенија, како и (тогаш членка на ЕУ) Велика Британија. Во рамки на Берлинскиот процес лидерите на државите се среќаваат на годишни самити, на кои им претходат министерски состаноци за: економија, транспорт, внатрешни и надворешни работи. До сега, самити се одржаа во: Виена (2015); Париз (2016); Трст (2017); Лондон (2018); Познањ (2019); Софија (2020) – организиран за првпат од членка на ЕУ – Бугарија и држава од Западен Балкан – Северна Македонија; Берлин (2021) и, конечно, оваа година одново во Берлин.

Берлинскиот процес никогаш не беше замислен како алтернатива за интеграцијата на државите од Западен Балкан во Европската Унија, иако е факт дека на Балканот, особено на почетокот од Берлинскиот процес, имаше таков страв, внимателност, за што времето покажа дека беше нереален. Иднината уште повеќе ќе треба да докаже дека регионалната интеграција, всушност, е основа за интеграција во ЕУ.

Во првите години, основата на Берлинскиот процес беше, таканаречената, „Агенда за поврзување“ (Connectivity Agenda), којашто подразбираше развој на транспортната и енергетската инфраструктура во регионот, подобрување на регионалната поврзаност и олеснување на движењето на добра и луѓе. Во 2017 година, Берлинскиот процес е проширен со реформски активности од областа наречена: Четири слободи на ЕУ, во агенда наречена: Регионална економска област (Regional Economic Area – REA), за којашто беше создаден и Повеќегодишен акциски план (Multi-annual Action Plan – MAP). Планот беше замислен како четиригодишна агенда поставена врз четири столбови: слободно движење на добра и услуги (според правилата на CEFTA), инвестиции, мобилност на работната сила и дигитализација. Активностите во рамките на MAP REA требаше да му овозможат на приватниот (деловен) сектор во државите од Западен Балкан да користи, таканаречена, економија на обем (пазар од околу 18 милиони луѓе), како и рефокусирање на развојот на регионот кон ендоген модел на долгорочен пораст. Во таа смисла, активностите беа насочени кон: унапредување на трговската интеграција, создавање на динамичен регионален инвестициски простор, олеснување на движењето на работната сила и создавање на дигитална интеграциска платформа. Сето тоа со цел да му се помогне на регионот во исполнувањето и на економските критериуми за членство во ЕУ. Спроведувањето на активностите им беше доверено на државите од Западен Балкан (на нивните државни администрации), со силна поддршка од Регионалниот совет за соработка (Regional Cooperation Council – RCC), Секретаријатот на CEFTA и Директоратот за проширување (DG NEAR) на Европската комисија. Во овие рамки беше создадена и платформа за соработка на трговските комори од Западен Балкан (WB CIF), како и вклучување на активности на невладини и младински организации.

Во 2021 година, пак, Берлинскиот процес ја започна својата последна фаза за создавање на единствен регионален пазар, а на Самитот во Софија беше донесен новиот акциски план наречен Заеднички регионален пазар (Common Regional Market – CRM). Овој план се базира врз пет столбови: слобода во движењето на стоки, услуги, капитал и луѓе; регионална инвестициска област; регионална дигитална област; регионална индустриска и иновациска област; градење на европски „вредносни синџири". Суштината е да се креира единствен економски простор во регионот на Западен Балкан преку елиминирање на сите бариери за слободно движење. Во полза на тоа беа предвидени механизми за препознавање на: професионалните и академските квалификации на работната сила; патување со лични карти; еднакви правила за започнување со бизнис; постепено унапредување на конкурентноста на сите шест држави од Западен Балкан; поддршка и унапредување на иновациите; координирано спроведување на стратегиите за „паметна специјализација"; како и многу други слични активности.

Сепак, спроведувањето на активностите зацртани во рамки на Берлинскиот процес не се одвиваше со саканата и предвидената динамика. Генерално, се разликуваат две нивоа: експертско ниво, кога преговорите и подготовката на заеднички правила се одвиваа релативно добро (со поддршка од RCC и Секретаријатот на CEFTA) и политичко ниво, кога активностите се закочуваа. На ниво на реторика, сите лидери од Западен Балкан даваа поддршка на Процесот, но формално-правното потпишување на документи беше закочено, пред сѐ, од „политички причини". Ваквата состојба траеше релативно долго.

Имајќи го ова предвид, последниот лидерски Самит, одржан на 3. 11. 2022 година, во Берлин, осум години по започнувањето на Берлинскиот процес, е многу значаен, заради две причини: постојната „продолжена криза" (енергетска криза по корона пандемијата во 2020/21 година); и придвижувањето на процесот во делот на обврските преземени во CRM на Самитот одржан во Софија пред две години. Тој успех е овозможен заради дополнителните напори на Сојузната Влада на Германија, но и на Европската комисија, после долги преговори со администрациите и експертите од Западен Балкан. Тогаш, лидерите од Западен Балкан потпишаа три, таканаречени, „договори за мобилност": за движење со лични карти, за

признавање на академски квалификации и за признавање на професионални квалификации. Трите договори треба да послужат како основа за идни реформи за уште многу посуштински прашања и теми за регионалната економска интеграција. На последниот Самит беше прифатена и Декларација за енергетска безбедност и зелена транзиција во Западен Балкан, со која лидерите од регионот се обврзуваат на голем број конкретни активности поврзани со оваа крајно актуелна сфера.

Имајќи го сето ова предвид, уредувачкиот одбор на „Предизвици" овој број на списанието го посвети на Берлинскиот процес – неговото значење, достигнувањата и идните предизвици. Според голем број оценки, Берлинскиот процес е на чекор до нова фаза, односно период на обновена енергија. Затоа, се надеваме дека оваа тема ќе биде интересна за читателите и дека ќе отвори и поширока дебата за овој важен процес. Во однос на актуелната фаза на РС Македонија во процесот за пристапување кон ЕУ, освен темата „уставни измени", регионалната соработка, веројатно, е најважното прашање.

*Член на Редакцијата на списанието*

# СОДРЖИНА


3 ЕДИТОРИЈАЛ

8 РЕСТАРТИРАЊЕ НА РЕГИОНАЛНАТА СОРАБОТКА ВО ВРЕМЕ НА ПРЕДИЗВИЦИ

REBOOTING REGIONAL COOPERATION IN CHALLENGING TIMES

МАЈЛИНДА БРЕГУ

28 БЕРЛИНСКИОТ ПРОЦЕС ВНЕСУВА ПОЛИТИЧКА ВОЛЈА ВО РЕГИОНОТ

БУЈАР ОСМАНИ

37 ОБНОВЕНИОТ БЕРЛИНСКИ ПРОЦЕС И ИДНИНАТА НА РЕГИОНАЛНАТА СОРАБОТКА ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

47 НОВАТА ЕНЕРГИЈА ВО БЕРЛИНСКИОТ ПРОЦЕС

ВАНЧО УЗУНОВ
МАРИЈА ФИЛЕВА

55 ШТО НОСИ БЕРЛИНСКИОТ ПРОЦЕС ЗА ТРГОВИЈАТА?

BERLIN PROCESS: WHAT IS IT THERE FOR TRADE?

ЗДРАВКО ИЛИЌ

68 ИНТЕРВЈУ

СОЦИЈАЛНО ПРАВИЧНА ТРАНСФОРМАЦИЈА ЗА САМООДРЖЛИВА ЕВРОПА

69 СО МЕЃУСЕБНА СОРАБОТКА ДО ПРАВИЧНА ЕНЕРГЕТСКА ТРАНЗИЦИЈА

МАРТИН ШУЛЦ

75 ЗАШТИТАТА НА ПРИРОДАТА Е ТЕМА ШТО ОБЕДИНУВА

ВИСАР ИМЕРИ

79 ЖЕШТИНАТА Е ТИВОК ПРОБЛЕМ КОЈ УБИВА!

ЈУТЕ ГУТЕЛЕНД

84 ЗАПАДЕН БАЛКАН И ПРЕСПЕКТИВИТЕ ЗА ЧЛЕНСТВО ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

АНЕТА ТРПЕВСКА

96 ЗАЕДНИЧКИ РЕГИОНАЛЕН ПАЗАР – ПЕРСПЕКТИВИ И ПРЕДИЗВИЦИ ЗА СЛОБОДНОТО ДВИЖЕЊЕ НА СТОКИ

ЗЛАТКО ВЕТЕРОВСКИ

111 КОНЦЕПТОТ СТРАТЕГИЈА ЗА ПАМЕТНА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА (С3) КАКО НОВА ИНОВАТИВНА ПОЛИТИКА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

ЈАСМИНА МАЈСТОРОСКА

129 БЕРЛИНСКИОТ ПРОЦЕС КАКО АЛАТКА ЗА РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА: СЛУЧАЈОТ НА КАНЦЕЛАРИЈАТА ЗА МЛАДИНСКА СОРАБОТКА

BERLIN PROCESS AS A TOOL OF REGIONAL COOPERATION: THE CASE OF THE REGIONAL YOUTH COOPERATION OFFICE

ДЕНИС ПИПЛАШ

146 ПОДЕМ НА ЗЕЛЕНАТА АГЕНДА И ЕНЕРГЕТСКАТА БЕЗБЕДНОСТ ВО МАКЕДОНИЈА

АНДРЕА МЛАДЕНОВСКА



# REBOOTING REGIONAL COOPERATION IN CHALLENGING TIMES

MAJLINDA BREGU

**IN A REGION LIKE OURS - VERY VULNERABLE TO CRISIS - LET ALONE TO THE CRISIS OF THIS AMPLITUDE, NONE OF US HAD THE LUXURY OF LOSING ANY SINGLE DAY. WE HAD TO GO ABOVE AND BEYOND THE CALL OF DUTY AND SWIFTLY SEEK SOLUTIONS NOT ONLY TO ADAPT OUR WORK AS THE EVOLVING EMERGENCY UNFOLDED, BUT MOST OF ALL TO SEEK TRANSFORMATIVE SOLUTIONS THAT WILL SHORTEN THE TIME FOR RECOVERY AND REKINDLE NEW SOURCES OF SUSTAINABLE GROWTH FOR THE FUTURE. THIS IS HOW THE REGIONAL COOPERATION COUNCIL (RCC) TOGETHER WITH THE TRANSPORT COMMUNITY TREATY SECRETARIAT, CEFTA, EUROPEAN COMMISSION AND GOVERNMENTS OF THE WESTERN BALKANS ECONOMIES INITIATED, DURING THE LOCKDOWN, THE GREEN LANES THAT ENABLED SMOOTH FLOW OF GOODS AND MEDICINES IN THE REGION. IT WAS BECAUSE OF THIS INITIATIVE THAT THE CITIZENS DID NOT EXPERIENCE SHORTAGES, AND BUSINESSES SAVED MONEY ON REDUCED WAITING TIMES ON BORDERS**

Much as the establishment of the EU single market which marked a historic milestone and one of Europe's greatest success stories, the Common Regional Market (CRM) has the potential of a transformative tool in increasing the attractiveness and competitiveness of the Western Balkans (WB) region. It represents a great example of inclusive regional cooperation, firmly anchored in European Union recovery efforts, aimed at eliminating obstacles to the free movement of goods, services and people and at diversifying supplies that generate jobs and economic benefits across the region.

The Common Regional Market agenda is based on the EU four freedoms and enriched with trade, digital, investment, innovation and industry areas, able to generate new opportunities for our citizens and business communities and to tackle the mid- and long-term effects of the pandemic. It also constitutes a crucial element for the success of the Economic and Investment Plan for the Western Balkans and the Berlin Process.

As the famous saying goes, 'Rome wasn't built in one day', and building a single market is easier said than done. It took the European Union 35 years to build one single market. Likewise, the Common Regional Market is not going to be built in a short time, but we are proud that we laid the foundations for a regional market of approximately 18 million people that has no barriers to travel, study or work. Today, two years after it was endorsed by the leaders of the region at the Western Balkans Sofia Summit, we can proudly present the tangible results that all-inclusive regional cooperation and Common Regional Market bring to the benefit of our citizens and businesses.

### It all started with the pandemic

We hardly need the benefit of hindsight to understand the context in which the initial steps towards Common Regional Market took place. It all started at the time we had embarked on a journey that none of us chose: the COVID-19 pandemic, challenges and huge insecurities it brought for our health but also the unprecedented consequences that could dampen investment and economic growth for many years. By no surprise, COVID-19 pandemic magnified the fragilities and challenges of our health services and put the whole health sector under strenuous pressure. On top of the lack of medical protection kits, equipment, and protocols of recovery, we faced the shortage of doctors and nurses in our economies.

In a region like ours - very vulnerable to crisis - let alone to the crisis of this amplitude, none of us had the luxury of losing any single day. We had to go above and beyond the call of duty and swiftly seek solutions not only to adapt our work as the evolving emergency unfolded, but most of all to seek transformative solutions that will shorten the time for recovery and rekindle new sources of sustainable growth for the future. This is how the Regional Cooperation Council (RCC) together with the Transport Community Treaty Secretariat, CEFTA, European Commission and governments of the Western Balkans economies initiated, during the lockdown, the green lanes that enabled smooth flow of goods and medicines in the region. It was because of this initiative that the citizens did not experience shortages, and businesses saved money on reduced waiting times on borders. This crunch moment of the region coming together also opened the door to the second phase, namely establishing a similar regime with the European Union.

Besides the arduous challenge of COVID-19, Western Balkans region has been for many years faced with many multifaceted challenges – systemic depopulation and brain drain being among the major ones. Two of the top three world's biggest Diasporas are from the Western Balkans economies. The estimated economic costs of emigration in our region vary from EUR 840 million to EUR 2.46 billion in terms of annual education costs, while the region's overall population has shrunk by almost 1 million during the last decade – from 18.4 million in 2011 to 17.5 million in 2020. Without swift action and appropriate responses that can disrupt such a pace, continued emigration will cost the region's economies 3 billion EUR of yearly GDP growth.

From the point of view of regional processes taking place at that time, the Multi-annual Action Plan for a Regional Economic Area (MAP REA) was in its final stage of implementation. The region had benefited from this regional frame, with the success stories of the Regional Roaming Agreement and Regional Investment Reform Agenda, and was ready for an upgrade. It was time to build on these success stories but also on the lessons learned and move the region forward. Common Regional Market was that way – a way forward towards deeper economic integration and socio-economic recovery of the region.

## Moving forward only through cooperation

Regional cooperation is not a self-standing process and it cannot be successful if not accompanied by continuous dialogue and active participation. As any other cooperative process, it needs determination to respond collectively and resolutely to joint challenges and a clear vision on how to transform challenges into opportunities for growth.

This was the context in which the 2020 Berlin Process Sofia Summit took place at the end of a year of enormous challenges. We were aware that the road to recovery would be long and difficult, but at the same time convinced that regional cooperation would be the key component in pushing the process forward in a sustainable manner. As a result, the leaders of the Western Balkans had agreed to enhance economic cooperation in the region by developing the Common Regional Market, and its Action Plan.

Since its inception, the Action Plan for creation of the Common Regional Market in the Western Balkans is increasingly becoming more tangible for our citizens, thanks to an enormous cooperative work.

**SINCE ITS INCEPTION, THE ACTION PLAN FOR CREATION OF THE COMMON REGIONAL MARKET IN THE WESTERN BALKANS IS INCREASINGLY BECOMING MORE TANGIBLE FOR OUR CITIZENS, THANKS TO AN ENORMOUS COOPERATIVE WORK. HUNDREDS OF TRUCKS USING GREEN LANES TO DELIVER THE MUCH-NEEDED FOOD AND MEDICINES AND HUNDREDS OF PERCENT OF ROAMING TRAFFIC INCREASE DUE TO THE ABOLISHED ROAMING FEES IN THE WB WILL NOW ALSO INCLUDE: ENRICHED REGIONAL MOBILE LABOUR POOL, NEW PROFESSIONAL AND ACADEMIC OPPORTUNITIES, ELIMINATED COSTS OF LENGTHY, EXPENSIVE AND ADMINISTRATIVE BURDENSOME RECOGNITION PROCESSES, AND CUT ON ROAMING COSTS FOR TRAVELLERS WITHIN THE REGION, BUT ALSO FROM THE REGION TO THE EU AND VICE VERSA**

Hundreds of trucks using green lanes to deliver the much-needed food and medicines and hundreds of percent of roaming traffic increase due to the abolished roaming fees in the WB will now also include: enriched regional mobile labour pool, new professional and academic opportunities, eliminated costs of lengthy, expensive and administrative burdensome recognition processes, and cut on roaming costs for travellers within the region, but also from the region to the EU and vice versa.

While success is visible, struggles are not! It hasn’t been an easy ride, but the region has yet again delivered and granted to the citizens a key milestone towards fully unlocking the economic potential of the Common Regional Market. Once again we are reminded that success is no accident, rather the cumulative effort of technical perseverance and political commitment prevailing over the political sensitivities. Resolving the impasse and agreeing on three mobility agreements is a distinctive sign of political maturity that lives up to the expectation of 76% of Western Balkans citizens believing that regional cooperation can contribute to better political, economic or security situation in their economy.

The past two years were marked by meticulous hard work, intensive negotiations and consultations with the region’s governments, backed by the European Commission, in order to reach the consensual versions of three RCC-coordinated mobility agreements envisaged under the Common Regional Market, which have been signed, with strong support of German Government, by the Western Balkans leaders at the Berlin Summit this November. These three very important agreements, on Freedom of Movement with Identity Cards within the Western Balkans, on Recognition of Higher Education Qualifications, and on Recognition of Professional Qualifications for Doctors of Medicine, Dentists

and Architects, will enable intra-Western Balkans mobility, which is the cornerstone of the Common Regional Market.

Some may argue that this may cause that most skilled professionals will be attracted to the economies of the region with higher and better job opportunities. However, as the experience of EU has shown, the freedom of movement also highly favours what is known as brain regain, and brain circulation, in terms of circulation of skills and labour force, thus allowing that mobility of high-skilled professionals is best managed to their benefit but also to that of the respective economies.

By making travel, work and education easier and less costly, the implementation of the three mobility agreements will very soon bring their positive economic, social and cultural benefits to our region. In view of that, the Agreement on Freedom of Movement with ID Cards, which waivers all existing visa regimes in the Western Balkans, is expected to significantly promote travel by reducing time and financial costs, and consequently enable strengthened people-to-people relations and cultural exchanges in the region.

The impact of mobility agreements will be especially substantial for our young people, which constitute 21% of our society. Our region suffers from high youth unemployment rate (33.1%), which is estimated to double the EU rate, and even higher rates (67%) of youth considering leaving the region and working abroad. Last year, there have been around 8000 requests for academic qualification recognitions in the region, each costing from 300 to 500 Euro and taking several months to conclude. With the entrance into force of the Agreement on Recognition of Higher Education Qualifications they will have to pay 0 Euro and finish all procedures in 14 days.

**TWO OF THE TOP THREE WORLD'S BIGGEST DIASPORAS ARE FROM THE WESTERN BALKANS ECONOMIES. THE ESTIMATED ECONOMIC COSTS OF EMIGRATION IN OUR REGION VARY FROM EUR 840 MILLION TO EUR 2.46 BILLION IN TERMS OF ANNUAL EDUCATION COSTS, WHILE THE REGION'S OVERALL POPULATION HAS SHRUNK BY ALMOST 1 MILLION DURING THE LAST DECADE – FROM 18.4 MILLION IN 2011 TO 17.5 MILLION IN 2020. WITHOUT SWIFT ACTION AND APPROPRIATE RESPONSES THAT CAN DISRUPT SUCH A PACE, CONTINUED EMIGRATION WILL COST THE REGION'S ECONOMIES 3 BILLION EUR OF YEARLY GDP GROWTH**

Recognition of Professional Qualifications will contribute to one of the most critical sectors - public healthcare which is affected by a huge number of young doctors and nurses leaving the

region. For the first time now, doctors and dentists, but also architects from the Western Balkans can have their qualifications recognised and work in any of the WB economies.

These are powerful reasons for this ninth edition of the Berlin Summit to be considered among the most impactful and inspiring ones since the beginning of this process. In these challenging times, it marked a significant turning point towards fully embracing the opportunities offered by genuine regional cooperation. It was the live demonstration that the Berlin Process is back, it is irreplaceable and it will continue to act as a strong catalyst for regional integration! From the start, this process has proved to be a visionary and pioneering one. It has also been instrumental in delivering on the connectivity, youth, green, common regional market, Roma integration, security, and various other agendas in our region. And we take pride in the fact that Regional Cooperation Council has had an important role in many of its deliverables.

**Embracing the uncertainty of the future!**

Yet again, while working tirelessly towards post-pandemic economic recovery the global politics and security have been heavily shaken by the unjust war in Ukraine, which also darkened the prospects of swift economic recovery. The war in Ukraine poses a risk for 66% of WB citizens, according to the yet unpublished data of our annual public opinion survey, Balkan Barometer. But, we cannot predict the future, we can only prepare for it…and this is what we intend to do, as 83% of WB citizens believe that the regional cooperation can contribute to better economic resilience of the region's economies in responding to negative consequences of the war in Ukraine.

Regional and multilateral cooperation and solidarity should come at the fore in times of crisis. The Common Regional Market agenda is critical to achieve post-pandemic recovery and economic resilience of the region, particularly in the context of current global uncertainties and security threats. However, regional cooperation and the steps towards the establishment of Common Regional Market reach their full potential only if in parallel followed by an accelerated integration in and phasing-in of the EU's Single Market policies.

If there have ever been doubts about the effects of enlargement policy on European security, now it is clearer than ever that a credible and predictable European integration process of the entire Western Balkans,

especially at this historic moment, is the only way ahead for standing up to the challenges we are facing. This challenged geopolitical landscape should put an end to the 'business as usual' in the enlargement process. In this respect, the start of accession talks with Albania and North Macedonia and granting the candidate status to Bosnia and Herzegovina are clear positive signs of a reinvigorated enlargement process.

Security challenges we collectively share, re-validated by the war in Ukraine, remind us that European integration of Western Balkans is a geostrategic investment not only for the stability and security of this region but for the whole of Europe. Therefore, gradual integration in the vital sectors that will help the Western Balkans build resilience and energy independence should continue with a faster pace.

**THE FIRST QUESTION WE WERE ASKED AFTER THE ROAM LIKE AT HOME HAS COME TO ACTION IN OUR REGION IN JULY 2021 WAS WHEN THE ROAMING PRICES WITH THE EU WILL BE LOWERED. AND THAT IS THE FIRST THING THE RCC HAS STARTED WORKING ON AFTER THAT 1 JULY. SO, WE'RE HAPPY TO SAY THAT 'WHEN' HAS ARRIVED. THE ROAMING PRICES BETWEEN THE WESTERN BALKANS AND THE EUROPEAN UNION ARE GOING DOWN WITH THE LEAVES NEXT FALL AS TELECOMMUNICATIONS OPERATORS FROM THE EUROPEAN UNION AND THE WESTERN BALKANS SIGNED A ROAMING DECLARATION AT THE EU-WB SUMMIT HELD ON 6 DECEMBER 2023 IN TIRANA, ENABLING THE REDUCTION OF ROAMING CHARGES BETWEEN THE EU AND WB AS OF 1 OCTOBER 2023. BUT THIS IS JUST THE START OF THE PROCESS UNTIL THE FINAL OBJECTIVE OF EU-WB ROAMING PRICES AT THE LEVEL NEARING DOMESTIC ONES IS ATTAINED**

As unprecedented security challenges are unfolding in front of us, European integration and the Berlin Process remain the best opportunities to strengthen our determination and collective responses to the immense challenges coming from a variety of sources. In these disconcerting times, we need more integration measures in energy, migration, cyber-resilience, and disinformation. It is therefore very important to keep security cooperation closely linked to other activities under the umbrella of the Berlin Process.

We are happy to see the EU-WB Summit came to the region for the first time, namely to Tirana, thus marking a redefined and increased sense of regional ownership and commitment. In the meantime, we are hard at work towards other important commitments within the Common Regional Market but also Green Agenda for the Western Balkans and South East Europe 2030 Strategy.

**Something's brewing...**

> **IF THERE HAVE EVER BEEN DOUBTS ABOUT THE EFFECTS OF ENLARGEMENT POLICY ON EUROPEAN SECURITY, NOW IT IS CLEARER THAN EVER THAT A CREDIBLE AND PREDICTABLE EUROPEAN INTEGRATION PROCESS OF THE ENTIRE WESTERN BALKANS, ESPECIALLY AT THIS HISTORIC MOMENT, IS THE ONLY WAY AHEAD FOR STANDING UP TO THE CHALLENGES WE ARE FACING. THIS CHALLENGED GEOPOLITICAL LANDSCAPE SHOULD PUT AN END TO THE 'BUSINESS AS USUAL' IN THE ENLARGEMENT PROCESS. IN THIS RESPECT, THE START OF ACCESSION TALKS WITH ALBANIA AND NORTH MACEDONIA AND THE RECOMMENDATION TO GRANT THE CANDIDATE STATUS TO BOSNIA AND HERZEGOVINA ARE CLEAR POSITIVE SIGNS OF A REINVIGORATED ENLARGEMENT PROCESS. THEREFORE, GRADUAL INTEGRATION IN THE VITAL SECTORS THAT WILL HELP THE WESTERN BALKANS BUILD RESILIENCE AND ENERGY INDEPENDENCE SHOULD CONTINUE WITH A FASTER PACE**

Introduction of Roam Like at Home regime provided tangible benefits to our citizens. According to the statistics from the draft roaming data report, the number of roaming users in the Western Balkans increased by 100%. When comparing the second half of 2021 to the first half of the same year, a number of minutes made in outgoing voice calls increased up to 237%, while incoming voice calls increased up to 173%. At the same time, volume of data traffic increased up to 459%. The traffic made by the users from North Macedonia while roaming in the region in the second half of 2021 compared to the first half of 2021 is: outgoing voice calls (number of minutes): 195% increase; incoming voice calls (number of minutes): 151% increase; volume of data traffic (MB): 294% increase. The first question we were asked after the Roam Like at Home has come to action in our region in July 2021 was when the roaming prices with the EU will be lowered. And that is the first thing the RCC has started working on after that 1 July. So, we're happy to say that 'when' has arrived. The roaming prices between the Western Balkans and the European Union are going down with the leaves next fall as telecommunications operators from the European Union and the Western Balkans signed a Roaming Declaration at the EU-WB Summit held on 6 December 2023 in Tirana, enabling the reduction of roaming charges between the EU and WB as of 1 October 2023.  But this is just the start of the process until the final objective of EU-WB roaming prices at the level nearing domestic ones is attained.

We are also working on extending the professions benefiting from the recognition of professional qualifications, enabling provision of

services/work within Western Balkans for nurses, midwives, pharmacists and veterinary surgeons. Furthermore, the work on the Agreement on Access to Study in Higher Education is ongoing, enabling equal status of students and academic staff throughout the Western Balkans and same fees for students.

Agreement on Freedom of Movement of Third Party Citizens within Western Balkans is another agreement in the pipeline intended to establish common regional rules during the tourist season to enable greater mobility of tourists within the region. This agreement will have significant impact on mitigating the effects of COVID-19 pandemic, especially for those economies that are heavily dependent on tourism.

Regional Cooperation Council continues to stand ready to assist the region's development, its European perspective and enhanced security cooperation, but we cannot play this role without political will and stamina of local politicians to stand by the promises. We stand ready to contribute to the operability of the Process in between Summits as well, so that the commitments are translated and followed through into operational work in a clear, structured and coherent way.

*(Majlinda Bregu is a Secretary General of Regional Cooperation Council, since 1 January 2019.She graduated from Faculty of Social Sciences, University of Tirana and obtained Master's degree in Social and Political Science from the same university. In 2005 she was awarded PhD in Sociology from University of Urbino, Italy. In 1996, Mrs. Bregu started her academic career as lecturer, while collaborating as anchor in News Department at Albanian Public Television. She was Member of Parliament of Albania (2005-2017), Minister of European Integration, National IPA Coordinator and Government Spokesperson (2007-2013).)*

# РЕСТАРТИРАЊЕ НА РЕГИОНАЛНАТА СОРАБОТКА ВО ВРЕМЕ НА ПРЕДИЗВИЦИ

МАЈЛИНДА БРЕГУ

**ВО РЕГИОН КАКО НАШИОТ, РЕДОВНО ПОГОДЕН ОД КРИЗИ, ЗА ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈАТА НИКОЈ ОД НАС ГО НЕМАШЕ ЛУКСУЗОТ ДА ИЗГУБИ НИТУ ЕДЕН ДЕН. МОРАВМЕ ДА НАПРАВИМЕ МНОГУ ПОВЕЌЕ, БРЗО ДА БАРАМЕ РЕШЕНИЈА, НЕ САМО ДА СЕ ПРИЛАГОДУВАМЕ НА РАЗВОЈОТ НА ВОНРЕДНАТА СОСТОЈБА, ТУКУ, ПРЕД СÈ, ДА БАРАМЕ ТРАНСФОРМАТИВНИ РЕШЕНИЈА ШТО ЌЕ ГО СКРАТАТ ПЕРИОДОТ НА ЗАКРЕПНУВАЊЕ И ЌЕ ПОТТИКНАТ НОВИ ИЗВОРИ НА ОДРЖЛИВ РАСТ ВО ИДНИНА. НА ВАКОВ НАЧИН: РЕГИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА СОРАБОТКА (РСС), ЗАЕДНО СО СЕКРЕТАРИЈАТОТ НА ДОГОВОРОТ ЗА ТРАНСПОРТНАТА ЗАЕДНИЦА, ЦЕФТА, ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА И ВЛАДИТЕ НА ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН, ГИ ВОСПОСТАВИЈА ЗЕЛЕНИТЕ КОРИДОРИ, ОВОЗМОЖУВАЈЌИ НЕПРЕЧЕН ПРОТОК НА СТОКИ И ЛЕКОВИ ВО РЕГИОНОТ, ВО ВРЕМЕТО НА КАРАНТИНОТ. ТОКМУ ПОРАДИ ОВАА ИНИЦИЈАТИВА ГРАЃАНИТЕ НЕ СЕ СООЧИЈА СО НЕДОСТИГ, А БИЗНИСИТЕ ЗАШТЕДИЈА ПОРАДИ НАМАЛЕНОТО ВРЕМЕ НА ЧЕКАЊЕ НА ГРАНИЦИТЕ**

Слично како што воспоставувањето на Единствениот пазар на Европската Унија, кој означи историска пресвртница и една од најголемите успешни приказни на Европа, Заедничкиот регионален пазар (CRM) има потенцијал да биде трансформативна алатка за зголемување на атрактивноста и конкурентноста на регионот на Западен Балкан (ЗБ). Претставува одличен пример за инклузивна регионална соработка, цврсто укотвена во напорите за закрепнување на Европската Унија, насочена кон елиминирање на пречките за слободно движење на: стоките, услугите и луѓето, но и кон диверзификација на набавките што генерираат работни места и економски придобивки ширум целиот регион.

Агендата за Заедничкиот регионален пазар се заснова на четирите слободи на ЕУ и е збогатена со: трговски, дигитални, инвестициски, иновациски и индустриски аспекти, со потенцијал да генерираат нови можности за нашите граѓани и деловни

заедници да се справат со среднорочните и долгорочните ефекти од пандемијата. Заедничкиот пазар претставува и клучен елемент за успех на Економскиот и инвестицискиот план за Западен Балкан и Берлинскиот процес.

Како што се вели во познатата изрека – „Рим не бил изграден за еден ден", и изградбата на единствениот пазар е полесна во теоријата, отколку во праксата. На Европската Унија ѝ беа потребни 35 години за да го изгради единствениот пазар. Слично на тоа, ниту Заедничкиот регионален пазар нема да се изгради за краток период, но горди сме што ги поставивме темелите за регионален пазар со приближно 18 милиони луѓе, во кој нема пречки за: патување, студирање или работа. Денес, две години откако беше поддржан од лидерите од регионот, на Самитот за Западен Балкан во Софија, можеме гордо да ги претставиме материјализираните резултати што сеопфатната регионална соработка и Заедничкиот регионален пазар ги донесоа во полза на нашите граѓани и бизниси.

### Почетокот го наметна корона пандемијата

Реално нè ни треба голема временска дистанца за ретроспективно да го разбереме контекстот во кој се случија почетните чекори кон Заедничкиот регионален пазар. Сè започна во времето кога се имавме впуштено во едно патување коешто никој од нас не го избра: пандемијата со Ковид-19, предизвиците и огромната неизвесност што ја донесе за нашето здравје, но и претходно невидените последици што можеа да ги попречат инвестициите и економскиот раст за многу години. Не би требало да изненадува тоа што пандемијата ја влоши слабоста и предизвиците со коишто се соочуваа нашите здравствени системи, ставајќи го целиот здравствен сектор под силен притисок. Освен недостигот од комплети за медицинска заштита, опрема и протоколи за закрепнување, се соочивме и со недостиг од лекари и медицински сестри во нашите економии.

Во регион како нашиот, редовно погоден од кризи, во криза од вакви размери никој од нас го немаше луксузот да изгуби ниту еден ден. Моравме да направиме многу повеќе од тоа што ни е зацртано како службена должност, брзо да бараме решенија не само за да ја прилагодиме нашата работа сразмерно со развојот на вонредната состојба, туку, пред сè, да бараме трансформативни решенија

што ќе го скратат периодот на закрепнување и ќе поттикнат нови извори на одржлив раст во иднина. На ваков начин: Регионалниот совет за соработка (РСС) заедно со Секретаријатот на Договорот за транспортната заедница, ЦЕФТА, Европската комисија и владите на земјите од Западен Балкан, ги воспоставија зелените коридори, овозможувајќи непречен проток на стоки и лекови во регионот, во времето на карантинот. Токму поради оваа иницијатива граѓаните не се соочија со недостиг, а бизнисите заштедија поради намаленото време на чекање на границите. Овој критичен момент на здружувањето на регионот, во исто време ја отвори и вратата за втората фаза, за воспоставување сличен режим со Европската Унија.

**ОД СВОЈОТ ЗАЧЕТОК, АКЦИСКИОТ ПЛАН ЗА СОЗДАВАЊЕ ЗАЕДНИЧКИ РЕГИОНАЛЕН ПАЗАР ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН СТАНУВА СЀ ПООПИПЛИВ ЗА НАШИТЕ ГРАЃАНИ, БЛАГОДАРЕНИЕ НА ОГРОМНАТА ЗАЕДНИЧКА РАБОТА. СТОТИЦИТЕ КАМИОНИ ШТО ГИ КОРИСТАТ ЗЕЛЕНИТЕ КОРИДОРИ ЗА ДОСТАВА НА НЕОПХОДНАТА ХРАНА И ЛЕКОВИ И ЗГОЛЕМУВАЊЕТО НА СООБРАЌАЈОТ ВО РОАМИНГ ЗА СТОТИЦИ ПРОЦЕНТИ, ПО УКИНАТИТЕ ТАРИФИ ЗА РОАМИНГ ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН, СЕГА ЌЕ СЕ НАДОПОЛНАТ СО: ЗБОГАТЕН РЕГИОНАЛЕН МОБИЛЕН ПАЗАР НА РАБОТНА СИЛА, НОВИ ПРОФЕСИОНАЛНИ И АКАДЕМСКИ МОЖНОСТИ, ЕЛИМИНИРАНИ ТРОШОЦИ ЗА ДОЛГОТРАЈНИ, СКАПИ И АДМИНИСТРАТИВНО МАКОТРПНИ ПРОЦЕСИ ЗА ПРИЗНАВАЊЕ/ НОСТРИФИКАЦИЈА И НАМАЛУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА РОАМИНГ ЗА ПАТНИЦИТЕ ВО РЕГИОНОТ, НО И ОД РЕГИОНОТ ДО ЕУ, И ОБРАТНО**

Покрај тегобниот предизвик од Ковид-19, регионот на Западен Балкан долги години се соочува со многубројни повеќеслојни предизвици од кои главни се системското осипување на населението (депопулацијата) и „одливот на мозоци“. Две од првите три најголеми дијаспори во светот се од економиите на Западен Балкан. Проценката за економски трошоци предизвикани од емиграцијата во нашиот регион се движи од 840 милиони евра, до 2,46 милијарди евра, сметајќи ги годишните трошоци за образование. Само во последната деценија вкупното население во регионот е намалено за речиси 1 милион – од 18,4 милиони во 2011 година, на 17,5 милиони во 2020 година. Без брзо преземање чекори и соодветни одговори што можат да го сменат воспоставеното темпо, континуираната емиграција ќе ги чини економиите во регионот околу 3 милијарди евра од годишниот раст на БДП.

Од гледна точка на регионалните процеси што се случуваа во тоа

време, Повеќегодишниот акциски план за регионална економска област (ПАП РЕО, анг. MAP REA) беше во последната фаза на спроведување. Оваа регионална рамка беше придобивка, со успешните приказни како Договорот за регионален роаминг и Регионалната агенда за реформи во инвестициите, а планот беше подготвен и за надградба. Време беше да се надградат овие успешни приказни, но и да се применат научените лекции, а Западен Балкан да се придвижи напред. Заедничкиот регионален пазар, во таа насока, беше исчекор кон подлабока економска интеграција и социо-економско закрепнување на регионот.

### Одење напред само преку соработка

Регионалната соработка не е самостоен процес и не може да биде успешна доколку не е придружена со континуиран дијалог и активно учество. Како и секој друг процес на соработка, потребна е подготвеност, колективно и решително да одговори на заедничките предизвици и јасна визија за тоа како тие да се трансформираат во можности за раст.

Во овој контекст се одржа Самитот на Берлинскиот процес во Софија, на крајот на 2020 година, што постави нови, огромни предизвици. Бевме свесни дека патот до закрепнувањето ќе биде долготраен и макотрпен, но во исто време убедени дека регионалната соработка ќе биде клучната компонента за унапредување на процесот на одржлив начин. Како резултат на тоа, лидерите на Западен Балкан се согласија да ја зајакнат економската соработка во регионот преку развивање на Заедничкиот регионален пазар и придружен Акциски план.

Од својот зачеток, Акцискиот план за создавање Заеднички регионален пазар во Западен Балкан станува сè поопиплив за нашите граѓани, благодарение на огромната заедничка работа. Стотиците камиони што ги користат зелените коридори за достава на неопходната храна и лекови и зголемувањето на сообраќајот во роаминг за стотици проценти поради укинатите тарифи за роаминг во Западен Балкан, сега ќе се надополнат со: збогатен регионален мобилен пазар на работна сила, нови професионални и академски можности, елиминирани трошоци за долготрајни, скапи и административно макотрпни процеси за признавање/нострификација и намалување

на трошоците за роаминг за патниците во регионот, но и од регионот до Европската Унија, и обратно.

Иако успехот е видлив, борбата не е! Изодениот пат не беше лесен, но регионот повторно ги исполни очекувањата и им даде на граѓаните клучна пресвртница кон целосно остварување на економскиот потенцијал на Заедничкиот регионален пазар. Уште еднаш нè потсети дека успехот не е случаен, туку кумулативен напор на техничка истрајност и политичка посветеност кои успеваат да преовладаат над чувствителните политички прашања. Решавањето на ќор-сокакот и согласноста околу трите договори за мобилност е типична одлика на политичка зрелост, што ги исполнува очекувањата на 76 % од граѓаните од Западен Балкан кои сметаат дека регионалната соработка може да придонесе за подобра: политичка, економска и безбедносна ситуација во нивната земја.

Изминатите две години беа обележани со минуциозна напорна работа, интензивни преговори и консултации со владите во регионот, поддржани од Европската комисија, со цел да се дојде до консензуални верзии на трите договори за мобилност, координирани од СРС, а предвидени со Заедничкиот регионален пазар. Тие беа потпишани со силна поддршка од Германската влада и од лидерите на Западен Балкан, за време на Самитот во Берлин, во ноември. Овие три договори се од голема важност за слободата на движење со лични карти во рамките на шесте држави од Западен Балкан, за признавањето на високообразовните квалификации, и за признавањето на професионалните (стручните) квалификации на: докторите по медицина, стоматолозите и архитектите. Тие ќе овозможат мобилност во регионот, што е камен-темелник на Заедничкиот регионален пазар.

Некои, можеби, ќе тврдат дека ова може да предизвика квалификуваните стручни лица уште повеќе да бидат привлечени од економиите во регионот со повисоки и подобри можности за работа. Но, како што ни покажува искуството од ЕУ, слободата на движење, исто така, во голема мера го фаворизира она што е познато како повторен „прилив на мозоци“ и „циркулација на мозоци“, во смисла на циркулација на вештини и работна сила, со што се овозможува најдобро да се управува со мобилноста на висококвалификуваните стручни лица во нивна полза, но и во полза на соодветните економии.

**ДВЕ ОД ПРВИТЕ ТРИ НАЈГОЛЕМИ ДИЈАСПОРИ ВО СВЕТОТ СЕ ОД ЕКОНОМИИТЕ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН. ПРОЦЕНКАТА ЗА ЕКОНОМСКИ ТРОШОЦИ ПРЕДИЗВИКАНИ ОД ЕМИГРАЦИЈАТА ВО НАШИОТ РЕГИОН СЕ ДВИЖИ ОД 840 МИЛИОНИ ЕВРА, ДО 2,46 МИЛИЈАРДИ ЕВРА, СМЕТАЈЌИ ГИ ГОДИШНИТЕ ТРОШОЦИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ. САМО ВО ПОСЛЕДНАТА ДЕЦЕНИЈА, ВКУПНОТО НАСЕЛЕНИЕ ВО РЕГИОНОТ Е НАМАЛЕНО ЗА РЕЧИСИ 1 МИЛИОН – ОД 18,4 МИЛИОНИ ВО 2011 ГОДИНА, НА 17,5 МИЛИОНИ ВО 2020 ГОДИНА. БЕЗ БРЗО ПРЕЗЕМАЊЕ ЧЕКОРИ И СООДВЕТНИ ОДГОВОРИ ШТО МОЖАТ ДА ГО СМЕНАТ ВОСПОСТАВЕНОТО ТЕМПО, КОНТИНУИРАНАТА ЕМИГРАЦИЈА ЌЕ ГИ ЧИНИ ЕКОНОМИИТЕ ВО РЕГИОНОТ ОКОЛУ 3 МИЛИЈАРДИ ЕВРА ОД ГОДИШНИОТ РАСТ НА БДП**

Со олеснување и поевтинување на: патувањето, работата и образованието, спроведувањето на трите договори за мобилност многу брзо ќе ги остварат своите позитивни: економски, социјални и културни придобивки за целиот регион. Со оглед на тоа, Договорот за слобода на движење со лични карти, со кој се укинуваат сите постоечки визни режими на Западен Балкан, се очекува значително да го унапреди патувањето намалувајќи го времето и финансиските трошоци, а со тоа и да овозможи зајакнување на меѓучовечките односи и културната размена во регионот.

Влијанието на договорите за мобилност ќе биде особено значајно за нашите млади, кои сочинуваат 21 % од нашето општество. Нашиот регион страда од висока стапка на невработеност кај младите (33,1 %), што се смета дека е двојно повисока од стапката на ЕУ, и уште повисоки стапки (67 %) на млади кои размислуваат да го напуштат регионот и да работат во странство. Минатата година имаше околу 8.000 барања за нострификација на академски квалификации во регионот. Секоја нострификација од 300 до 500 евра, а за да се спроведе до крај поминуваат и неколку месеци. Со стапувањето во сила на Договорот за признавање на високообразовните квалификации ќе биде потребно да се платат 0 евра, а целата процедура треба да заврши за 14 дена.

Признавањето на професионалните квалификации се очекува да има придонес во еден од најкритичните сектори – јавното здравство, погодено од иселувањето од регионот на огромен број млади лекари и медицински сестри. За првпат на лекарите и стоматолозите, но и на архитектите од Западен Балкан дипломите ќе им се признаваат, така што ќе можат да работат во било која од економиите на Западен Балкан.

Ова се силни причини за деветтото продолжение од Берлинскиот процес, Самитот во Берлин, да се смета за едно од највлијателните и најинспиративните од почетокот на овој проект. Во овие времиња на предизвици, тоа одбележува значајна пресвртница кон целосно прифаќање на можностите што ги нуди вистинската регионална соработка. Претставува јасен доказ дека Берлинскиот процес се врати, дека е незаменлив и дека ќе продолжи да дејствува како силен катализатор за регионална интеграција! Од самиот почеток, овој проект се покажа како визионерски и пионерски. Покрај тоа, играше инструментална улога во реализацијата на агендите за поврзување за: младите, зелените, заедничкиот регионален пазар, интеграцијата на Ромите, безбедноста и многу други агенди во нашиот регион. А, ние се гордееме со фактот дека Советот за регионална соработка имаше важна улога за постигнување многу од резултатите остварени со овој процес.

### Прифаќање на неизвесноста во иднина!

Но, одново, додека неуморно се работи за постпандемиското економско закрепнување, глобалната политика и безбедност беа силно потресени од неправедната војна во Украина, што ги помрачи изгледите за брзо економско закрепнување. Војната во Украина претставува ризик, според 66 % од граѓаните на Западен Балкан – сугерира нашето годишно истражување на јавното мислење – Балкански барометар. Но, не можеме да ја предвидиме иднината, можеме само да се подготвиме за неа... и тоа е она што имаме намера да го направиме, бидејќи 83 % од граѓаните на Западен Балкан сметаат дека регионалната соработка може да придонесе за подобра економска отпорност на земјите во регионот при давање одговор на негативните последици од војната во Украина.

Регионалната и мултилатералната соработка и солидарноста треба да бидат на преден план во време на криза. Во оваа смисла, Агендата на Заедничкиот регионален пазар е од клучно значење за постпандемиско закрепнување, но и за економска отпорност на регионот, особено во контекст на актуелните глобални неизвесности и безбедносни закани. Сепак, регионалната соработка и чекорите кон воспоставување Заеднички регионален пазар го достигнуваат својот целосен потенцијал само доколку се одвиваат паралелно со

забрзана интеграција и постепено вклучување во политиките на Единствениот пазар на ЕУ.

Ако некогаш постоеле сомнежи за ефектите од политиката на проширување врз европската безбедност, сега е појасно од било кога дека кредибилен и предвидлив процес на европска интеграција на целиот Западен Балкан, особено во овој историски момент, е единствениот пат напред за да можеме да се исправиме пред предизвиците со кои се соочуваме. Овој обременет геополитички пејзаж треба да стави крај на ставот „како и обично“ во процесот на проширување. Во овој поглед, почетокот на пристапните преговори со Албанија и Северна Македонија и доделувањето кандидатски статус на Босна и Херцеговина се јасни позитивни знаци за заживување на процесот на проширување.

**АКО НЕКОГАШ ПОСТОЕЛЕ СОМНЕЖИ ЗА ЕФЕКТИТЕ ОД ПОЛИТИКАТА НА ПРОШИРУВАЊЕ ВРЗ ЕВРОПСКАТА БЕЗБЕДНОСТ, СЕГА Е ПОЈАСНО ОД БИЛО КОГА ДЕКА КРЕДИБИЛЕН И ПРЕДВИДЛИВ ПРОЦЕС НА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА НА ЦЕЛИОТ ЗАПАДЕН БАЛКАН, ОСОБЕНО ВО ОВОЈ ИСТОРИСКИ МОМЕНТ, Е ЕДИНСТВЕНИОТ ПАТ НАПРЕД ЗА ДА МОЖЕМЕ ДА СЕ ИСПРАВИМЕ ПРЕД ПРЕДИЗВИЦИТЕ СО КОИ СЕ СООЧУВАМЕ. ОВОЈ ОБРЕМЕНЕТ ГЕОПОЛИТИЧКИ ПЕЈЗАЖ ТРЕБА ДА СТАВИ КРАЈ НА СТАВОТ „КАКО И ОБИЧНО“ ВО ПРОЦЕСОТ НА ПРОШИРУВАЊЕ. ВО ОВОЈ ПОГЛЕД, ПОЧЕТОКОТ НА ПРИСТАПНИТЕ ПРЕГОВОРИ СО АЛБАНИЈА И СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ДОДЕЛУВАЊЕТО КАНДИДАТСКИ СТАТУС НА БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА СЕ ЈАСНИ ПОЗИТИВНИ ЗНАЦИ ЗА ЗАЖИВУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА ПРОШИРУВАЊЕ. ПОСТЕПЕНАТА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ВИТАЛНИТЕ СЕКТОРИ КОИ ЌЕ МУ ПОМОГНАТ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН ДА ИЗГРАДИ ОТПОРНОСТ И ЕНЕРГЕТСКА НЕЗАВИСНОСТ ТРЕБА ДА ПРОДОЛЖИ СО ПОБРЗО ТЕМПО**

Безбедносните предизвици што колективно ги споделуваме, реактуелизирани со војната во Украина, нè потсетуваат дека европската интеграција на Западен Балкан е геостратешка инвестиција не само за стабилноста и безбедноста на овој регион, туку и за цела Европа. Затоа, постепената интеграција во виталните сектори кои ќе му помогнат на Западен Балкан да изгради отпорност и енергетска независност треба да продолжи со побрзо темпо.

Додека пред нас се отвораат претходно невидени безбедносни предизвици, европската интеграција и Берлинскиот процес остануваат најдобри можности за зајакнување на нашата решителност и колективен одговор на огромните предизвици кои доаѓаат од различни извори. Во

вакви вознемирувачки времиња, потребни ни се повеќе мерки за интеграција во: енергетиката, миграциите, кибер-отпорноста и дезинформациите. Затоа е многу важно безбедносната соработка да се одржува тесно поврзана со другите активности под капата на Берлинскиот процес.

Мило ни е што гледаме дека Самитот Европска Унија – Западен Балкан за првпат дојде во регионот, во Тирана, на почетокот од декември. Со тоа се одбележува редефинирано и зголемено чувство на одговорност и посветеност кон процесот на самиот регион. Во меѓувреме, напорно работиме и на други важни заложби во рамките на Заедничкиот регионален пазар, но и на Зелената агенда за Западен Балкан и Стратегијата за Југоисточна Европа 2030 година.

**Нешто се „крчка“...**

Воведувањето на режимот „Роаминг како дома“ донесе опипливи придобивки за нашите граѓани. Според статистиката од Нацрт-извештајот за податоците за роаминг, бројот на корисници на роаминг во Западен Балкан е зголемен за 100 %. Ако се спореди втората половина на 2021 година со првата половина од истата година, бројот на минутите направени за појдовни гласовни повици се зголемил до 237 %, додека кај пристигнатите дојдовни гласовни повици има скок до 173 %. Во истиот период обемот на сообраќај на податоци се зголемил до 459 %. Сообраќајот што го направиле корисниците од Северна Македонија, пак, во роаминг во регионот во втората половина на 2021 година, во однос на првата половина од 2021 година е следниот: појдовни гласовни повици (број на минути) – зголемување од 195 %; дојдовни гласовни повици (број на минути) – зголемување од 151 %; обем на податочен сообраќај (MB) – зголемување од 294 %. Вистинското прашање што го поставивме откако „Роаминг како дома“ (Roam Like at Home) стапи во акција во нашиот регион, во јули 2021 година, беше: кога ќе се намалат цените за роаминг со ЕУ? И тоа е првата работа на која СРС почна да работи по 1 јули. Затоа, мило ни е што можеме да кажеме дека тоа „кога“ е „сега“. Цените на роаминг меѓу Западен Балкан и Европската Унија ќе паднат како суви лисја следната есен, бидејќи телекомуникациските оператори од Европската Унија и од Западен Балкан потпишаа Декларација за роаминг на Самитот Европска Унија – Западен Балкан, одржан на 6 декември 2022 година, во Тирана, со што се

овозможува намалување на тарифите за роаминг помеѓу Европска Унија и Западен Балкан од 1 октомври 2023 година. Но, ова е само почеток на процесот, сѐ додека не се постигне конечната цел за цените за роаминг Европска Унија – Западен Балкан, т.е. ниво што се приближува до домашните цени.

Работиме и на проширување на професиите кои имаат корист од признавањето (нострификацијата) на професионалните квалификации, овозможувајќи работа во регионот на Западен Балкан за: медицински сестри, акушерки, фармацевти и ветеринарни хирурзи. Покрај тоа, работата на Договорот за пристап до студирање во високото образование е во тек, со што ќе се овозможи еднаков статус на студентите и академскиот кадар низ целиот регион, со еднакви давачки за студентите.

Договорот за слобода на движење на граѓаните од трети земји во рамките на Западен Балкан е следен во фаза на планирање, наменет за воспоставување заеднички регионални правила за време на туристичката сезона, со цел да се овозможи поголема мобилност на туристите во регионот. Овој Договор ќе има значително влијание врз ублажувањето на ефектите од ковид пандемијата, особено за оние економии кои се во голема мера зависни од туризмот.

Регионалниот совет за соработка и понатаму останува подготвен да го помага развојот на регионот, неговата европска перспектива и засилената безбедносна соработка. Но, не можеме да ја играме оваа улога без политичка волја и издржливост на локалните политичари и придржување кон нивните ветувања. Подготвени сме да придонесеме за оперативност

**ВИСТИНСКОТО ПРАШАЊЕ ШТО БЕШЕ ПОСТАВЕНО ОТКАКО „РОАМИНГ КАКО ДОМА“ СТАПИ ВО СИЛА ВО РЕГИОНОТ, ВО ЈУЛИ 2021, БЕШЕ: КОГА ЌЕ СЕ НАМАЛАТ ЦЕНИТЕ ЗА РОАМИНГ СО ЕУ? НА ОВА СРС ПОЧНА ДА РАБОТИ ВЕДНАШ. МИЛО НИ Е ДА КАЖЕМЕ ДЕКА ТОА „КОГА“ Е „СЕГА“. ЦЕНИТЕ НА РОАМИНГ МЕЃУ ЗАПАДЕН БАЛКАН И ЕВРОПСКА УНИЈА ЌЕ ПАДНАТ КАКО СУВИ ЛИСЈА СЛЕДНАТА ЕСЕН, БИДЕЈЌИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИТЕ ОПЕРАТОРИ ОД ЕВРОПСКА УНИЈА И ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН ПОТПИШАА ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА РОАМИНГ НА САМИТОТ ШТО СЕ ОДРЖА НА 6 ДЕКЕМВРИ 2022 ГОДИНА, ВО ТИРАНА. СО ТОА СЕ ОВОЗМОЖУВА НАМАЛУВАЊЕ НА ТАРИФИТЕ ЗА РОАМИНГ ПОМЕЃУ ЕВРОПСКА УНИЈА И ЗАПАДЕН БАЛКАН ОД 1 ОКТОМВРИ 2023 ГОДИНА. НО, ОВА Е САМО ПОЧЕТОК НА ПРОЦЕСОТ, СЀ ДОДЕКА НЕ СЕ ПОСТИГНЕ КОНЕЧНАТА ЦЕЛ ЗА РОАМИНГОТ ЕВРОПСКА УНИЈА – ЗАПАДЕН БАЛКАН, Т.Е. НИВО ШТО СЕ ПРИБЛИЖУВА ДО ДОМАШНИТЕ ЦЕНИ**

на Процесот и меѓу самитите, на тој начин што обврските ќе се преточат и спроведат во оперативна работа на: јасен, структуриран и кохерентен начин.

*(Мајлинда Брегу е генерален секретар на Советот за регионална соработка од почетокот на 2019 година. Дипломирала на Факултетот за општествени науки на Универзитетот во Тирана, а магистрирала социјални и политички науки на истиот Универзитет. Во 2005 година го одбранила докторатот по социологија на Универзитетот во Урбино, Италија. Во 1996 година, Брегу ја започнала својата академска кариера како лектор, истовремено работејќи и како презентер во Редакцијата за вести на Албанската државна телевизија. Во периодот 2005-2017 година била пратеничка во Парламентот на Албанија, а во периодот 2007-2013 година ги вршела функциите: министер за европски интеграции, национален координатор за ИПА и владин портпарол.)*



# БЕРЛИНСКИОТ ПРОЦЕС ВНЕСУВА ПОЛИТИЧКА ВОЛЈА ВО РЕГИОНОТ

БУЈАР ОСМАНИ

**ГОДИНАТА 2023 ЌЕ БИДЕ ГОДИНА ВО КОЈА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА КАКО ПРЕТСЕДАВАЧ СО ОБСЕ, ПРЕТСЕДАВАЧ СО ПСЈИЕ И ПРЕТСЕДАВАЧ СО А5, ЌЕ БИДЕ ВО ФОКУСОТ НА РЕГИОНАЛНАТА И МЕЃУНАРОДНАТА ПОЛИТИЧКА СЦЕНА. ОД ЕДНА СТРАНА, ТОА ЌЕ БИДЕ ПРИВИЛЕГИЈА И ОДЛИЧНА ШАНСА ЗЕМЈАТА ДА ГИ ПРОМОВИРА СВОИТЕ КВАЛИТЕТИ И КАПАЦИТЕТИ КАКО РЕЛЕВАНТЕН СУБЈЕКТ ВО МУЛТИЛАТЕРАЛНИТЕ ОДНОСИ. НО, ОД ДРУГА СТРАНА, ЌЕ БИДЕ ПРЕДИЗВИК ЗЕМЈАТА ДА ДЕЛУВА ОД ТАКВИТЕ ВАЖНИ ПОЗИЦИИ ВО, МОЖЕБИ, НАЈТУРБУЛЕНТНАТА И НЕИЗВЕСНА ГОДИНА ЗА ЦЕЛОКУПНАТА ЕВРОПСКА И ЕВРОАТЛАНТСКА ЗАЕДНИЦА. ТОА СИГУРНО НЕМА ДА БИДЕ ЛЕСНА И ЕДНОСТАВНА ЗАДАЧА. НО, НИЕ СМЕ ПОДГОТВЕНИ ДА ГО ПРЕЗЕМЕМЕ СВОЈОТ ДЕЛ ОД ОДГОВОРНОСТА И ЌЕ ВЛОЖИМЕ МАКСИМУМ ДИПЛОМАТСКИ НАПОРИ ДА ЈА ИСКОРИСТИМЕ СЕКОЈА ШАНСА КОЈАШТО ВОДИ ДО КОНСЕНЗУС, ДА ЈА ПРИФАТИМЕ СЕКОЈА ПОЗИТИВНА МОЖНОСТ НА ПАТОТ ДО УСПЕШНИ РЕШЕНИЈА**

Развојот на регионалната соработка преку отворање и воспоставување нови можности за длабоко и долгорочно пријателство со сите соседи и другите земји од нашиот регион претставува константа во највисоките приоритети на надворешната политика во моите два мандата како шеф на дипломатијата на Северна Македонија.

Меѓутоа, морам да кажам дека истовремено тоа е и моја лична инспирација што во изминатите години ме водеше непоколебливо да ги барам, развивам и поддржувам сите нови политички, економски и безбедносни иницијативи коишто можат да придонесат кон вистинска и сеопфатна регионална европска и евроатлантска интеграција.

Затоа сум охрабрен со најновата ревитализација на Берлинскиот процес, на Самитот за Западен Балкан одржан на 3 ноември во Берлин, што го сметам за важен квалитативен чекор којшто води напред во

регионалната соработка. Особено ме радува и тоа што меѓу трите многу важни договори што беа потпишани во Берлин, за признавање на академските и професионалните квалификации, се најде и Договорот за слободно патување со лични карти, што беше иницииран за време на заедничкото претседавање на Северна Македонија и Бугарија со Берлинскиот процес во 2020 година. Овој Договор претставува историски момент за развојот на заедничкиот регионален пазар, што се смета за клучен чекор за идна интеграција во единствениот пазар на ЕУ. Северна Македонија е депозитар на трите потпишани договори и ќе обезбеди брз процес на нивна ратификација.

### Во голема мера агендата е исполнета

Во суштина, сметам дека од денешна перспектива, Берлинскиот процес, како иницијатива што започна во 2014 година, односно во времето на врвот на евроскептицизмот во ЕУ поврзан со идното проширување на ЕУ, во голем дел ја исполни својата цел – ревитализација на мултилатералните врски меѓу земјите од регионот на Западен Балкан и ЕУ и унапредување на регионалната соработка меѓу земјите од Западен Балкан во областа на инфраструктурата и економскиот развој.

Годишните самити на Берлинскиот процес и бројните состаноци ја интензивираа интеракцијата меѓу политичарите на високо ниво на ЕУ и ЗБ (Западен Балкан) и успеаја да ги мапираат темите на дискусија за важните предизвици на државите од ЗБ во однос на регионалната соработка, но и да ги задржат шесте западно-балкански држави (ЗБ6) на агендата на државите и институциите на ЕУ.

Преку условување на инфраструктурните инвестиции со имплементација на „меки мерки", Процесот ги охрабри ЗБ6 да ги обноват законските и регулаторните реформи во согласност со acquis. Во оваа смисла тоа придонесе за нивно приближување кон ЕУ и го задржа трансформативното влијание на Унијата во регионот.

Берлинскиот процес, исто така, ја поттикна регионалната соработка за решавање на проблемите од заедничко значење. Меѓу тематските области се: инфраструктурниот јаз, невработеноста кај младите, ниската конкурентност на економиите и далечните изгледи за економска конвергенција со ЕУ, бавниот напредок во помирувањето, билатералните прашања, образованието и истражувањето,

интеграцијата на Ромите и прашањата за животната средина.

Процесот успеа да ја подобри соработката на владите на ЗБ6 и да иницира нови форми на меѓусебно поврзување а, пред сѐ, успеа да понуди конзистентен формат за сите 6 земји од ЗБ. Примери се: Заедничкиот регионален пазар, Канцеларијата за младинска соработка, Фондот за ЗБ, како и последната иницијатива за културна соработка и други организациски форми кои се во тек.

**ВО ЦЕЛИОТ МОЗАИК НА МОЖНОСТИ, ПРЕДИЗВИЦИ И ПОТРЕБНИ КОНКРЕТНИ АКЦИИ, ГОЛЕМА УЛОГА ИМА НАТАМОШНОТО ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА БЕРЛИНСКИОТ ПРОЦЕС КОЈ, НЕСОМНЕНО, ИНЈЕКТИРА ВАЖНА ПОЛИТИЧКА ВОЛЈА ВО РЕГИОНАЛНАТА СОРАБОТКА И ЗАБРЗУВАЊЕТО НА ПРОШИРУВАЊЕТО НА ЕУ. ВО МОМЕНТОВ Е НАЈВАЖНО ПОТПИШАНИТЕ ДОГОВОРИ, ШТО ЈА ЗАБРЗУВААТ КОНВЕРГЕНЦИЈАТА НА РЕГИОНОТ СО ЕУ, ШТО ПОИТНО ДА БИДАТ СПРОВЕДЕНИ. МЕЃУТОА, ИСТОВРЕМЕНО ДА СЕ ПОСТАВАТ И НОВИ СКАЛИЛА И АМБИЦИЈА ТИЕ ДА СЕ РЕАЛИЗИРААТ ДО ИДНАТА ГОДИНА, КАКО, НА ПРИМЕР, НАМАЛУВАЊЕТО НА ЦЕНИТЕ И КОНЕЧНОТО УКИНУВАЊЕ НА РОАМИНГ-ТРОШОЦИТЕ ПОМЕЃУ ЕУ И ЗБ. БЕРЛИНСКИОТ ПРОЦЕС МОРА ДА ПРОДОЛЖИ НА ВАКОВ НАЧИН СО ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗБ ВО МЕЈНСТРИМ ПОЛИТИКИТЕ НА ЕУ, СО ЦЕЛ ДА СЕ ИСКОРИСТИ ЦЕЛОСНИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА ПОДОБРЕНА И ИНКЛУЗИВНА РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА И ЗАБРЗУВАЊЕ НА ПРИСТАПУВАЊЕТО ВО ЕУ**

Покренатите иницијативи во рамки на Процесот придонесоа и за зголемување на сопственишвото на земјите од ЗБ врз процесите во регионот. Пример за ова беше и копретседавањето на Бугарија и Северна Македонија со БП во 2020 година и Самитот одржан во Софија како прв на кој копретседавачи беа: земја-членка на ЕУ и учеснички во БП и земја од регионот на Западен Балкан. Ова беше и добар пример во насока на зајакнување на добрососедството и културата на дијалог. Среќни сме што овој воспоставен правец, по мала пауза, со Самитот за ревитализација во Берлин ќе продолжи идната година со одржување на самит во Тирана, Албанија.

Токму тука сакам да го истакнам значењето на напорите на Северна Македонија којашто со својата култура на дијалог и способност за постигнување компромиси за билатерални прашања се покажа најдобро и активно се промовираше и придонесе во градењето и зајакнувањето на: стабилноста, добрососедските односи и регионалната соработка во Југоисточна Европа.

Стремежот на Северна Македонија преку: градење мостови, добрососедски односи, негување култура на пријателство, доверба и меѓусебно разбирање, ја разбуди европската надеж за целиот регион и уверен сум дека може да се искористи како пример за надминување на преостанатите отворени прашања на Балканот.

### Преспа Форумот – за сеопфатен регионален дијалог

Во тој дух го создадовме и Преспа Форумот за дијалог, како процес на сеопфатна регионална комуникација, каде што сите земји и народи од регионот, во искрен и отворен манир, ќе ги споделуваат своите: ставови, мислења и искуства.

Заснован врз идејата пресликана во трите важни договори што ја прават Северна Македонија уникатен пример во регионот и пошироко: Охридскиот рамковен договор, Договорот за пријателство, добрососедство и соработка потпишан со Република Бугарија во 2017 година и Преспанскиот договор потпишан со Хеленската Република во 2018 година, наша цел е Преспа Форумот да се приклучи на мапата на признати меѓународни конференции, како автентичен домашен бренд, којшто ги одразува современите модели на решавање на отворените прашања со добра волја и преку дијалог.

Тоа е нашиот негуван заштитен знак и се надеваме дека ќе ги збогатиме нашите заеднички  намери, а ќе помогнеме и во изнаоѓањето ефективни начини за соочување со регионалните предизвици.

Актуелните предизвици со коишто се соочуваме во моментов, пред сѐ како последица на руската инвазија врз Украина, нѐ тераат да се фокусираме на сите можности за одржување на мирот и стабилноста, но и на натамошниот развој на дијалогот и соработката во регионот.

Како членка на НАТО и како земја којашто ги започна преговорите за пристапување во ЕУ, Северна Македонија прави сѐ што е во нејзина моќ да им помогне на Украина и на украинските бегалци од ужасите на војната.

Северна Македонија постигна 100 % усогласеност со декларациите/позициите на ЕУ за прашања од надворешната политика, како и со одлуките на Советот за рестриктивни мерки, вклучително и санкциите на ЕУ против Русија и ја заслужи многу добрата оценка за напредок, во овогодишниот Годишен извештај. Усогласувањето

со ЗНБП на ЕУ е наш стратешки избор, демонстрација на партнерство со ЕУ и придржување до основните вредности и принципи на надворешната политика на ЕУ.

И тука сосема искрено верувам дека најголемите можности можеме да ги најдеме во нашето единство и нашите вредности и затоа сметам дека тоа е она што ќе нѐ придвижи напред кон целосна интеграција на регионот.

## Во 2023 година со товар од војната во Украина

За жал, лесно е да се предвиди дека во новата 2023 година ќе влеземе со товарот од руската воена интервенција во Украина што ќе продолжи да се рефлектира не само во европскиот регион туку и многу пошироко.

Истовремено, 2023 година ќе биде година во која Северна Македонија како: Претседавач со ОБСЕ, Претседавач со ПСЈИЕ и Претседавач со А5, ќе биде на врвот на фокусот на регионалната и меѓународната политичка сцена.

Од една страна тоа ќе биде привилегија и одлична шанса земјата да ги промовира своите квалитети и капацитети како релевантен субјект во мултилатералните односи, но од друга страна, делувањето од таквите важни позиции во, можеби, најтурбулентната и неизвесна година за целокупната европска и евроатлантска заедница, сигурно нема да биде лесна и едноставна задача.

Но, ние сме подготвени да го преземеме својот дел од одговорноста и ќе вложиме максимум дипломатски напори да ја искористиме секоја шанса што води до консензус, да ја прифатиме секоја позитивна можност на патот до успешни решенија.

Покрај процесот, ние ќе бидеме Претседателство со ОБСЕ ориентирано кон целта и кон иднината. Свесни за сите граници на моменталната состојба, на играта во рамките на ОБСЕ, и фокусирајќи се на основниот мандат на нашата организација, будно ќе работиме за да ги поддржуваме нашите вредности и принципи.

Поставувањето основи за намалување на разликите бара политичка волја, проследена со споделена одговорност и одговорност за своите постапки. Ова ја одразува суштината на денешните меѓународни односи и логиката на нашата приврзаност кон мултилатерализмот, а со тоа и кон ОБСЕ.

**КРИЗАТА ТРЕБА ДА БИДЕ УБЕДЛИВА ПРИЧИНА ЗА ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА ДИЈАЛОГОТ И СОРАБОТКАТА ВО РЕГИОНОТ. А, ПРЕКУ ИСКРЕН ДИЈАЛОГ И ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ, ПРЕД СÈ ОТВОРЕНИТЕ ПРАШАЊА МЕЃУ СОСЕДИТЕ КОИШТО НАЈЧЕСТО ЈА ПАРАЛИЗИРААТ ЗАПОЧНАТАТА АКЦИЈА ЗА ЗАЕДНИЧКИ РЕГИОНАЛНИ ЕКОНОМСКИ И СОЦИЈАЛНИ ПРОЕКТИ. МОЈАТА ГЛАВНА ПОРАКА ЗА ИДНИНАТА НА РЕГИОНОТ ЛЕЖИ ВО АПЕЛОТ ЗА ИСТОВРЕМЕНО УВАЖУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ, КАКО НЕДЕЛИВИ, НА СЛЕДНИТЕ ДВА АСПЕКТА: ОД ЕДНА СТРАНА НАШАТА РЕШЕНОСТ ДА ИНВЕСТИРАМЕ ВО ЗАЕДНИЧКИТЕ ВРЕДНОСТИ КАКО ПОСИЛНИ ОД БИЛО КАКВИ ОБИДИ ЗА ДЕМАГОГИЈА, ЛАЖНИ НАРАТИВИ ИЛИ ХИБРИДНИ ЗАКАНИ. И, ОД ДРУГА СТРАНА, НЕИЗБЕЖНОТО ЧЛЕНСТВО ВО ЕУ НА СИТЕ ЗЕМЈИ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН КАКО ЕДИНСТВЕНО РЕШЕНИЕ ЗА ДОЛГОРОЧНА БЕЗБЕДНОСТ И СТАБИЛНОСТ НЕ САМО НА БАЛКАНОТ, ТУКУ И НА ЕВРОПА. ЗАТОА ШТО ЦЕЛОСНО СУМ УБЕДЕН ДЕКА СÈ ДОДЕКА ЕУ ИМА НЕСТАБИЛЕН И ТУРБУЛЕНТЕН РЕГИОН ВО НЕПОСРЕДНОТО СОСЕДСТВО, НЕМА ДА МОЖЕ ДА СЕ СПРАВИ И ДА ГИ РЕШИ КЛУЧНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ, НИТУ, ПАК, ДА ЈА ВОСПОСТАВИ СВОЈАТА ДОЛГОРОЧНА СТРАТЕШКА ПОЗИЦИЈА ВО МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ**

Несомнено е дека на регионот на ОБСЕ, тука се подразбира и Западен Балкан, можеби повеќе од било кога претходно им е потребна широка политичка поддршка и добронамерна соработка за да можат да се достигнат потенцијалите на, до сега, преземените иницијативи.

Истовремено е потребна уште поголема мобилност за јасно дефинирање и поддршка на приоритетите што ќе произлезат по завршување на војната во Украина, што е најголема заложба.

Затоа, во моментов мојот фокус е насочен кон патот што води напред, а тоа, според мене, пред сè, подразбира: прво – отсуство на војна и воинственост; второ – враќање кон посветеност кон нашето acquis и трето – посветеност кон: мирот, дијалогот и соработката.

Освен јасните политички ставови и економските мерки против агресијата, нашето одлучно одбивање на овој вид неприфатливо однесување треба да се потпира врз два дополнителни елементи: прво – да ѝ ги обезбедиме на Украина сите потребни средства и неопходна помош за одбрана на нејзиниот суверенитет и територијален интегритет во меѓународно признатите граници. Како и за справување со исклучително тешките последици од агресијата што остави милиони луѓе во тешка ситуација, како во Украина, така и во странство. Второ – сите ние мора да останеме

будни и да покажеме одвраќање и подготвеност да ја браниме слободна Европа.

**Реализирање на започнатите проекти**

Во целиот овој мозаик на: можности, предизвици и потребни конкретни акции, голема улога гледам во натамошното функционирање на Берлинскиот процес кој, несомнено, инјектира важна политичка волја во регионалната соработка и забрзувањето на проширувањето на ЕУ.

Најважно во моментов е потпишаните договори, што ја забрзуваат конвергенцијата на регионот со ЕУ, што поитно да бидат спроведени. Меѓутоа, истовремено да се поставаат и нови скалила и амбиција тие да се реализираат до идната година, како, на пример, намалувањето на цените и конечното укинување на роаминг-трошоците помеѓу ЕУ и ЗБ. Берлинскиот процес мора да продолжи на ваков начин со вклучување на ЗБ во мејнстрим политиките на ЕУ, со цел да се искористи целосниот потенцијал за подобрена и инклузивна регионална соработка и забрзување на пристапувањето во ЕУ.

Ние сме целосно посветени на регионалната интеграција преку: политички, економски и безбедносни иницијативи и целосно ја поддржуваме поблиската меѓусебна економска интеграција на регионот преку Заедничкиот регионален пазар и Зелената агенда за Западен Балкан.

Затоа, со нетрпение очекувам блиска соработка со нашите пријатели од Албанија кои ќе бидат домаќини на следниот самит на Берлинскиот процес во 2023 година.

Истовремено, гледам и многу простор за синергии со другите регионални напори, како што е иницијативата Отворен Балкан, која е автохтон напор од самиот регион и е целосно комплементарен со јадрото на Берлинскиот процес како главен двигател на регионалната соработка, додека останатите орбитираат и го потпомагаат со своите дополнителни содржини. И покрај тоа што се разновидни по својот состав и содржина, сепак сите тие се стремат: да ги одржат шесте држави од регионот на патеката за усвојување на европското законодавство, интегрирање во Единствениот европски пазар и да ни овозможат поголем економски раст што е клучен предуслов за стабилност и просперитет.

Токму кризата треба да биде убедлива причина за интензивирање на дијалогот и соработката во регионот, а преку искрен дијалог и за надминување на политичките предизвици, пред сè отворените прашања меѓу земјите, кои најчесто ја парализираат започнатата акција на заеднички регионални економски и социјални проекти.

**ЧЛЕНКИТЕ НА ЕУ МОРА ДА ПОКАЖАТ ВИЗИЈА ВО ОДНОС НА ПРОЦЕСОТ НА ПРОШИРУВАЊЕ, БИДЕЈЌИ ДА НЕМАШЕ ПРОШИРУВАЊЕ НА ЕУ ВО МИНАТОТО, УНИЈАТА НИКОГАШ НЕМАШЕ ДА ЕВОЛУИРА ВО ТАКВА РЕСПЕКТАБИЛНА РЕГИОНАЛНА ИНТЕГРАЦИЈА. ОВА Е ОСОБЕНО ВАЖНО ВО СЕГАШНАТА СИТУАЦИЈА ВО КОЈА РУСИЈА, И ДРУГИ ЗЕМЈИ СО СЛИЧНИ НАМЕРИ, СЕ ОБИДУВААТ ДА ГО ЗГОЛЕМАТ СВОЕТО ВЛИЈАНИЕ НА БАЛКАНОТ. НЕРЕШИТЕЛНОСТА НА ЕУ МОЖЕ ДА ИМА СТРАТЕШКИ ПОСЛЕДИЦИ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН, БИДЕЈЌИ ПОСТОЈАТ РЕАЛНИ ЗАКАНИ ДЕКА ЗАРАДИ НЕИЗВЕСНОСТА НА ПРОЦЕСОТ НА ПРОШИРУВАЊЕ НА УНИЈАТА, И ПРИТИСОКОТ ОД ЛОКАЛНАТА ЈАВНОСТ, НЕКОИ БАЛКАНСКИ ДРЖАВИ БИ МОЖЕЛЕ ДА ЈА ИЗМЕНАТ СВОЈАТА ГЕОПОЛИТИЧКА ОРИЕНТАЦИЈА**

Мојата главна порака за иднината на регионот лежи во апелот за истовремено уважување и одржување како неделиви на двата следни аспекти:

- Од една страна, нашата решеност, наспроти сите шанси, да инвестираме во нашите заеднички вредности како посилни од било какви обиди за демагогија, лажни наративи или хибридни закани.
- Од друга страна, неизбежното членство во ЕУ на сите земји од Западен Балкан како единствено решение за долгорочна безбедност и стабилност не само на Балканот туку и на Европа како целина.

Ова е наша долгогодишна заложба и целосно сум убеден дека сè додека ЕУ има нестабилен и турбулентен Западен Балкан, во непосредното соседство, нема да може да се справи и да ги реши клучните прашања и предизвици, ниту, пак, да ја воспостави својата долгорочна стратешка позиција во меѓународните односи и да одговори на предизвиците на глобализацијата.

Членките на ЕУ мора да покажат визија во однос на процесот на проширување, бидејќи да немаше проширување на ЕУ во минатото, Унијата никогаш немаше да еволуира во таква респектабилна регионална интеграција.

Ова е особено важно во сегашната ситуација во која Русија, и други земји со слични намери, се обидуваат да го зголемат своето влијание на Балканот.

Нерешителноста на ЕУ може да има стратешки последици на Западен Балкан, бидејќи постојат реални закани дека заради неизвесноста на процесот на проширување на ЕУ и притисокот од локалната јавност, некои балкански земји би можеле да ја изменат својата геополитичка ориентација.

Со надеж дека во 2023 година заеднички со ЕУ ќе ги искористиме сите можни шанси за брз успех на регионот, јас како Министер за надворешни работи на Северна Македонија и, пред сè, како Претседавач со ОБСЕ, останувам отворен за сите можни решенија коишто ќе нè доведат до таа цел.

*(Бујар Османи е актуелен Министер за надворешни работи на Република Северна Македонија. Дипломирал на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а по специјализацијата за хирургија во Велика Британија, докторските студии ги завршил на својот матичен Универзитет. Во 2008 година беше именуван за Министер за здравство, а во 2017 година за Вицепремиер за европски прашања при Владата на РС Македонија. Од август 2020 година е на актуелната позиција залагајќи се за интензивирање на пристапниот процес за зачленување на земјата во Европската Унија.)*

# ОБНОВЕНИОТ БЕРЛИНСКИ ПРОЦЕС И ИДНИНАТА НА РЕГИОНАЛНАТА СОРАБОТКА ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА




Фондацијата „Фридрих Еберт“, во соработка со Амбасадата на Сојузна Република Германија во Северна Македонија, на 5.12.2022 година, во Скопје, организираше конференција со наслов: „Интензивирана соработка – Обновениот Берлински процес и иднината на регионалната соработка во Југоисточна Европа“. Бројни учесници, министри од земјата и регионот, координатори, советници и претставници на граѓански организации изнесоа различни погледи за забрзување и продлабочување на меѓусебната соработка на шесте држави од Западен Балкан, со цел подготвено да напредуваат по европскиот пат. Беа истакнати досегашните придобивки од Берлинскиот процес на национално и регионално ниво, како чекор што одново ќе го сврти вниманието кон проширувањето на Европската Унија, дополнително актуализирано во услови на војна во Украина, во услови на енергетска криза и потребата регионот да не отстапи од исполнување на Зелената агенда и унапредување на заедничкиот регионален пазар. Во ова издание на „Предизвици“ издвојуваме куси исечоци од обраќањата на дел од учесниците на форумот.

Претседателот на Република Северна Македонија, Стево Пендаровски, потенцираше дека повторното актуализирање на Берлинскиот процес, со нова програма за работа, е одлична вест и дека со учеството на сите шест држави од Западен Балкан се постигнува вистинска инклузија, избегнувајќи ја можноста некоја земја да биде маргинализирана или изолирана од процесот:



*„Берлинскиот процес е заедничка иницијатива на држави-членки на ЕУ и државите од Западен Балкан што е многу значајно во поглед на одговорноста за неговото функционирање, бидејќи врз неговата активност постои мониторинг од аспект на примената на европските стандарди и правила. Најважно е што Берлинскиот процес не е замена за полноправното членство во Европската Унија, туку систем за поддршка и забрзување на интеграцијата, што е стратешка цел на сите шест држави од регионот. Сите овие специфики на процесот, треба да бидат доволен мотив за ЕУ, но пред сѐ, за нас во регионот, да се вложиме целосно во иницијативата и да ја искористиме како ефикасен инструмент на нашиот пат кон полноправно членство во Унијата".*

Специјалниот претставник на Германската влада за Западен Балкан, Мануел Сарацин, истакна дека Западен Балкан има иднина во Европската Унија и треба да се направи сѐ што може за да се сочува тој процес, регионот да биде поблиску до ЕУ со поддршка од Германија:



*„Во последните месеци претседателот Пендаровски и сите во Владата (н.з. на Р.С.Македонија) видоа дека нашиот канцелар, министерот за надворешни работи но и нашито претседател, се навистина посветени на тоа Македонија и Македонците, вашиот идентитет и култура и вашата иднина во Европаската Унија да се еден од нашите приоритети. Ако европската индина на Западен Балкан е во срцето на коалицискиот договор, и тоа коако приорит, тогаш се разбоира дека беше логично канцеларот Шулц да се*

*одлучи за продолжување и заживување на Берлинскиот процес. Ако се сеќавате целта на Берлинскиот процес беше поддршка на Западен Балкан на неговиот европски пат во ситуација кога се чинеше дека веројатно нема да биде така лесно како што се мислеше порано. Идејата беше да се зајакне регионалната соработка за да се видат конкретни резултати, а тоа да се искористи како скалило кон покредибилен процес на европско проширување. И јас мислам, дека оваа година ние токму тоа го испорачавме."*



Претставникот од Регионалната канцеларија за младинска соработка (РИКО), Блажен Малески, рече дека оваа организација во изминатите години покажа дека како резултат на Берлинскиот процес можат да се направат значителни чекори за поинтензивна соработка меѓу младите од земјите на Западниот Балкан:

*„Свесни дека довербата во државните институции е на исклучително ниско ниво, потребно е и инвестирање во квалитетно политичко и граѓанско образование за младите и следните генерации да разберат зошто се важни демократијата и институциите, но и како да учествуваат во политичките процеси. Трансформациите што се нужни и потребни во однос на зачувување на планетата, мора да бидат креирани заедно со младите на маса. Но, и да ги предвидат социо-економските предизвици поврзани со зелената трансформација. Оттаму, исклучително е важно правичноста да има клучна улога во зелената трансформација на нашите општества и држави".*



Директорот на Фондацијата „Фридрих Еберт" (ФЕС) во Северна Македонија, Рене Шлее, изјави дека како претставник на Фондацијата навистина му е мило што Германската влада е обединета во поддршката за Берлинскиот процес, со цел да го заживее. Но, и дека е многу гласна кога станува збор за проширувањето на ЕУ:

*„Кога станува збор за Фондацијата 'Фридрих Еберт' секогаш станува збор како треба да изгледа напредна агенда за прошириу-*

*вање. И оние коишто ги гледаат нашите настани, безбедноста не е политичката агенда за којашто се залага ФЕС. Најчесто, нашата политика е Европската Унија. Нема да го заслужува своето име, како Унија, ако не ги исполнува своите ветувања и ако државите од Западен Балкан, но и останатите држави од Југоисточна Европа, не се вклучат целосно. Тоа е Унија на вредности“.*






Вицепремиерот за европски прашања во Владата на РС Македонија, Бојан Маричиќ, потенцираше дека е клучно политичката волја на Европската Унија за поинаков пристап, подинамичен пристап кон Западен Балкан, да се одрази и преслика во конкретни чекори:

*„Го поздравувам самитот во Тирана. По првпат во регионот се случува таков самит, сите лидери на Европската Унија да дојдат во нашиот регион и да заседаваат негде надвор од ЕУ заедно со државите од Западен Балкан. Тоа е позитивен сигнал сам по себе. Она што е важно е таа политичка волја, со такви чекори, но и со конкретен план за зачленување на државите од Западен Балкан, да ги спојат двете политички волји. Политичката волја за проширување од страна на ЕУ и политичката волја за реформи од страна на државите*

*те од Западен Балкан. Само на тој начин може да се врати вербата на граѓаните и на оние политичари коишто работат за членство во ЕУ дека е тоа реално остварлива цел".*



Потпретседателката на ПЕС и поранешна министерка за одбрана, Радмила Шеќеринска, изјави дека задача на европските лидери е да се борат за ставот дека ЕУ мора да биде поголем и посилен геополитички актер, особено во својата околина:

*„За да може да бидете геополитички актер мора да бидете актер на којшто му се верува или, барем, да му веруваат сојузниците. Затоа, зборот треба да има свое значење. И, во принцип, прашањето што си го поставуваме е дали проширувањето во свет на овие настани може да ги трансформира нашите општества? Дали има сè уште капацитети за трансформација, дали веќе јавноста има доверба? Наш таргет датум мора да биде 2030 година, но во исто време, тој треба да се комуницира со ЕУ. Во исто време треба да зборуваме во еден глас, треба да кажеме дека нема веќе ниту една причина било која земја да биде без кандидатски статус. Прашањето на проширување мора да стане прашање на геополитика, на безбедност, и од страна на ЕУ. Прашањето за билатералните спорови што го блокираат процесот на проширување мора да се пресече од страна на ЕУ. Или треба да се најде начин тие да се елиминираат во процесот, иако изгледа невозможно, ЕУ мора, исто така, да седне на маса. Потсетувањето на фундаменталните права, дека тие се реално клучната карика во процесот на проширување, мора да бидат и наш интерес".*



Директорката за Југоисточна Европа, Турција, ОБСЕ и Советот на Европа во Министерството за надворешни работи на Сојузна Република Германија, Сузана Шутц, оцени дека прашањето на Берлинскиот процес, од политичка амбиција до геостратешка неопходност, е многу важно за Федералната влада и дека се

среќни што е можно да се добие зелено светло за Северна Македонија, заедно со Албанија.

*„Сега е крајно време да се подобри односот меѓу Западен Балкан. ЕУ и земјите од регионот да донесат стратешки одлуки за тоа каде се гледаат како партнери и сојузници, бидејќи сите донесоа одлуки да станат членки на ЕУ, и Србија, да покажат дека сакаат да се зачленат, но не само со зборови, туку и преку акција. Ние сме многу среќни што Северна Македонија почна со скрининг процесот и тој се одвива многу добро. Се надеваме дека Северна Македонија може многу брзо да напредува. Сметаме дека земјава има добра шанса да стане предводник во овој процес, секако доколку има поддршка од сите, од опозицијата и граѓанското општество. Може да сметате на поддршката од оваа Германска влада и ЕУ“.*




Претседателот на Институтот за демократија, Марко Трошановски, посочи дека „пандорината кутија“ што ја отвори преседанот со преговарачката рамка за нашата земја и понатаму под голем ризик ја носи ефективноста на процесот на проширување:

*„Македонија со незапочнат процес на преговори е многу понапред или, барем, на исто ниво, и од Србија, и од Црна Гора, во многу од поглавјата, во кластерите. А, го немаше започнато процесот за пристапување кон Унијата“.*



Директорката на Институтот за европска политика, Симонида Кацарска, говореше за ставовите на граѓанското општество за европската интеграција на земјава и Западен Балкан, за влијанието на геостратешките промени врз процесот. Таа ги претстави препораките од граѓанските организации од регионот, кои ЕПИ ги собра на подготвителната работилница во пресрет на годинешниот самит на Берлинскиот процес.



Вицепремиерот задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции, Фатмир Битиќи, потенцираше дека регионалната соработка е клучна за успехот од надминување на енергетската криза:

*„Влегувањето во уште една од низата кризи, трета година по ред, а тоа е енергетската криза, конечно ни дава можност да почнеме да се занимаваме со реалните прашања. Затоа што најверојатно кога мислевме дека сме соочени со најлошата криза некогаш во човештвото, а тоа е ковид кризата, затоа што задираше во човековиот живот, сметам дека реакцијата не беше таква каква што е сега со енергетската криза. Затоа што, изгледа, зависноста што ја имаме од имањето, или не, на електрична енергија, во нашиот живот е многу поважна од сè друго. Ова е можност којашто најбрзо ќе може да ги даде резултатите. Регионалната соработка е клучна за успехот во надминување на енергетската криза. Или ќе ги научиме лекциите од минатото, за да не ги повторуваме истите грешки, или по 10 години ќе се соочиме со истите проблеми како денеска, или сме се соочувале пред 10 години. Мораме да го фатиме чекорот кон суштината на решавање на проблемот“.*



Министерот за животна средина и просторно планирање, Насер Нуредини, истакна дека реализацијата на Зелената агенда за Балканот бара регионална соработка и градење на регионално усогласени зелени политики:

*„Во однос на постигнувањето на климатските цели и постигнување на економија со нула штетни гасови, најголем предизвик е декарбонизацијата, бидејќи од една страна се соочуваме со енергетска криза, а од друга страна со застарени технологии во најголемите енергетски капацитети. Тие сè уште користат јаглен од причина што, историски гледано, како држава многу малку сме инвестирале во овој сектор, особено во промената на енергенсите што се користат и ориентирање кон обновливи извори на енергија. Патот кон декарбонизација, иако на национално ниво е јасно*

*зацртан, мора да се поттира и врз регионално усогласени политики за спроведување на праведна зелена транзиција*".



Министерот за транспорт и врски, Благој Бочварски, информираше дека регионалната соработка и регионалното инфраструктурно поврзување е високо на агендата на Министерството за транспорт и врски:

*„Отвораме нови можности за граѓаните и за економијата, го градиме и модернизираме стратешки значајниот Коридор 8, со цел забрзана интеграција на целиот Западен Балкан. Република Северна Македонија преку отворање на 'зелените коридори' на границите овозможи непречен и забрзан проток на стока и услуги, со што значајно придонесовме кон заедничката регионална соработка и забрзан економски развој. Продолжуваме со реализацијата на крупни капитални проекти за транспортно и енергетско поврзување, придонесувајќи кон еден поврзан и развиен регион".*




Генералниот секретар на Коморскиот инвестициски форум – Асоцијација на шесте национални комори од регионот на Западен Балкан, Татјана Штерјова Душковска, потенцираше дека економските аспекти на соработката во рамки на Берлинскиот процес се движат паралелно со прогресот на политичките аспекти на овој процес. Од овие причини, таа смета дека е разбирливо што во изминатиот период прогресот на спроведување на зацртаното во Акцискиот план за заедничкиот регионален пазар не беше на посакуваното ниво, со оглед на оддолжувањето во интегративните процеси на земјите од Западен Балкан кон Европската Унија:

*„Определбата на приватниот сектор е дека воведувањето на регион со целосна примена на четирите слободи (слободно движење на: лица, стоки, услуги и капитал низ регионот на Западен Балкан) е клучно за обезбедување на поконкурентни и резистентни компании во регионот и Берлинскиот процес игра клучна улога во реализацијата на оваа цел. Коморскиот инвестициски форум го*




*следи прогресот на спроведувањето на Акцискиот план со фокус на гледиштата и ставовите на приватниот сектор во однос на придобивките што ги носи оваа регионална економска соработка. Паралелно со ова, како асоцијација на стопанските комори од регионот работиме на подигнување на капацитетите на приватниот сектор во рамките на програмата за развој на добавувачи, што треба да придонесе за подигнување на нивните капацитети за спроведување на Зелената агенда во Западен Балкан".*



Асистент професор на Школата за бизнис во Копенхаген, Олимпија Христова Заевска, посочи дека еден од клучните фактори да изградиме просперитетен регион за нас и привлечен регион за инвестиции, е заеднички – регионално да ја ревитализираме и изградиме нашата: технолошка, научна и истражувачка инфраструктура:

*„Во моментот, учеството на земјите од Западен Балкан во паневропски истражувачки проекти е незабележително. Во ера на Индустрија 4.0 мора да сме поамбициозни во научна и технолошка смисла, бидејќи токму тоа ни недостасуваше во последните три декади и нè забави во градење на компетитивност на регионот. Да не се залажуваме дека можеме да сме компетитивни и привлечни без инвестиции во образование и наука“.*



Државниот секретар во Министерство за економија, Размена Чекиќ Дуровиќ, информираше дека со последните измени на Законот за енергетика што беше објавен во „Службен весник“, обезбедена е и правна основа за развој на националниот план за развој на енергетика и клима. На две години ќе се прави посебен извештај за реализација на мерките предвидени со националниот план за енергетика и клима, додаде таа:

*„Тоа ќе го правиме во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање. Во овој план се предвидени многу мерки и активности. Има 63 конкретни политики и мерки коишто се однесуваат на различни дејности и сектори. Во делот на декарбонизација предвидуваме реализација на активности за ублажување на климатските промени. Со тоа што ќе се намалат емисиите на стакленички гасови“.*



Државниот секретар во Министерството за надворешни работи, Филип Тосевски, потенцираше дека јавната администрација во земјава има капацитет да спроведе реформски процеси:

*„Ги знаеме нашите проблеми тука, меѓутоа направени се многу грешки и од страна на Европската Унија. Треба да направиме заедничка комуникациска стратегија, за искрено да разговараме. Кандидатски статус треба да добијат и Босна и Херцеговина и Косово. Ако тоа не се случи ќе имаме дополнително разочарување кај граѓаните. Постојат многу можности и решенија за граѓаните да може да го почувствуваат бенефитот од претпристапниот процес“.*





# НОВАТА ЕНЕРГИЈА ВО БЕРЛИНСКИОТ ПРОЦЕС

ВАНЧО УЗУНОВ
МАРИЈА ФИЛЕВА

**ЕДНА ОД ПРИМАРНИТЕ ЦЕЛИ НА БЕРЛИНСКИОТ ПРОЦЕС Е ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПРИВЛЕЧНОСТА НА РЕГИОНОТ ЗА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ. СО РЕГИОНАЛНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПОЛИТИКИТЕ ЗА ПРИВЛЕКУВАЊЕ СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ И КООРДИНИРАНА ПРОМОЦИЈА, СЕ ЗГОЛЕМУВА ПОТЕНЦИЈАЛОТ НА ЕКОНОМИИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН И НИВНАТА ПРИВЛЕЧНОСТ ЗА ВЛОЖУВАЊА. СО СПРОВЕДУВАЊЕТО НА АКЦИСКИОТ ПЛАН ЗА ЗАЕДНИЧКИ РЕГИОНАЛЕН ПАЗАР, КАКО ДВИГАТЕЛ НА ЕКОНОМСКИОТ РАСТ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН, СЕ СОЗДАВА ИНТЕГРИРАН РЕГИОНАЛЕН ПАЗАР, ОВОЗМОЖУВАЈЌИ ДОПОЛНИТЕЛЕН РАСТ НА БДП ВО РЕГИОНОТ, ШТО ГИ ПРАВИ ШЕСТЕ ДРЖАВИ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН: ПОПРИВЛЕЧНИ, ПОКОНКУРЕНТНИ И ПОБЛИСКУ ДО ПАЗАРИТЕ НА ЕУ**

## Вовед

Берлинскиот процес претставува иницијатива започната од поранешната германска канцеларка, Ангела Меркел, во 2014 година. Овој Процес е комплементарен со евроинтеграцискиот процес на државите од Западен Балкан, а се стреми кон изградба на рамка за унапредување на нивните меѓусебни односи, во насока на: достигнување побрз економски раст и развој, градење отворени пазарни економии и забрзан реформски напредок, со крајна цел побрза интеграција во ЕУ.

Од друга страна, Берлинскиот процес има континуиран придонес за унапредување на соработката меѓу владите на државите од регионот Западен Балкан, преку иницирање форми на заедничко поврзување. Доказ за тоа е Декларацијата на лидерите од Западен Балкан за формирање на заеднички регионален пазар, што беше донесена на Годишниот самит на Берлинскиот процес, одржан во Софија во 2020 година.

Една од примарните цели на Берлинскиот процес е зголемување на привлечноста на регионот за странски инвеститори. Со регионално усогласување на политиките за привлекување странски инвестиции и координирана промоција се зголемува потенцијалот за економиите од Западен Балкан, како и нивната привлечност за странски директни инвестиции. Со спроведувањето на Акцискиот план за заеднички регионален пазар како двигател на економскиот раст за Западен Балкан, се создава интегриран регионален пазар, воведувајќи дополнителен раст на БДП во регионот, што го прави: попривлечен, поконкурентен и поблиску до пазарите на ЕУ.

Регионалната економска интеграција овозможена од Берлинскиот процес се стреми и кон: проширување на, таканаречените, „Зелени коридори" кон соседните држави-членки на ЕУ; хармонизација на националното законодавство со правилата и стандардите на ЕУ; обезбедување можности за компаниите и граѓаните; усогласување на политиките за инвестиции со стандардите на ЕУ; промовирање на регионот пред странски инвеститори; интеграција на Западен Балкан во европскиот дигитален простор; трансформација на индустриските сектори на државите од Западен Балкан. Фокусирајќи се на интензивирање на регионалната соработка за реализирање на единствениот регионален пазар, Берлинскиот процес вклучува и: инфраструктурно, транспортно и енергетско поврзување, младинска соработка, решавање на билатерални прашања, соработка во доменот на образованието и истражувањето, интеграцијата на Ромите, прашањата од областа на заштитата на животната средина, миграциите и борбата против тероризмот.

**Три договори за „нова енергија" на Процесот**

На почетокот од ноември оваа година, во Берлин, под покровителство на германскиот канцелар, Олаф Шолц, се реализираше последниот лидерски Самит на Берлинскиот процес. Овој Самит ја понесе „титулата" историски бидејќи од него произлегоа конкретни чекори од коишто се очекува дека ќе ја зајакнат регионалната соработка во сите области. Владата на Федерална Република Германија вложи големи напори за внесување нова енергија во Берлинскиот процес на последниот Самит, во соработка со: Регионалниот совет за соработка, Секретаријатот на ЦЕФТА, институциите на ЕУ и сите администрации од државите од Западен Балкан. Во таа смисла, овој

Самит резултираше со склучување на три меѓународни договори, коишто претставуваат „отскочна даска“ кон единствениот пазар на Европската Унија, а едновремено, ја истакнуваат визијата за просперитет за граѓаните од Западен Балкан, за да ги уживаат истите слободи како европските граѓани. Трите меѓународни договори што беа потпишани на овој Самит се: 1. Договор за слобода на движење со лични карти во државите од Западен Балкан; 2. Договор за признавање на високообразовните квалификации и 3. Договор за признавање на професионалните квалификации на: докторите по медицина, докторите по дентална медицина и архитектите, во контекст на Договорот за слободна трговија.

Значајно за сите три документи е тоа што вакви договори за прв пат се склучуваат на регионално ниво во рамки на Берлинскиот процес, во кој се вклучени сите шест држави од Западен Балкан: Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија.

1. Во *договорот за слобода на движење со лични карти во Западен Балкан* намерата е да биде пресликан моделот на билатерални договори за слободно движење со лични карти, како и да биде надминат проблемот на билатералната пречка што ја имаат Косово и Босна и Херцеговина за слободно движење со лични карти. Исто така, овој Договор го потенцира значењето што „договорните страни“ (државите од ЗБ) го даваат на: борбата против организираниот криминал, корупцијата и зајакнувањето на регионалната соработка.

Цел на Договорот е унапредување на соработката и олеснување на условите за патување, вклучително и поедноставување на административните постапки во поглед на: влез, транзит и краткорочен престој на лицата носители на лични карти издадени од државите од Западен Балкан. Од друга страна, Договорот ќе придонесе за: побрз економски раст и развој, поголеми инвестиции и полесно вработување во регионот. Со спроведувањето на Договорот ќе се постигне неопходниот придонес за европската перспектива на целиот регион, особено во поглед на подобар просперитет на граѓаните на Западен Балкан.

Договорот предвидува под кои услови ќе биде можно остварување на правото на: влез, транзит и излез во секоја од наведените држави врз основа на важечка лична карта. За организација, координација и мониторинг поврзани со спроведувањето на овој Договор

ќе се формира соодветна комисија којашто ќе се состанува со цел да ја следи примената и спроведувањето на Договорот. Иако државјаните на Република Северна Македонија, врз основа на постојните билатерални договори кои успешно функционираат во пракса, и до сега можеа да патуваат со важечка лична карта во: Албанија, Косово, Србија, Црна Гора и Босна и Херцеговина, овој Договор е прв од ваков вид на регионално ниво меѓу сите држави на Западен Балкан. Се очекува Договорот да помогне за успешна и целосна имплементација на одредбите за внатрешен пазар на ЕУ.

**ВЛАДАТА НА ФЕДЕРАЛНА РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА ВЛОЖИ ГОЛЕМИ НАПОРИ ЗА ВНЕСУВАЊЕ НОВА ЕНЕРГИЈА ВО БЕРЛИНСКИОТ ПРОЦЕС НА ПОСЛЕДНИОТ САМИТ, ВО НОЕМВРИ, ВО СОРАБОТКА СО: РЕГИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА СОРАБОТКА, СЕКРЕТАРИЈАТОТ НА ЦЕФТА, ИНСТИТУЦИИТЕ НА ЕУ И СИТЕ АДМИНИСТРАЦИИ ОД ДРЖАВИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН. ОВОЈ САМИТ РЕЗУЛТИРАШЕ СО СКЛУЧУВАЊЕ НА ТРИ МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ, КОИШТО ПРЕТСТАВУВААТ „ОТСКОЧНА ДАСКА“ КОН ЕДИНСТВЕНИОТ ПАЗАР НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА. ИСТОВРЕМЕНО ЈА ИСТАКНУВААТ ВИЗИЈАТА ЗА ПРОСПЕРИТЕТ НА ГРАЃАНИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН, ЗА ДА ГИ УЖИВААТ ИСТИТЕ СЛОБОДИ КАКО ЕВРОПСКИТЕ ГРАЃАНИ**

2. *Договорот за признавање на високообразовните квалификации во Западен Балкан* ќе овозможи: едноставен и лесен приод на пазарот на трудот во било која држава од регионот, како и студирање и остварување на мобилност, размена на наставници и истражувачи без да бидат оптоварувани со сложените постапки за признавање на квалификациите. Водена од принципите на правото на ЕУ, оваа иницијатива е голем успех во изнаоѓање на: заеднички, практични и транспарентни решенија за подобрување на праксата за признавање на високо образование, преку воспоставување на стандарди и постапки за признавање на високообразовните квалификации. Освен за граѓаните, Договорот за признавање на високообразовните квалификации ќе овозможи сигурност и за работодавачите и инвеститорите, кои ќе можат да ги предвидуваат потребите од кадар за развој на нивните активности.

Со склучување на Договорот за признавање на високообразовните квалификации во Западен Балкан, високото образование се препознава како јавно добро и јавна одговорност, издигнувајќи ја

свеста за потребата од поддржување и заштита на принципите на академската слобода и автономијата на високообразовните институции. Исто така, овој Договор овозможува: да се промовираат и прошират основите за соработка во Западен Балкан, да се развие соработката меѓу високообразовните и истражувачките институции и да се промовира академската мобилност. Со признавањето на квалификациите коишто се однесуваат на високото образование, ќе се олесни меѓузависното учење и развојот на знаењето преку мобилност на: студентите, професорите, истражувачите и стручните лица. Од друга страна, за воспоставениот регионален приод ќе бидат запознаени и: Советот на Европа, одговорен за активностите на ENIC/NARIC центрите, државите од, таканаречениот, Болоњски процес, како и другите регионални иницијативи.

**ТРИТЕ МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ ПОТПИШАНИ НА САМИТОТ ВО БЕРЛИН СЕ: 1. ДОГОВОР ЗА СЛОБОДА НА ДВИЖЕЊЕ СО ЛИЧНИ КАРТИ ВО ДРЖАВИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН; 2. ДОГОВОР ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ВИСОКООБРАЗОВНИТЕ КВАЛИФИКАЦИИ И 3. ДОГОВОР ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ КВАЛИФИКАЦИИ НА: ДОКТОРИТЕ ПО МЕДИЦИНА, ДОКТОРИТЕ ПО ДЕНТАЛНА МЕДИЦИНА И АРХИТЕКТИТЕ, ВО КОНТЕКСТ НА ДОГОВОРОТ ЗА СЛОБОДНА ТРГОВИЈА. ЗНАЧАЈНО ЗА СИТЕ ТРИ ДОКУМЕНТИ Е ТОА ШТО ВАКВИ ДОГОВОРИ ЗА ПРВПАТ СЕ СКЛУЧУВААТ НА РЕГИОНАЛНО НИВО ВО РАМКИ НА БЕРЛИНСКИОТ ПРОЦЕС, ВО КОЈ СЕ ВКЛУЧЕНИ СИТЕ ШЕСТ ДРЖАВИ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН: АЛБАНИЈА, БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА, КОСОВО, ЦРНА ГОРА, СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И СРБИЈА**

3. *Договорот за признавање на професионалните квалификации на: докторите по медицина, докторите по дентална медицина и архитектите во контекст на Договорот за слободна трговија:* ќе ја поттикне мобилноста на стручните лица; ќе придонесе за подобро усогласување на вештините со потребите на пазарот на трудот и поголема продуктивност, истакнувајќи ги целите за промовирање на хармонизација на регулативата и приближување на законите и прописите на сите шест држави од Западен Балкан со правото на Европската Унија, особено настојувајќи да се овозможи слободно движење на стручните лица преку транспонирање на Директивата 2005/36/ЕЗ.

Целта на овој Договор е да се воспостави автоматско признавање на професионалните квалификации врз основа на

минималните услови за обука и да се примени на сите три професии утврдени во Договорот и Директивата, кои одговараат на примената на минималните услови за обука во анексите. Во рок од најмногу две години треба да се опфатат и другите четири професии по донесувањето на овој Договор. Но, за да се обезбеди ваков начин на признавање, во рамките на Директивата ЕУ пропишува минимум услови за: обука, образование и работно искуство за секоја од секторските професии кои, всушност, се темелите на целиот овој процес. Во рамките на ЕУ, со цел да се олесни мобилноста на пазарот на трудот за одредени, т.н., „секторски професии" со Директивата за взаемно признавање на професионални квалификации, уредени се начините и условите под кои се врши автоматско признавање, не само на стекнатото образование за овие професии, туку и начините и условите под кои автоматски се признава професионалното искуство. Ваквото регулирање дозволува мобилност со олеснети административни бариери, односно без нострификација на дипломите и поднесување барања во институции. Според овој Договор, начинот и условите што се применуваат за признавање на професионални квалификации за секторските професии, односно за: доктори по медицина, доктори по дентална медицина, како и архитекти, ќе бидат согласно правилата на Директивата. Овој Договор обезбедува повеќе придобивки, бидејќи не само што ќе се применуваат строгите критериуми на ЕУ во мобилноста на заедничкиот пазар, туку земјите имаат обврска и да ги усогласат наставните програми за овие три професии со барањата на ЕУ. На тој начин се обезбедува подобар квалитет и мобилност на овој кадар во рамките на шесте држави од Западен Балкан.

### Други теми во рамки на „новата енергија"

„Новата енергија" во Берлинскиот процес оваа година придонесе да се разговара и за клучните теми поврзани со енергетската безбедност и Зелената агенда, ставајќи на маса прашања коишто се однесуваат на: загадувањето, екологијата, имплементацијата на Економскиот и инвестициски план за Западен Балкан, со цел модернизација и декарбонизација на енергетскиот сектор и вложените напори на Европската Унија за давање на значителна финансиска и техничка поддршка за регионот по овие прашања. Продуктивната соработка на целиот регион за постигнување на

амбициозните цели за енергетска транзиција и за надминување на предизвиците што ги наметна економската и енергетската криза, продолжува да биде во фокусот со изнаоѓање на заеднички алтернативи за стабилно и континуирано снабдување со електрична енергија, како и насочување кон обновливи извори на енергија.

Имајќи го предвид фактот дека Берлинскиот процес е инклузивен формат и катализатор за економска интеграција, тој успеа да го придвижи Западен Балкан во вистинската насока. Во таа смисла, гледајќи наназад, никој не помислуваше дека ќе имаме регион со нула такси за роаминг. Сега низ регионот се користат мобилните телефони без роаминг. Иднината на Берлинскиот процес во своите планови го вклучува и предлогот за отворање на регионален културен фонд за соработка меѓу младите. Оттука, формирањето на Регионалната младинска канцеларија (РИКО) претставува значајно постигнување во областа на младинската размена и соработка, како и можност за размена на културни искуства на илјадници млади луѓе од регионот. Овој Фонд би претставувал надополнување на таа идеја со акцент на зацврстување на добрососедските односи и заедничкото разбирање.

**БЕРЛИНСКИОТ ПРОЦЕС ВО ИДНИНА ЌЕ ОСТАНЕ ПОСВЕТЕН НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЧЕТИРИТЕ СЛОБОДИ НА ЕУ: СЛОБОДНОТО ДВИЖЕЊЕ НА СТОКИ, ПРЕКУ ЗАЈАКНАТА ИНФРАСТРУКТУРА НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ; СЛОБОДНОТО ДВИЖЕЊЕ НА УСЛУГИ, ПРЕКУ ВЗАЕМНО ПРИЗНАВАЊЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ КВАЛИФИКАЦИИ; СЛОБОДНОТО ДВИЖЕЊЕ НА ЛУЃЕ, ПРЕКУ ОВОЗМОЖУВАЊЕ МОБИЛНОСТ НА: СТУДЕНТИ, НАУЧНИЦИ И ИСТРАЖУВАЧИ; И СЛОБОДНОТО ДВИЖЕЊЕ НА КАПИТАЛ, ПРЕКУ УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ КОН РЕГУЛАТОРНАТА РАМКА НА ЕУ ЗА ФИНАНСИСКИОТ ПАЗАР. БЕРЛИНСКИОТ ПРОЦЕС ЌЕ ПРОДОЛЖИ ДА ГО ИЗДИГНУВА НИВОТО НА ПОЛИТИЧКА СОРАБОТКА, ИНФРАСТРУКТУРНАТА И ЕКОНОМСКАТА ИНТЕРКОНЕКЦИЈА НА ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН. ЗА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И НАТАМУ ЌЕ ПРЕТСТАВУВА ЗНАЧАЕН ЕЛЕМЕНТ НА ПАТОТ КОН ЧЛЕНСТВО ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА**

## Заклучок

Иднината на Берлинскиот процес, во насока на заложбите за Заеднички регионален пазар, несомнено во приоритетите на својата агенда ќе остане посветена на спроведувањето на четирите

слободи на ЕУ: *слободното движење на стоки*, преку зајакната инфраструктура на граничните премини; *слободното движење на услуги*, преку взаемно признавање на професионалните квалификации; *слободното движење на луѓе*, преку овозможување мобилност на: студенти, научници и истражувачи; и *слободното движење на капитал*, преку усогласување на пристапот кон регулаторната рамка на ЕУ за финансискиот пазар. Берлинскиот процес ќе продолжи да го издигнува нивото на политичка соработка, заедно со инфраструктурната и економската интерконекција на земјите од Западен Балкан, а за Северна Македонија ќе продолжи да претставува многу значаен елемент на патот кон евроинтеграциите и пристапниот процес.

*(Д-р Ванчо Узунов е редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.*

*Марија Филева е соработник за политички процеси поврзани со БП и унапредување на соработката во ЈИ Европа во Канцеларијата на Претседателот на Владата на Р.С. Македонија. Филева е докторанд по правни науки на Правниот факултет „Јустинијан Први" – Скопје и Visiting PhD Researcher на Правниот факултет – Универзитет во Белград.)*



# BERLIN PROCESS: WHAT IS IT THERE FOR TRADE?

ZDRAVKO ILIC

**REGIONAL ECONOMIC INTEGRATION IS MINIATURE VERSION OF THE EUROPEAN ONE, BOTH IN DEPTH AND IN SCALES. COMMON REGIONAL MARKET ONLY TAKES BITS AND PIECES OF THE SINGLE EUROPEAN MARKET AND IT ALWAYS ADAPTS IT TO CEFTA FRAMEWORK. THIS MEANS THAT IN BEST CASE SCENARIO WE WILL BRING ONLY A FRACTION OF FULL LIBERALISATION ENTITLED IN THE EU. AS FOR THE SIZE, THE EUROPEAN MARKET IS AMONG THE BIGGEST IN THE WORLD. THIS IS WHY IMPORTANT CRITERION OF THE EU ACCESSION IS BUILDING ECONOMY WHICH CAN WITHSTAND ITS COMPETITIVE PRESSURE. HOW CAN WE EXPECT TO SURVIVE ON THE MARKET OF ALMOST HALF A BILLION PEOPLE IF WE DO NOT TRUST OUR COMPETITIVENESS WILL SURVIVE MARKET 25 TIMES SMALLER**

### "Springboard or testing ground "

Back to where it all began. On 3 November 2022, German Chancellor has invited to Berlin six Western Balkan and selected European leaders to breathe life into the core project of the Berlin Process: Common Regional Market. This is the idea to bring into the region the famous four freedoms of movement (goods, services, capital and people) based on the EU rules and procedures. The subtitle of the Action Plan that stretches from 2021 until 2024 reads "*steppingstone to the EU Single Market*". I personally prefer calling it springboard or testing ground, because this is what it serves to, both to business community and to public administration while working their way toward the membership in the European Union.

Economic logic of this initiative builds on the premise that all six Balkan economies invest efforts in harmonising their legal and policy environment with the EU, and by extension with themselves. This in turn creates potential benefits for companies and people based on the lower transaction costs for doing business

in multiple markets. However, to maximize these benefits, one would need to better coordinate harmonisation efforts in order to avoid disparities which cause uncertainty and costs. Moreover, the practice has shown that lack of coordination of harmonisation is associated not only with risk of untapped benefits but also of new barriers. Take for example requirements for marketing products. Introducing EU standards means replacing old rules coupled with old cooperation mechanisms which frequently allowed for compliance assessment across the markets without extra costs. New transposed European requirements are linked with new rules of compliance assurance, which also have cooperation mechanisms, but only available within EU framework. Consequently, old bonds are severed but new are not yet established.

Another untapped opportunity, not just in the regional, but entire European context are hidden in the provisions of the harmonised laws, grouped under the heading: to be applied upon the accession in the European Union. These refer to so call cross-border provisions which directly affect relationship of two parties from two different EU member states. From a perspective of an EU candidate, there are no incentives to apply these provisions, because of lack of reciprocity. Sometimes it is not even possible, because there is no appropriate institutional setup in place. Typical examples of such provisions are right of people to seek residence and employment throughout the EU or right of companies to provide online service without being asked to comply with regulation in the different markets and finally, recognition of documents issued in one EU MS throughout the continent. In other words, you might have all your laws related to specific group of products (e.g. construction or apples), but still Balkan companies will need to prove compliance to these laws separately to the EU and separately to each Balkan jurisdiction. And that cost money and time.

### Recognition in the key areas

To date, European integration process does not have a systematic solution to this problem, which becomes bigger and thornier, as the integration process drags on. Although the problem has been recognised in documents such as European Investment Plan, the follow up remains poor, mainly because it remains unclear how can this be taken up. This confusion seems to be the same in Brussels as in the Balkan capitals. But why?

Namely, because EU tools for economic integration are sourced from trade, that is association agreements. And in case of the Balkans these do not offer much in comparison to for example agreements with new (potential) candidates: Ukraine, Moldova and Georgia, but also to the agreements with Canada and UK. This is why today we are struggling to arrange exchange of customs data needed for better management of the border crossing points between EU and Western Balkans. Result is a bit absurd: Balkan can facilitate better internal trade through initiatives such as green and blue corridors/lanes than with the European Union. On the other side, European Union can better facilitate trade with the new candidates than with the ones who are in the process for more than 20 years (should we take the Thessaloniki summit as a starting point).

**EU TOOLS FOR ECONOMIC INTEGRATION ARE SOURCED FROM TRADE, THAT IS ASSOCIATION AGREEMENTS. AND IN CASE OF THE BALKANS THESE DO NOT OFFER MUCH IN COMPARISON TO FOR EXAMPLE AGREEMENTS WITH NEW (POTENTIAL) CANDIDATES: UKRAINE, MOLDOVA AND GEORGIA, BUT ALSO TO THE AGREEMENTS WITH CANADA AND UK. THIS IS WHY TODAY WE ARE STRUGGLING TO ARRANGE EXCHANGE OF CUSTOMS DATA NEEDED FOR BETTER MANAGEMENT OF THE BORDER CROSSING POINTS BETWEEN EU AND WESTERN BALKANS. RESULT IS A BIT ABSURD: BALKAN CAN FACILITATE BETTER INTERNAL TRADE THROUGH INITIATIVES SUCH AS GREEN AND BLUE CORRIDORS/LANES THAN WITH THE EUROPEAN UNION. ON THE OTHER SIDE, EUROPEAN UNION CAN BETTER FACILITATE TRADE WITH THE NEW CANDIDATES THAN WITH THE ONES WHO ARE IN THE PROCESS FOR MORE THAN 20 YEARS**

This week in Tirana, EU and Western Balkan leaders will sit together to discuss an agenda heavily burdened with political topics, where not much place will be for practical problems of this kind. However, it is to be saluted that "gradual integration" has been recognised as an objective to be sought, although no concrete tools seem to be offered. The same week, at CEFTA week directors of customs administrations from Croatia, Montenegro and Bosnia and Herzegovina will sign Memorandum of Understanding in order to extend green lanes to their BCPs, but only one direction. Accordingly, the system will benefit only trucks exiting CEFTA and entering EU. The other direction will have to wait EU to come up with way how to enable EU data with their candidates. If we extend this logic, we come again to the magic word which is rarely mentioned in order to manage expectations: recognition. Our businesses mainly operate in the European continent, that is in CEFTA, EU and EEA.

**COMPANIES NEED TO GET READY FOR CHAMPION'S LEAGUE COMPETITION GOVERNED BY EU RULES – AND WHERE IS BETTER TO TEST AND PREPARE FOR THIS, THEN IN RATHER LIMITED MARKET MADE OF PEERS SUCH AS CEFTA. COMMON REGIONAL MARKET BUILT ON CEFTA IS WHAT WILL GIVE OUR ECONOMY NECESSARY TRAINING WHEN THEY GET UP WITH HANGOVER AFTER THE LONG CELEBRATION OF LONG-AWAITED EU ACCESSION. CRM TRAINING MAY BE EXACTLY WHAT SAVES AND EVEN CATAPULTS OUR COMPANIES TOWARDS EUROPEAN WIDE SUCCESS**

And for this they need multiple folders in which they collect separate documents: one set for local market, one set for EU markets and one set for each CEFTA market. Our job is to make this bunch of documents – a single set, with single procedure.

In CEFTA we are planting the seeds of recognition programmes in key areas: agri-food, industry, general services and professional services. However, we started with customs, that is with extending of benefits for companies recognised as trustworthy by customs administration, known as Authorised Economic Operators. Once recognised, company enjoys benefits in its own local market and in other six CEFTA markets: one procedure, seven markets. Similar logic is to be applied to testing results for industrial products, or licences for tour operators or for civil engineer, etc. It is always leading to the end: replacing 7 documents and 7 procedures with one with access to entire CEFTA market of 20 million consumers.

## Regional economic integration ac a miniature version of the European one

However, what we have faced with in practice while negotiating and discussing agreements which will enable this is – a lot of apprehension. Some come from private, and some come from public sector. But both often show fear of being overwhelmed by competition from other CEFTA markets. The arguments vary from this market is the biggest, this one is the richest or this one is the least regulated. This is where I often remind everyone to the already mentioned subtitle "stepping stone to the European Single Market". Regional economic integration is miniature version of the European one, both in depth and in scales. Common Regional Market only takes bits and pieces of the Single European Market and it always adapts it to CEFTA framework. This means that in best case scenario we will bring only a fraction of full liberalisation entitled in the EU. As for the size, the European market is among the biggest in

the world. This is why important criterion of the EU accession is building economy which can withstand its competitive pressure. How can we expect to survive on the market of almost half a billion people if we do not trust our competitiveness will survive market 25 times smaller. When answering, I first try to dispel apocalyptic views on the future and lack of trust in our businesses. Economic integration will be effective change for them, and some will have challenges in adapting it, for sure. But eventually, they will adapt, and probably become better in long run. And this last effect is crucial for having economically successful EU integration. Companies need to get ready  for champion's league competition governed by EU rules – and where is better to test and prepare for this, then in rather limited market made of peers such as CEFTA. Common Regional Market built on CEFTA is what will give our economy necessary training when they get up with hangover after the long celebration of long-awaited EU accession. CRM training may be exactly what saves and even catapults our companies towards European wide success.

However, things are not going smoothly. We are like student entering third year of studies with some exams from the first. Many agreements have been successfully negotiated, but not adopted because of the political problems. Some are negotiated in substance, but not in form, because of the political issues. And it looks like that ever-growing tensions on the European continent and in particular war in Ukraine have increased political perspective to the process. This article should be seen as an attempt to provide some weight to alternative side of the this narrative. And on this side, the story is not about nations, but about people, such as ones who produces honey, for example, regardless if they come from the Dinaric mountains or city rooftops, or ones who start online businesses which we met in world class ecommerce association in Skopje and Belgrade, or ones who work in tourist

**COMMON REGIONAL MARKET IS NOT JUST ANOTHER STORY OF REGIONAL ECONOMIC INTEGRATION, LIKE IN THE REGIONS SUCH AS SOUTHEAST ASIA, CARIBBEANS OR WEST AFRICA, ALTHOUGH IT DOES INVOLVE ALL THE POSITIVE ECONOMIC IMPACT THESE EXAMPLES SHOW. THIS ONE IS DIFFERENT AND CAN BE RATHER COMPARED WITH BENELUX, SCANDINAVIA OR BALTICS, BECAUSE IT IS EMBEDDED IN THE WIDER CONTEXT OF MOST DEVELOPED ECONOMIC INTEGRATION IN THE WORLD – EUROPEAN UNION. THIS IMPLIES THAT IMPLEMENTING COMMON REGIONAL MARKET, IS NOT AN END BUT A FIRST STEP TOWARDS SHIFTING THE ECONOMIC PARADIGM AND BUILDING A NEW MINDSET**

agencies in Prizren, Ohrid, Budva and Vlora, or engineers from Sarajevo, Banja Luka, Nis and Pristina. These are the stories of concrete people whose life can change in a way significant for them, but also significant for entire economy. World Bank calculated that successful regional integration could add from 2.5 to 6.7 to our GDP growth. Looking at today's baseline, that means doubling our economic growth. It also means building more sustainable economies which will keep people and jobs as well as bring more investments in the region.

Finally, let me conclude by underscoring that Common Regional Market is not just another story of regional economic integration, like in the regions such as Southeast Asia, Caribbeans or West Africa, although it does involve all the positive economic impact these examples show. This one is different and can be rather compared with Benelux, Scandinavia or Baltics, because it is embedded in the wider context of most developed economic integration in the world – European Union. This implies that implementing Common Regional Market, is not an end but a first step towards shifting the economic paradigm and building a new mindset. This new reality should teach us how we can, not only survive but thrive by building economic muscles as well as networks with our neighbours to one day be able to give birth to unicorns and European champions. But this is a long ride, which always start with small first step…

*(Zdravko Ilic, Senior Expert on Trade in Services, CEFTA Secretariat. Coordinates activities related to services, investments, professional qualification recognition and e-commerce. He ensures the smooth functioning of all the relevant CEFTA Committees, Subcommittees and Working Groups . Previously he was representing CCIS and Serbian business community vis-a-vis EU institutions with focus on policies: EU enlargement, trade, access to finance, SMEs and industry, digitization and internal market. He worked as Permanent delegate of CCIS to EUROCHAMBRES, Deputy member of the JCC with the European Economic and Social Committee, Member of the Horizon 2020 Programme Committee 'SMEs & Access to Risk Finance'.)*

# ШТО НОСИ БЕРЛИНСКИОТ ПРОЦЕС ЗА ТРГОВИЈАТА?

ЗДРАВКО ИЛИЌ

**РЕГИОНАЛНАТА ЕКОНОМСКА ИНТЕГРАЦИЈА Е МИНИЈАТУРНА ВЕРЗИЈА НА ЕВРОПСКАТА, И ВО ОДНОС НА ДЛАБОЧИНАТА И ВО ОДНОС НА РАЗМЕРОТ. ЗАЕДНИЧКИОТ РЕГИОНАЛЕН ПАЗАР ЗАЗЕМА САМО ПОЕДИНИ ДЕЛОВИ ОД ЕДИНСТВЕНИОТ ЕВРОПСКИ ПАЗАР И СЕКОГАШ ГО ПРИЛАГОДУВА НА РАМКАТА НА ЦЕФТА. ТОА ЗНАЧИ ДЕКА ВО НАЈДОБРО СЦЕНАРИО ЌЕ ДОНЕСЕМЕ САМО ДЕЛ ОД ЦЕЛОСНАТА ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈА ШТО ПОСТОИ ВО ЕУ. ШТО СЕ ОДНЕСУВА ДО ГОЛЕМИНАТА, ЕВРОПСКИОТ ПАЗАР Е МЕЃУ НАЈГОЛЕМИТЕ ВО СВЕТОТ. ЗАТОА, ВАЖЕН КРИТЕРИУМ ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ ВО ЕУ Е ГРАДЕЊЕТО ЕКОНОМИЈА ШТО МОЖЕ ДА ГО ИЗДРЖИ НЕГОВИОТ КОНКУРЕНТСКИ ПРИТИСОК. КАКО МОЖЕМЕ ДА ОЧЕКУВАМЕ ДА ПРЕЖИВЕЕМЕ НА ПАЗАР ОД, РЕЧИСИ, ПОЛОВИНА МИЛИЈАРДА ЛУЃЕ, АКО НЕ ВЕРУВАМЕ ДЕКА НАШАТА КОНКУРЕНТНОСТ ЌЕ ПРЕЖИВЕЕ ПАЗАР КОЈ Е 25 ПАТИ ПОМАЛ?**

## „Пропелер или пробна соба“

Да се вратиме онаму каде што започна сè. На 3 ноември 2022 година, германската канцеларка ги покани во Берлин шесте лидери на земјите од Западен Балкан, заедно со други одбрани европски лидери, за да го заживеат основниот проект на Берлинскиот процес – Заеднички регионален пазар. Идејата беше во регионот да се воведат четирите слободи на движење (на стоки, услуги, капитал и луѓе) врз основа на правилата и процедурите на ЕУ. Поднасловот на Акцискиот план за периодот од 2021 до 2024 година гласи: „’Отскочна штица’ кон Единствениот пазар на ЕУ“. Јас лично ги претпочитам називите „пропелер“ или пробна зона, затоа што тоа му е намената, како за бизнис заедницата, така и за јавната администрација, додека се на патот кон членство во Европската Унија.

Економската логика на оваа иницијатива се надоврзува на премисата дека сите шест балкански економии

вложуваат напори за хармонизирање на своето правно и политичко опкружување со ЕУ, а со тоа и меѓусебно. Ова, од своја страна, создава потенцијални придобивки за компаниите и луѓето, кои се потпираат на пониските трансакциски трошоци за водење бизнис на повеќе пазари. Меѓутоа, за да се максимизираат овие придобивки, неопходно е подобро да се координираат заложбите за хармонизација за да се избегне несовпаѓање што би предизвикало несигурност и трошоци. Покрај тоа, практиката покажува дека недоволната координација при усогласувањето се поврзува не само со ризик од неискористени придобивки, туку и со нови бариери. Да ги земеме, на пример, барањата за маркетинг на производи. Воведувањето на стандардите на ЕУ би значело замена на старите правила поврзани со старите механизми за соработка, кои често дозволуваа проценка на усогласеноста на пазарите без дополнителни трошоци. Новите транспонирани европски барања се поврзуваат со нови правила за гаранција за усогласеност, коишто, исто така, одат во пакет со механизми за соработка, но тие механизми се достапни само во рамките на ЕУ. Резултатот е „сечење“ на старите врски, без однапред да бидат воспоставени нови.

**АЛАТКИТЕ НА ЕУ ЗА ЕКОНОМСКА ИНТЕГРАЦИЈА ПОТЕКНУВААТ ОД ТРГОВИЈАТА, Т.Е. ОД СПОГОДБИТЕ ЗА АСОЦИЈАЦИЈА. ВО СЛУЧАЈОТ СО БАЛКАН ТИЕ НЕ НУДАТ МНОГУ ВО СПОРЕДБА СО, НА ПРИМЕР, СПОГОДБИТЕ СО НОВИ (ПОТЕНЦИЈАЛНИ) КАНДИДАТИ: УКРАИНА, МОЛДАВИЈА И ГРУЗИЈА, НИТУ, ПАК, СО СПОГОДБИТЕ СО КАНАДА И ОБЕДИНЕТОТО КРАЛСТВО. ЗАТОА, ДЕНЕС СЕ МАЧИМЕ ДА ОРГАНИЗИРАМЕ РАЗМЕНА НА ЦАРИНСКИ ПОДАТОЦИ ПОТРЕБНИ ЗА ПОДОБРО УПРАВУВАЊЕ СО ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ МЕЃУ ЕУ И ЗАПАДЕН БАЛКАН. РЕЗУЛТАТОТ Е ДЕЛУМНО АПСУРДЕН: БАЛКАН МОЖЕ ДА ОВОЗМОЖИ ПОДОБРА ВНАТРЕШНА ТРГОВИЈА ПРЕКУ ИНИЦИЈАТИВИТЕ ОД ТИПОТ НА ЗЕЛЕНИТЕ И СИНИТЕ КОРИДОРИ, ОТКОЛКУ СО ЕУ. ОД ДРУГА СТРАНА, ЕВРОПСКАТА УНИЈА МОЖЕ ПОЛЕСНО ДА ОВОЗМОЖИ ТРГОВИЈА СО НОВИТЕ КАНДИДАТИ ОТКОЛКУ СО ОНИЕ ШТО СЕ ВО ПРОЦЕСОТ ВЕЌЕ 20 ГОДИНИ**

Уште една неискористена можност, не само во регионалниот, туку и во целиот европски контекст се крие во одредбите на усогласените закони, групирани под насловот: да се примени при пристапувањето во Европската Унија. Тие се однесуваат на, таканаречените, прекугранични одредби коишто директно влијаат на односите на два субјекта од две различни земји-членки на ЕУ. Од перспектива на земја-кандидат за ЕУ, нема поттик за примена на овие одредби,

поради недостаток на реципроцитет. Понекогаш тоа дури не е ни можно, бидејќи не постои соодветна институционална поставеност. Типични примери за таквите одредби се: правото на луѓето да бараат престој и вработување секаде низ ЕУ или правото на компаниите да даваат онлајн услуги, без од нив да се бара да се усогласат со регулативата на различните пазари и конечно, признавањето на документите издадени во една земја-членка на ЕУ ширум целиот континент. Со други зборови, може да ги имате сите применливи закони кои се однесуваат на некоја одредена група производи (на пример, градежништво или јаболка), но сепак, балканските компании ќе треба да ја докажат усогласеноста на тие закони поединечно со ЕУ и поединечно со секоја балканска јурисдикција. А тоа чини пари и време.

### Признавање во клучните области

До денес, евроинтеграцискиот процес нема систематско решение за овој проблем, кој станува сè поголем и погорлив, особено со одолговлекувањето на процесот на интеграција. Иако проблемот е препознаен во документите од типот на Европскиот инвестициски план, одговорот останува оскуден, главно затоа што сè уште е нејасно како да се постапи. Ваквата конфузија се чини дека е еднаква како во Брисел, така и балканските престолнини. Но зошто?

Главно, заради тоа што алатките на ЕУ за економска интеграција потекнуваат од трговијата, т.е. од спогодбите за асоцијација. А, во случајот со Балкан, тие не нудат многу во споредба со, на пример, спогодбите со нови (потенцијални) кандидати: Украина, Молдавија и Грузија, ниту, пак, со спогодбите со Канада и Обединетото Кралство. Затоа денес се мачиме да организираме размена на царински податоци потребни за подобро управување со граничните премини меѓу ЕУ и Западен Балкан. Резултатот е делумно апсурден: Балкан може да овозможи подобра внатрешна трговија преку иницијативите од типот на зелените и сините коридори, отколку со Европската Унија. Од друга страна, Европската Унија може полесно да овозможи трговија со новите кандидати, отколку со оние што се во процесот повеќе од 20 години (доколку самитот во Солун го земеме како почетна точка).

Оваа недела во Тирана (н.з., 6 декември 2022), лидерите на ЕУ и Западен Балкан ќе седнат на маса за да разговараат за агенда

значително оптоварена со политички теми, каде што нема да остане многу простор за практични проблеми од ваков вид. Сепак, за поздрав е дека „постепената интеграција" е препознаена како цел кон која вреди да се стремат јурисдикциите, иако се чини дека не се понудени конкретни алатки. Во исто време, за време на Неделата на ЦЕФТА, директорите на царинските управи од: Хрватска, Црна Гора и Босна и Херцеговина ќе потпишат Меморандум за соработка за проширување на зелените коридори до нивните ГП, но само во една насока. Според тоа, системот ќе им биде во прилог само на камионите коишто излегуваат од ЦЕФТА, а влегуваат во ЕУ. Другата насока ќе треба да почека ЕУ да изнајде начин како да овозможи податоци за ЕУ со нивните кандидати. Ако ја прошириме оваа логика, повторно доаѓаме до магичниот збор што ретко се споменува за да може да се управува со очекувањата: признавање. Нашите бизниси претежно работат на европскиот континент, што значи во: ЦЕФТА, ЕУ и ЕЕА. А, за тоа им се потребни неколку класери во кои ги собираат засебните документи: еден комплет за локалниот пазар, друг комплет за ЕУ пазарите, а засебни комплети им требаат и за секој ЦЕФТА пазар. Нашата заложба е овој куп документи да го претвориме во единствен комплет, со единствена процедура.

**КОМПАНИИТЕ ТРЕБА ДА СЕ ПОДГОТВАТ ЗА НАТПРЕВАР ВО ЛИГАТА НА ШАМПИОНИТЕ ШТО СЕ ОДВИВА СОГЛАСНО ПРАВИЛАТА НА ЕУ. А, КОЕ БИ БИЛО ПОДОБРО МЕСТО ДА СЕ ИСПРОБААТ И ДА СЕ ПОДГОТВАТ ЗА ОВА АКО НЕ ПРИЛИЧНО ОГРАНИЧЕНИОТ ПАЗАР СОЧИНЕТ ОД СЛИЧНИ НАТПРЕВАРУВАЧИ, ОД ТИПОТ НА ЦЕФТА? ЗАЕДНИЧКИОТ РЕГИОНАЛЕН ПАЗАР, ИЗГРАДЕН ВРЗ ОСНОВА НА ЦЕФТА, Е ОНА ШТО ЌЕ Ѝ ЈА ДАДЕ ПОТРЕБНАТА ОБУКА НА НАШАТА ЕКОНОМИЈА КОГА МАМУРНА ЌЕ СЕ РАЗБУДИ ПО ДОЛГОТРАЈНОТО СЛАВЕЊЕ НА ДОЛГООЧЕКУВАНОТО ПРИСТАПУВАЊЕ ВО ЕУ. ОБУКАТА ЗА ЗАЕДНИЧКИОТ РЕГИОНАЛЕН ПАЗАР МОЖЕ ДА БИДЕ ТОКМУ ТОА ШТО ЌЕ ГИ СПАСИ, ПА ДУРИ И ЌЕ ГИ КАТАПУЛТИРА НАШИТЕ КОМПАНИИ КОН УСПЕХ ВО ЕВРОПА**

Во ЦЕФТА го садиме семето на програми за  признавање во клучни области: земјоделско-прехранбената, индустријата, општите услуги и професионалните (стручни) услуги. Започнавме со царината, односно со проширување на поволностите за компаниите признаени како компании од доверба од страна на царинските управи, познати како Овластени економски оператори. Откако ќе биде признаена, една компанија ужива придобивки на сопствениот

локален пазар, но и на другите шест пазари на ЦЕФТА: една постапка, седум пазари. Слична логика треба да се примени и за резултатите од тестирањето за индустриските производи, или лиценците за тур-операторите или за градежните инженери, итн. Крајната цел секогаш е: замена на 7 документи и 7 постапки со една, со пристап до целиот пазар на ЦЕФТА од 20 милиони потрошувачи.

## Регионална европска интеграција како минијатура на европската

Меѓутоа, она со што се соочивме во пракса додека преговаравме и разговаравме за договорите што ќе го овозможат тоа, се многу стравувања. Некои доаѓаат од приватниот, а некои од јавниот сектор. И двата сектора стравуваат дека ќе бидат совладани од конкуренцијата од другите пазари на ЦЕФТА. Аргументите се протегаат: од „овој пазар е најголем", преку „овој е најбогат", до „овој е најмалку регулиран". Тука често ги потсетувам сите на веќе споменатиот поднаслов „'отскочна штица' кон Единствениот европски пазар". Регионалната економска интеграција е минијатурна верзија на европската, и во однос на длабочината и во однос на размерот. Заедничкиот регионален пазар зема само поедини делови од Единствениот европски пазар и секогаш го прилагодува на рамката на ЦЕФТА. Тоа значи дека во најдобро сценарио ќе донесеме само дел од целосната либерализација што постои во ЕУ. Што се однесува до големината, европскиот пазар е меѓу најголемите во светот. Затоа, важен критериум за пристапување во ЕУ е градењето економија која може да го издржи неговиот конкурентски притисок. Како можеме да очекуваме да преживееме на пазар од, речиси, половина милијарда луѓе, ако не

**ЗАЕДНИЧКИОТ РЕГИОНАЛЕН ПАЗАР НЕ Е САМО „УШТЕ ЕДНА ПРИКАЗНА" ЗА РЕГИОНАЛНА ЕКОНОМСКА ИНТЕГРАЦИЈА, КАКО ВО РЕГИОНИТЕ НА: ЈУГОИСТОЧНА АЗИЈА, КАРИБИ ИЛИ ЗАПАДНА АФРИКА, ИАКО ГО СОДРЖИ ЦЕЛОКУПНОТО ПОЗИТИВНО ЕКОНОМСКО ВЛИЈАНИЕ ШТО ГО ПОКАЖУВААТ ОВИЕ ПРИМЕРИ. ТОЈ СЕ РАЗЛИКУВА И МОЖЕ ДА СЕ СПОРЕДИ СО: БЕНЕЛУКС, СКАНДИНАВИЈА ИЛИ БАЛТИК, ЗАТОА ШТО Е ВКОРЕНЕТ ВО ПОШИРОКИОТ КОНТЕКСТ НА НАЈРАЗВИЕНАТА ЕКОНОМСКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО СВЕТОТ – ЕВРОПСКАТА УНИЈА. ОВА ПОДРАЗБИРА ДЕКА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАЕДНИЧКИОТ РЕГИОНАЛЕН ПАЗАР НЕ Е КРАЈ НА ПРОЦЕСОТ, ТУКУ ПРВ ЧЕКОР КОН ПРОМЕНА НА ЕКОНОМСКАТА ПАРАДИГМА И ГРАДЕЊЕ НА НОВ НАЧИН НА РАЗМИСЛУВАЊЕ**

веруваме дека нашата конкурентност ќе преживее пазар кој е 25 пати помал?

Кога одговарам, прво се обидувам да ги разобличам апокалиптичните погледи кон иднината и недостигот на доверба во нашите бизниси. Економската интеграција ќе биде ефективна промена за нив, иако некои, секако, ќе се соочат со предизвици во приспособувањето. Но, на крајот, ќе се прилагодат и, веројатно, ќе станат подобри на долг рок. А, овој последен ефект е клучен за економски успешна интеграција кон ЕУ. Компаниите треба да се подготват за натпревар во лигата на шампионите што се одвива согласно правилата на ЕУ. А, кое би било подобро место да се испробаат и да се подготват за ова ако не прилично ограничениот пазар сочинет од слични натпреварувачи, од типот на ЦЕФТА? Заедничкиот регионален пазар изграден врз основа на ЦЕФТА е она што ќе ѝ ја даде потребната обука на нашата економија кога мамурна ќе се разбуди по долготрајното славење на долгоочекуваното пристапување во ЕУ. Обуката за Заедничкиот регионален пазар може да биде токму тоа што ќе ги спаси, па дури и ќе ги катапултира нашите компании кон успех во Европа.

Сепак, работите не се одвиваат непречено. Ние сме како студент кој влегува во трета година на студии со заостанати испити од прва. Многу од договорите се успешно преговарани, но не се усвоени заради политичките проблеми. За некои е се договорено во однос на суштината, но не и на формата, исто така заради политичките прашања. А, се чини дека тензиите на европскиот континент што се во постојан пораст, и особено војната во Украина, ја зголемија политичката перспектива на процесот. Овој напис треба да се смета за обид да се даде одредена тежина на алтернативната страна на овој наратив. Од таа страна приказната не е за државите, туку за луѓето, како оние што произведуваат мед, на пример, без разлика дали доаѓаат од Динарските Планини или градските покриви, или како оние коишто започнуваат онлајн-бизниси, коишто ги запознавме во Асоцијацијата за е-трговија од светска класа во Скопје и Белград, или, пак, оние коишто работат во туристичките агенции во: Призрен, Охрид, Будва и Валона, или инженерите од: Сараево, Бања Лука, Ниш и Приштина. Ова се приказни за конкретни луѓе чиј живот може да се измени на начин значаен за нив, но исто така, значаен и за целата економија. Светска банка пресмета дека успешната

регионална интеграција би можела да додаде од 2,5 на 6,7 на растот на нашиот БДП. Гледајќи ја денешната појдовна состојба, тоа би значело удвојување на нашиот економски раст. Тоа би значело и градење поодржливи економии коишто ќе ги задржат луѓето и работните места, коишто ќе донесат повеќе инвестиции во регионот.

Конечно, дозволете ми да донесам заклучок подвлекувајќи дека Заедничкиот регионален пазар не е само „уште една приказна" за регионална економска интеграција, како во: Југоисточна Азија, Кариби или Западна Африка, иако го содржи целокупното позитивно економско влијание што го покажуваат овие примери. Тој се разликува и може да се спореди со: Бенелукс, Скандинавија или Балтик, затоа што е вкоренет во поширокиот контекст на најразвиената економска интеграција во светот – Европската Унија. Ова подразбира дека спроведувањето на Заедничкиот регионален пазар не е крај на процесот, туку прв чекор кон измена на економската парадигма и градење на нов начин на размислување. Оваа нова реалност треба да нè научи како можеме не само да преживееме, туку и да напредуваме преку градење „економски мускули", но и мрежи со нашите соседи за еден ден да можеме да создаваме фирми – „еднорози" и европски шампиони.

*(Здравко Илиќ е виш експерт за трговија со услуги при Секретаријатот на ЦЕФТА. Ги координира активностите поврзани со: услугите, инвестициите, признавањето професионални квалификации и е-трговијата. Овозможува непречено функционирање на: сите релевантни комитети, поткомитети и работни групи на ЦЕФТА. Претходно ги претставуваше Стопанската комора на Србија и српската деловна заедница пред институциите на ЕУ, со фокус на политиките: проширување на ЕУ, трговија, пристап до финансии, мали и средни претпријатија и индустрија, дигитализација и внатрешен пазар.)*

ИНТЕРВЈУ

# СОЦИЈАЛНО ПРАВИЧНА ТРАНСФОРМАЦИЈА ЗА САМООДРЖЛИВА ЕВРОПА

**SOCIO–**
**ECOLOGICAL**
**FORUM**
*SKOPJE 2022*

*WWW.SEF-SKOPJE.MK*



# СО МЕЃУСЕБНА СОРАБОТКА ДО ПРАВИЧНА ЕНЕРГЕТСКА ТРАНЗИЦИЈА

МАРТИН ШУЛЦ

Социо-еколошкиот Форум, што се одржа во организација на Фондацијата „Фридрих Еберт“ (ФЕС), во Скопје, на крајот на ноември оваа година, на заедничка маса собра политичари од Западен Балкан и ЕУ, експерти и активисти, кои се залагаат за што побрзо напуштање на фосилните горива и транзиција кон обновливи извори на енергија, не само како неопходност во полза на човековата околина, туку и како потреба заради енергетска независност, исклучително важна по руската агресија во Украина. Кризата покажа дека зависноста од фосилни горива значи ранливост, наспроти општествата со повидлива транзиција кон обновливи извори на енергија, кои се поотпорни и во состојба да одговорат на потребите на граѓаните. Како да се забрза енергетската транзиција во земјите од Западен Балкан, но и во Европа, и како процесот да се спроведе правично за сите заедници во општеството? „Со меѓусебна соработка“ – порача Мартин Шулц, претседател на ФЕС и поранешен претседател на Европскиот Парламент.

**Мартин Шулц:** Богатите луѓе можат да купат сѐ, па и енергија, дури и ако стане уште поскапа. За нив не постои проблем дали е 0 степени Целзиусови или -5. Тие можат да си ги загреат домовите. Но, не можат обичните граѓани, невработените, младите луѓе, студентите, пензионерите, луѓето со многу мали плати. За нив ова е „замрзнат проблем“. Затоа, мојот одговор е – да ги мобилизираме потребните пари и потребните средства, затоа што ако тоа не се направи за овие луѓе, кои се мнозинството, за да ги надминат овие

проблеми во наредните две-три години, ќе ја загубиме поддршката од луѓето кои итно ни се потребни за да ја постигнеме долгорочната стратегија на промени. Зелената идеологија значи дека сега мора да измениме сè, итно. Да ги имаме предвид грижите на голем број луѓе. Тоа е нашата шанса како социјалдемократи, како левичари, како прогресивни. Мора да бидеме заштитната сила на обичните граѓани во времињата што се менуваат.

**„Предизвици“:** *Ова е комплексно прашање за регионот на Западен Балкан, обично овде за овие теми се зборува одделно, од климатски, енергетски и од социјален аспект. Која е вашата порака до властите, на централно и локално ниво, како да ја направат оваа транзиција полесно и побрзо?*

**Мартин Шулц:** Со соработка, тоа е мојот совет!

**„Предизвици“:** *Соработка меѓу кого?*

**Мартин Шулц:** Меѓу различни тела: локални, регионални и национални. Но и меѓу државите. Заради тоа, како домаќин на денешната конференција, во улога на претседавач на Фондацијата „Фридрих Еберт“, ми беше чест да ги слушнам ставовите на премиерите на Северна Македонија и на Косово, кои рекоа дека нема логика проблемите да се решаваат со индивидуално делување. Мора да го поврземе регионот, затоа што, да бидеме отворени, заканата е огромна, граѓаните би можеле да ја загубат стабилноста во нивниот секојдневен живот. Но, доколку земјите во регионот на своите жители можат да им покажат дека „заедно сме посилни“, тогаш може да се придонесе за решавање на оваа енергетска криза. Да се уверат граѓаните дека прекуграничната соработка меѓу државите и народите е плодна, дека дава резултат.

**„Предизвици“:** *Дали ЕУ и Германија би помогнале во овој процес?*

**Мартин Шулц:** Апсолутно. Тоа е апсолутно потребно и ако ги слушнете заклучоците на канцеларот Олаф Шолц, кога ги покани земјите од Западен Балкан на Берлинскиот процес, неодамна во Берлин, ќе видите дека Германија и Франција особено се посветени за поддршка на регионот.

**„Предизвици“:** *Војната во Украина го затекна регионов со серија нерешени прашања, отворени билатерални спорови помеѓу земјите. Оваа ситуација го прави регионот уште поранлив, поподложен на странски влијанија, особено на руски влијанија. Дали сте загрижен за стабилноста на Западен Балкан во моментов?*

**Мартин Шулц:** Не само за стабилноста на овој регион, јасно е дека ако војната создава неизвесност и нестабилност насекаде низ светот, логично е дека загрижува во еден регион кој е традиционално фрагилен во смисла на: прекуграничните односи, односите меѓу различните политички групи и тенденции. Да, ме загрижува, сосема е јасно.

**„Предизвици“:** *Косово и Србија не успеваат да постигнат компромис, ниту чекор што би водел кон компромис, напротив. Дали сте го виделе француско-германскиот документ, предлог за решавање на овој спор?*

**Мартин Шулц:** Не, не сум го видел документот, но интензивно ги следам германско-француските заложби за приближување на двете страни, српската и косовската. Неуспехот на средбата неодамна во Брисел, според мене, не значи дека „играта е завршена“. Премиерот Албин Курти и претседателот Александар Вучиќ се вратија дома, но процесот на соработка не треба да запре заради ова – заради ова „премногу вжештено“ прашање, како што јас го гледам.

**„Предизвици“:** *Според досегашните искуства, барем овде во Северна Македонија, но и во соседните земји, јасно е дека процесот ќе трае и дека воопшто не е лесно. Косово прифати уште 48 часа пред да почне со казнување на луѓето кои ќе продолжат да возат автомобили со српски регистрации. Што потоа?*

**Мартин Шулц:** Тешко ми е тоа да го одговорам, мојот впечаток е дека премиерот Курти направи сѐ што можеше за да се дојде до компромис. Отворено е прашањето дали претседателот Вучиќ е навистина подготвен за изнаоѓање решение или ја користи оваа тешка ситуација за играње игра за нарушување, во извесна мера, на напредокот што го постигнавме во изминатите две години во регионот. Тој е доста искусен во тоа. Ако ме прашате за 48 часа, ќе ми

биде многу полесно да одговорам. Јас се надевам дека и Владата во Белград бара сериозно решение.

**„Предизвици“:** *Сепак, многу луѓе овде во Северна Македонија сметаат дека Вучиќ е многу успешен лидер. Како ја коментирате оваа перцепција?*

**Мартин Шулц:** Според мене, успех во политичкиот живот е да се постигне стабилност. А тој е успешен лидер во креирање ситуација со отворен „излез“. Од време на време ме потсетува на оние луѓе кои во политичкиот живот се коцкаат, кои ги држат сите опции отворени за на крајот да ја зграпчат онаа опција која им е од најдобар личен интерес. Во таа смисла е успешен човек. Но, дали е тоа политички успех, јас би рекол дека не е. Политичкиот успех значи да не се размислува само во лична полза, туку да се има предвид компромисот „меѓу моите барања и барањата на моите соговорници“. Да се најде излез во средина, ете тоа секогаш резултира со политички успех.

**„Предизвици“:** *Од ваша гледна точка кои се вистинските успешни приказни во регионот?*

**Мартин Шулц:** Секогаш кога во регионот храбри луѓе преземаат чекори во насока на „другата страна“, кон, таканаречената, друга страна. Или кога храбри луѓе преземаат чекори во својот камп, меѓу своите луѓе, велејќи им: „Да, и ние треба да направиме отстапки“. Тогаш има најмногу прогрес. А, кога радикалите беа на власт или доминираа со пораки од типот „нашата позиција е вистинската и ништо друго не е важно“, тогаш регионот беше дестабилизиран. Мојот впечаток за Албин Курти е дека е таков, храбар човек, исто такво е моето мислење и за Зоран Заев, како и за премиерот Димитар Ковачевски. Претседателот на државата овде се обидува, исто така, да упати таква порака до граѓаните. Но, кога доминираат радикалите, овој регион секогаш е дестабилизиран.

**„Предизвици“:** *Северна Македонија го започна „скринингот“ со ЕУ. За едни тоа значи почеток на пристапните преговори, за други, кои се поконзервативни, односно поскептични кон ЕУ – ова сè уште не значи почеток, а би се случил дури по уставните измени коишто се бараат од земјата. Владата во Скопје не е*

*сигурна во моментов дали ќе го обезбеди потребниот број, неопходната поддршка во Парламентот за уставни измени. Кои се вашите пораки до опозицијата во Северна Македонија?*

**Мартин Шулц:** Како долгогодишен европски политичар, како поранешен претседател на европски институции, со вакви ситуации не сум се соочувал за првпат, туку често, не само овде, туку и во други земји. Мојот совет е секогаш да се води сметка за поширокиот интерес на земјата и да се направи проценка како се влијае на најповолниот интерес на земјата преку разбирливи тактички чекори од страна на Владата и на опозицијата. Што е на масата во овој случај? По ветото од Франција, следеше вето од Бугарија, а компромисот е да се вклучат Бугарите во Уставот. Разбирливо, ова се многу тешки отстапки. Но, ова е нов чекор за да се премине пречка на патот кон зачленување во ЕУ. Според мене, ако внимателно ги слушате сојузниците на овдешната опозиција, на европско ниво, особено европските народни партии, тие не го споделуваат ставот со овдешната опозиција. Затоа, мојот совет е – послушајте ги вашите европски партнери!

**„Предизвици“:** *Но, многу луѓе, кои не се директни поддржувачи на опозицијата, сепак застануваат зад нејзината позиција – барање гаранции дека Бугарија нема да го повтори ветото или нема да постави друга пречка дури и по уставните измени.*

**Мартин Шулц:** Да, ја разбирам позицијата на овие луѓе. По Преспанскиот договор и фактот што ЕУ, поради француското вето, не можеше да се држи до своите претходни ветувања, луѓето сега стравуваат дека со прифаќањето уставни измени како отстапка кон Бугарија нема да се отстрани ризикот подоцна Бугарија да стави ново вето. Го разбирам тој страв. Ќе зависи од Владата во Софија. Ако Договорот потпишан од двете влади налагаше Бугарија да направи уставни измени, очекувам дека Бугарите ќе се држеа до ветеното.

**„Предизвици“:** *Дали сте оптимист околу политичката ситуација во Бугарија, четирипати гласање на парламентарни избори во две години, а не се исклучува и нова изборна рунда?*

**Мартин Шулц:** Оптимист сум бидејќи знам дека Бугарите и самите беа често третирани на истиот начин. Како претседател на европска институција, на Европскиот Парламент, бев сведок кога Бугарија ќе исполнеше услови за вклучување во Шенгенската зона, а да бидеме искрени, нивната заштита на надворешната граница на ЕУ е прилично ефикасна, значи беше очигледно дека Бугарија ги исполнува критериумите за Шенген-членство, постојано ќе се најдеше друга земја којашто ќеречеше – не, сè уште имате виза-проблеми, итн. Значи, Бугарите добро знаат што значи да се исполнат критериумите и потоа да не бидат наградени. Поради ова јас сум оптимист дека бугарската Влада нема да ја третира Северна Македонија како што тие самите се третирани од други земји.



## ЗАШТИТАТА НА ПРИРОДАТА Е ТЕМА ШТО ОБЕДИНУВА

ВИСАР ИМЕРИ

Висар Имери, директор на Институтот за социјални политики во Косово, исто така учесник на Социо-еколошкиот Форум во Скопје, смета дека при енергетската транзиција и справувањето со последиците од климатските промени мора да се води сметка за еколошката правда кон сите делови од општеството, особено за родовата рамнотежа во индустријата, што по традиција во регионот се смета за „машка работа". Во мултиетничко општество, како во Косово, но и во Северна Македонија, според Имери, заштитата на човековата околина е единствената заедничка кауза на етничките заедници, бидејќи природата не познава политички граници, што е важна основа за соработка и напуштање на: етничките, културните и верските разлики.

**Висар Имери:** Прво што треба да имаме на ум е тоа дека климатските промени не ги опфаќаат сите на еднаков начин. И покрај тоа што климатските промени се глобален проблем, се случуваат насекаде во светот, сепак од штетите предизвикани од нив страдаат повеќе сиромашните луѓе. Во таа смисла, за климатските промени, за справување со овој проблем, политиките треба да го имаат предвид особено фактот дека разните слоеви на општеството имаат различни потреби поврзани со ова прашање. Поради тоа, сметам дека ова е едно од најважните прашања – да се потенцира дека не ни се потребни само еколошки политики, туку еколошка правда, паралелно во тој процес. За да осигуриме дека за посиромашниот дел од заедницата, а таквите слоеви ги имаме многу во нашиот регион, во сите земји од

регионот, но и во однос на родовата застапеност во нашите општества, за сите нив имаме креирано политики, со цел да се справиме со климатските промени и да обезбедиме почиста енергија. Мораме да бидеме внимателни за тоа дали тие политики ќе му помогнат токму на оној дел од општеството којшто е најпогоден.

**„Предизвици“:** *Што е сторено до сега во Косово во таа насока?*

**Висар Имери:** Во целиот регион, особено во Косово, овие теми се нови. Прво, идејата за заштита на човековата околина сè уште е нова во нашиов регион. Второ, ние сè уште не разговараме, не дебатираме толку колку што е потребно за прашањето за еколошка правда. Во моментов сè уште сме во делот од дебатата кога се разговара за додавање на нови обновливи извори за производство на енергија. Но, не дискутираме детално за тоа што треба да сториме во нашите општества да има порамномерна дистрибуција на расположливите средства и потребните ресурси за справување со климатските промени. На пример во Косово, најголемиот дел, преку 95 % од енергијата сè уште доаѓа од централи кои согоруваат јаглен. Веќе две години имаме нова Влада, која многу зборува за енергетската транзиција што треба да се случи. Но, во таа транзиција треба да бидеме внимателни за две работи: прво, како таа енергетска транзиција ќе влијае на поодделни делови од земјата и на засебните заедници во нашето општество; второ, како ќе осигуриме дека експертизата и знаењето на луѓето кои веќе се во тој сектор ќе бидат дистрибуирани низ различните делови од општеството, особено дали ќе се води сметка и за родовата застапеност. Бидејќи, традиционално, нешто што доаѓа од минатото, а ние имаме заедничко минато во екс-Југославија, е енергетскиот сектор да се смета за „машка работа“. Во оваа смисла, актуелната Влада во Косово е на добар пат, бидејќи во инвестициите во енергетскиот сектор, особено во обновливите извори, воведе посебна компонента којашто е директно поврзана со учеството на повеќе жени во оваа индустрија.

**„Предизвици“:** *Имаат ли експертите доволно простор за испраќање на пораките поврзани со овие теми, имајќи на ум дека медиумите, јавните дебати, како во Македонија, така и во Косово, главно се посветени на: политиката, споровите меѓу соседите, ризиците за нестабилност, и слично?*

**Висар Имери:** Тоа е еден од проблемите со кои се соочуваме. Имаме премногу политички проблеми, особено ние во Косово, поради што често многу важни теми остануваат вон радарот. Значи, се случуваат, но не се покренува дебата, нема дискусија за нив. Сметам дека е многу важно да се потенцира дека во мултиетничко општество како во Косово, така и во Северна Македонија, екологијата, односно заштитата на човековата околина е единствената заедничка кауза на етничките заедници. Единствениот протест што беше организиран и од Албанците и од Србите во Косово беше, всушност, протест за заштита на реките од малите хидроцентрали што беа изградени во некои делови од земјата.

**„Предизвици“:** *Значи овие теми, всушност, се обединувачки?*

**Висар Имери:** Да, ова е една од многуте важни компоненти зад коишто луѓето во регионот можат да ги остават своите разлики, културни и етнички, и да соработуваат како луѓе со заедничка цел. И, сметам дека тоа треба да се искористи и во политичка смисла.

**„Предизвици“:** *Се подразбира, последиците се еднакви за сите.*

**Висар Имери:** Да, бидејќи последиците се исти за сите, бидејќи природата нема политички граници. А, помалку или повеќе ние сме слични општества. Одново ќе се послужам со пример за Косово, кога луѓето во едно општество живеат во релативна сиромаштија, со висока невработеност, зборувањето за заштита на човековата околина изгледа како луксуз. Затоа што им се обраќате на луѓе кои сѐ уште не се во можност да ги организираат своите средства за живот. Затоа, во оваа смисла, да се зборува со нив за чист воздух и чиста вода е нешто што би требало да биде во втор план. Сега сме на почетно ниво во однос на економскиот развој што би требало да обезбеди добробит за сите. Затоа, мислам дека сега е поважно да се почне да се разговара за човековата околина како основно човеково право. И, како многу важен фактор за добробитта на луѓето. Сметам дека оние делови од регионот, кои се и најпогодени од штетните инвестиции во однос на човековата средина, најдобро ги разбираат овие теми. Бидејќи, на крајот, да се дојде до работно место во приватна инвестиција, или друга, која го има уништено вашето место на живеење, вашата околина, нема да го подобри вашиот живот. Во таа

смисла, сметам дека на природните ресурси на регионот се гледа само како на потенцијали за економски развој. Во настојувањето да се привлечат што повеќе странски директни инвестиции, кога се натпреваруваат сите држави заедно, речиси заборавивме дека токму тоа ќе ја уништи природата која ни припаѓа на сите.

**„Предизвици“:** *Дали земјиџе во регионоџ доволно соработуваат меѓу себе за полесно и побрзо да дојдат до решенија?*

**Висар Имери:** За жал, не! Јас не гледам голема соработка. На пример, погледнете го енергетскиот сектор. Постојано сме во трка, кој повеќе ќе произведе, кој повеќе ќе обезбеди. А, за жал, енергијата, како во светот, така и во нашиов регион, понекогаш се користи и како дипломатско средство заради доминација и политичка надмоќ во однос на другите. Сето ова треба да се измени, радикално и многу брзо. Доколку сакаме да го заштитиме она што остана од нашата околина мора да сфатиме неколку работи – дека натпреварот ќе не уништи, сите заедно. А, дека соработката и солидарноста може да нè спаси, сите заедно.



# ЖЕШТИНАТА Е ТИВОК ПРОБЛЕМ КОЈ УБИВА!

ЈУТЕ ГУТЕЛЕНД

Јуте Гутеленд, пратеничка во Парламентот на Шведска од редовите на Социјалдемократската партија и поранешна пратеничка во Европскиот Парламент, вели дека темата за заштита на човековата околина и енергетска транзиција се главниот предизвик на нашето време. Сега е клучниот момент да се преуредат домашните енергетски системи, за да бидат одржливи, да помогнат за ублажување на последиците од климатските промени, но и да осигурат дека нема повеќе да се внесуваат пари во руската воена машинерија – како што рече за време на Социо-еколошкиот форум во Скопје. Таа истакнува дека климатските промени веќе носат жртви, како во светот, така и во Шведска каде што луѓето по традиција се штитат од студ, а сега се соочени со топлотни бранови.

**Јуте Гутеленд:** Ова се теми на нашето време. Во Шведска, како и во сите други земји во ова време, енергетската ситуација, кризата по војната, но и транзицијата во смисла на глобалното затоплување, се многу присутни теми. Тие се големиот предизвик на нашето време. Како ќе ги преуредиме нашите енергетски системи за да бидат одржливи и да осигуриме дека нема во моментов да „ја храниме“ Русија со пари, а во исто време во однос на глобалното затоплување – да се престроиме за да не продолжуваме да загадуваме.

**„Предизвици“:** *Какви промени се случија, што е тоа што го прифатија граѓаните на Шведска како одговор на овие грижи?*

*Да не се финансира Русија, да не ѝ се наштетува и натаму на природата?*

**Јуте Гутеленд:** Би рекла дека во нашата јавност постои голема загриженост за човековата околина и за климата. Конечно, Грета Тунберг е од Шведска и сѐ уште е многу присутна во дебатата. Но, и во Шведска, како и во било која друга земја, понекогаш други прашања се пробиваат во јавната дебата, за извесно време. Во моментов би рекла дека другите теми доминираат, но сепак, климата не е во втор план како порано. Бидејќи не е можно. Го гледаме извештајот од Меѓувладиниот панел за климатските промени (IPCC) кој покажува дека глобалното затоплување е уште полошо од тоа што го очекуваа научниците пред неколку години. Потоа, за енергијата, сите знаеме по оваа војна дека веќе не е можно да се продолжи да се внесуваат пари во воената машинерија на Русија. Значи, да, понекогаш овие прашања се потиснати од други, но одново се враќаат, дури и со повеќе аргументи. Ова го велам врз основа на моето досегашно искуство, околу 10 години сум член на парламентите.

**„Предизвици“:** *Видливите промени на климата, овде на Балканот се гледаат преку дневните температури. Обично во ова време од годината, на крајот од ноември, треба да е доста постудено, а понекогаш и да има снег, но сега цел месец помина со двоцифрени температури. Земјоделците се доста загрижени бидејќи нивните посеви се „збунети“ од благото време. Какви се последиците од климатските промени во вашата земја, на северот од Европа?*

**Јуте Гутеленд:** И кај нас, исто така, има повисоки температури деновиве. Понекогаш изгледа нормално, сѐ уште имаме студени зими, во моментов има и доста снег. Но, ако погледнете на термометрите, факт е дека температурите се покачени. Има многу примери дека тоа влијае на климата во Шведска. Имаме многу повеќе шумски пожари во летните месеци, за разлика од порано. Швеѓаните се доста загрижени поради тоа, многу е опасно. На северот од земјата има многу шуми, се разбира има и на југот, но јас лично сум гледала пожари на северот. Огромни шумски пространства гореа во 2018 година. Затоплувањето влијае и на друг начин. На пример, кај возрасните луѓе, кревки со здравјето, тие умираат од жештината. Имаше топлотни бранови во многу земји, па и во Шведска, со

температура над 30 степени, па дури и повеќе. Тоа траеше долго, повеќе од две недели. И порано сме имале топли периоди, по една недела или две, но сега траат многу подолго. Во некои земји температурите надминаа 40 степени. Нашите општества не се подготвени за такви топлотни бранови. Затоа постарите луѓе умираат, бидејќи не сме подготвени, во нашите домови се штитиме од студено време, не од екстремно топло, не знаеме како брзо да се адаптираме. Ова е еден аспект, но всушност, го гледаме насекаде низ светот – луѓе умираат од претопло време, а сепак за тоа многу не се зборува. Бидејќи не се третира како екстремните временски неприлики, како бурите, поплавите. Жештината е тивок проблем, но убива. Значи глобалното затоплување веќе носи жртви, а за нив ние воопшто не зборуваме.

**„Предизвици“:** *Во таква ситуација како можете да го објасните начинот на кој деновиве заврши Самитот за климата во Египет, КОП 27. Беше тешко учесниците да дојдат до заклучок кој ќе биде во насока на подобрување на состојбите. Некои од европските земји, како Германија и Франција, сосема јасно кажаа дека не се задоволни од начинот на кој заврши Самитот.*

**Јуте Гутеленд:** Мислам дека повеќето луѓе веќе се уморни. На политичко ниво постојано слушаат дека треба да се стори повеќе. Гледаат дека некои состаноци завршуваат со пофалби, „ах, успеавме“, па следната година ќе следи признание дека „не сме успеале“. Многу е турбулентен процесот на носење одлуки. Ова, речиси, не може да се објасни. Бидејќи не се работи за еден аспект, туку за комбинација. Од една страна е војната, одново се враќам на тоа бидејќи се одрази со пораст на цените што предизвика страв кај луѓето, со потреба да се заштитат на краток рок. Од друга страна, сите политичари не сметаат дека економијата што почива на фосилни горива е опасна и за џебот на граѓаните. Па, во јавната дебата сега се повикува: „ајде да се фокусираме сега на ова, да ја оставиме малку климата на страна“. Но, сето тоа е меѓусебно поврзано, па всушност, треба да се фокусираме на двете теми. Тоа е единствениот начин за одржливост. Од друга страна, мислам дека дебатата во пресрет на КОП 27 не беше доволно исполнета со оптимизам. Во Глазгов, на пример, минатата година имаше многу посилна подготвителна дебата, пред состаноците. Според мене, за да се постигне успех во амбицијата за

намалување на штетните гасови, мора многу да се разговара пред одржувањето на Самитот КОП. Да кажеме дека очекуваме од лидерите да сторат нешто. Да им кажеме на сите нив, од Бајден до мојот премиер, во Шведска, дека очекуваме да постигнат успех. Дека нивните министри за клима треба да бидат успешни.

**„Предизвици“:** *Ова се случи поради војната, поради тоа што вниманието сега е свртено кон војната и последиците од неа?*

**Јуте Гутеленд:** Да, кога светлата се свртени кон друга страна, очекувањата се помали. И учесниците се среќни ако потпишат нешто, но не го чувствуваат притисокот што беше присутен претходно, цел месец пред КОП. Но, сепак, не сакам да бидам крајно негативна. Од друга страна знам дека една од пречките во Глазгов, каде што бев и јас во преговарачкиот тим на Европскиот Парламент, едно од прашањата беше за финансирањето околу климата. Тогаш доста од земјите во развој беа лути поради тоа што ова прашање не беше решено. Сега, на Самитот во Египет беше договорен фонд кој може да им помогне на земјите во развој, да добијат надомест за штета нанесена од климатските промени.

**„Предизвици“:** *Кој ќе го полни тој фонд? Има ли доволно извори на пари? Криза е.*

**Јуте Гутеленд:** Изворите никогаш не се доволни, но индустриски развиените земји кои имаат загадувано многу, од времето на индустријализацијата, вклучително и мојата земја, треба да разберат дека на глобално ниво имаат испуштено толку ЦО2, со што им имаат нанесено штета на земјите кои не загадуваат толку. Значи, се работи за фер однос, земјите коишто загадиле многу треба да платат соодветен износ за санирање на штетите. А, во исто време и да го предводат технолошкиот развој за намалување на нивните штетни гасови. И да им помогнат на земјите во развој да го сторат истото. Така што со притисок врз земјите во развој да се менуваат и развиените. Да даваат пари во тој фонд и да водат сметка нивните грешки да не се повторуваат во помалку развиениот свет.

**„Предизвици“:** *Која е вашата порака до луѓето во Западен Балкан, но и до политичките лидери?*

**Јуте Гутеленд:** Мислам дека доста работи забележав за време на Конференцијата во Скопје. Добри пораки. Слушајќи го премиерот на Северна Македонија за чекорите што се прават во земјата, како за исполнување на критериумите за партнерски однос на ниво на ЕУ, така и за домашниот енергетски систем, поставувањето на соларни панели, итн., заклучив дека во голема мера одиме „рака под рака". Треба да продолжиме да одиме заедно, да ја водиме транзицијата заедно, да бидеме партнери. А, се надевам и дека во иднина ќе бидеме членки во иста Унија.



# ЗАПАДЕН БАЛКАН И ПРЕСПЕКТИВИТЕ ЗА ЧЛЕНСТВО ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

АНЕТА ТРПЕВСКА

**ПАТОТ ДО ПОСТИГНУВАЊЕ КОНСЕНЗУС ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ДИРЕКТИВАТА НА ЕВРОПСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО И НЕЈЗИНО ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ ВО НАЦИОНАЛНОТО, ВО РАМКИТЕ НА ШЕСТЕ ДРЖАВИ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН, БЕШЕ ДОЛГ, ИСКЛУЧИТЕЛНО НАПОРЕН, ЧЕСТО ФРУСТРИРАЧКИ, ПА ДУРИ СЕ ЧИНЕШЕ И БЕЗНАДЕЖЕН ПРОЦЕС. ЦЕЛТА БЕШЕ ДА СЕ ПОСТИГНЕ ДИРЕКТНА МОБИЛНОСТ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН, УСЛОВЕНА ОД ПРАВИЛАТА НА ЕУ. ОВИЕ ПРАВИЛА СЕ ОДНЕСУВААТ НА КВАЛИФИКАЦИИТЕ СТЕКНАТИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА УНИЈАТА, ПРЕДУСЛОВЕНИ СО УСОГЛАСЕНОСТ НА ОБРАЗОВНИТЕ КУРИКУЛУМИ ВО ЗЕМЈИТЕ-ЧЛЕНКИ, КАКО И ПОСЕБЕН РЕЖИМ ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА КВАЛИФИКАЦИИТЕ СТЕКНАТИ ВО ТРЕТИ ЗЕМЈИ И КВАЛИФИКАЦИИ СТЕКНАТИ ВО ЕУ ОД ГРАЃАНИ НА ТРЕТИ ЗЕМЈИ**

Цела деценија station наназад земјите од Западен Балкан прават напори пристапот кон Европската Унија да не остане само декларативна заложба. На земјите од регионот им е добро познато дека влезот во Европската Унија како полноправни членки е долготраен процес, дури и доделувањето на кандидатскиот статус за членство е условено со исполнување на одредени критериуми.

Ретроспективно, кога се зборува за земјите од Западен Балкан, или шесте економии од овој регион (Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Македонија, Србија и Црна Гора), може да се заклучи дека секоја од нив имаше различен статус во процесот на европските интеграции.

Република Северна Македонија е првата земја од регионот којашто во 2005 година се стекна со кандидатски статус за членство во ЕУ. Следеа: Црна Гора, во 2010 година, Србија, во 2012 година, Албанија, во 2014 година. Односите на Босна и Херцеговина

и Косово со Европската Унија се сосема поинакви поаѓајќи од политичките предуслови, вклучувајќи ја и важноста на владеењето на правото во овие земји.

Процесот на проширување на Европската Унија во однос на Србија и Црна Гора во 2012 и 2013 година се премести на „fast lane", во споредба со останатите држави, кога беа донесени одлуки за одржување на прва меѓувладина конференција, со што, de facto, започнаа пристапните преговори за членство. Двете земји, од 2013-2014 година веќе длабоко навлегоа во процесот на отворање поглавја во преговорите со Унијата. Одлуката за Северна Македонија, пак, е донесена 17 години подоцна, а за Албанија, по 8 години чекање. Во јули 2022 година конечно се одржаа првите меѓувладини конференции и на овие две земји со Европската Унија, по што започна билатералниот скрининг.

Овие факти не се новина во меѓународната, ниту, пак, во домашната јавност, но имаат значаен придонес во однос подготвеноста на земјите од регионот за преземањето на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација, односно европското законодавство, Acquis Communittaire. Од овој аспект не значи само политичка подготвеност на една земја, туку и воспоставена, обучена административна структура која ќе биде „генераторот" на промените во политиките и законодавството. Оваа структура во Македонија се градеше со години, со оглед на тоа што одлуката за старт на преговорите со ЕУ се очекуваше со секој извештај и секоја одлука на Советот на ЕУ во изминатите 17 години. Но, постои голема веројатност дел од таа структура веќе да не е ангажиран во јавната администрација од повеќе причини, што претставува особен предизвик за текот на билатералниот скрининг, како и за преговорите. Земјите коишто ги почнаа преговорите со ЕУ побрзо, беа во предност од овој аспект бидејќи веќе ја имаат административната структура која се обучува и ги води преговорите со Европската Унија, поглавје, по поглавје.

## Регионални иницијативи за поддршка на европските интеграции во земјите од Западен Балкан

Во изминатите години кон овие обиди се додава еден нов елемент – повеќе регионални иницијативи и платформи поддржани од Европската Унија и/или одделни земји-членки, со цел да го поддржат и да го забрзаат приближувањето на земјите од Западен Балкан кон Унијата.

**ОВИЕ АМБИЦИОЗНИ БАРАЊА ТРЕБАШЕ ДА БИДАТ ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОР МЕЃУ ШЕСТЕ ЗЕМЈИ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН, ВО ПЕРИОД КОГА СЕКОЈА ЗЕМЈА ИМАШЕ РАЗЛИЧНО НИВО НА ОДНОСИ СО ЕУ И РАЗЛИЧНА АДМИНИСТРАТИВНА ПОДГОТВЕНОСТ ЗА ОВОЈ ПРОЦЕС. ПРВАТА ЗАЕДНИЧКА РАБОТНА ГРУПА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНИ КВАЛИФИКАЦИИ (CEFTA, ERI SEE, RCC) СЕ ФОРМИРАШЕ ВО 2015 ГОДИНА ВО ФОРМАТОТ НА РЕГИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА СОРАБОТКА ВО САРАЕВО. ПОЧЕТОЦИТЕ БЕА ЗБУНУВАЧКИ, РЕТКО КОЈ ОД ЧЛЕНОВИТЕ ЗНАЕШЕ КАКВА ЦЕЛ ТРЕБА ДА СЕ ПОСТИГНЕ. ВО ТИМОТ ОД МАКЕДОНИЈА БЕА ЛИЦА ОДГОВОРНИ ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ КВАЛИФИКАЦИИ, НО И ЛИЦА ОДГОВОРНИ ЗА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ПРИЗНАВАЊЕ НА АКАДЕМСКИТЕ КВАЛИФИКАЦИИ. ТОА БЕА ДОЛГИ ГОДИНИ НА КРИСТАЛИЗИРАЊЕ НА ИДЕЈАТА ШТО ДЕНЕС Е РЕАЛИЗИРАНА. СЕ ОДРЖАА МНОГУ СОСТАНОЦИ СО ВОДЕЧКА ИДЕЈА ЗА ПРОНАОЃАЊЕ УНИФИЦИРАН ПРИСТАП ЗА МОБИЛНОСТ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ, ПРЕКУ ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЕДНАКОВ ОБРАЗОВЕН СИСТЕМ ВО ОДРЕДЕНИ СЕКТОРИ**

Една од тие иницијативи е „CEFTA“ – Central European Free Trade Agreement, потпишана во 1992 година, којашто воспоставува и административна структура, којашто се грижи за имплементација на одредбите од Договорот, а во исто време, преку поддршката од Европската Унија, презема иницијативи за усогласување со европското законодавство, како и одредбите од Светската трговска организација во делот на трговија. Членки на ова тело се: Албанија, Босна и Херцеговина, Македонија, Молдавија, Косово, Србија и Црна Гора.

„RCC“ – Regonal Cooperation Council е рамка за регионална соработка, формирана во 2008 година, со цел промоција на европските и евроатлантските интеграции во регионот, поддржана од Европската Унија, но и од Соединетите Американски Држави. Во ова тело, покрај Северна Македонија, членуваат и: Албанија, Бугарија, Грција, Молдавија, Романија, Словенија, Турција, Босна и Херцеговина, Хрватска, Косово, Црна Гора и Србија.

Платформата „ERI SEE“ – The education Reform Initiative of South Eastern Europe на полето на образованието и обуката е формирана во 2010 година со цел да обезбеди поддршка на реформите во образованието согласно: Европската рамка за развој на образованието (the EU Work Prorgamme Education and Training 2020), Болоњскиот и процесот на Копенхаген. Во оваа Платформа членуваат: Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Македонија, Молдавија, Црна Гора и Србија.

## Мобилност на пазарот на трудот во земјите од Западен Балкан преку примена на Директивата 36/2005ЕЗ

Откако веќе се поставени телата и административните структури во земјите од Западен Балкан, во 2014 година се раѓа првата иницијатива за признавање на професионалните квалификации, покрената од ЦЕФТА, во соработка со Светската банка. Во тој период, признавањето на професионалните квалификации за многу од земјите од Западен Балкан претставуваше синоним за признавање на академски квалификации, што, всушност, воопшто не е случај. Од сите земји во регионот, само Северна Македонија ја имаше воспоставено законската рамка за оваа област[1], додека во другите земји оваа тема сѐ уште беше во зародиш.

Тоа што беше презентирано на првиот состанок за „Дијалог на Регионалната мобилност на професионалците во ЦЕФТА", во Брисел, на 29 април 2014 година, се однесува токму на прифаќањето на одредбите од европското законодавство, односно Директивата на Европската заедница 36/2005[2] и нејзиниот амандман од 55/2013/ЕУ[3]. Денес, оваа иницијатива е реалност благодарение на потпишаните договори за признавање на професионални квалификации, како и Договорот за признавање на академски квалификации во рамките на Берлинскиот процес, на 2 ноември 2022 година.

Патот до постигнување консензус за прифаќање на одредбите од Директивата на европското законодавство и нејзино имплементирање во националното, во рамките на шесте држави беше долг, исклучително напорен, често фрустрирачки, па дури се чинеше и безнадежен процес.

Целта беше да се постигне директна мобилност на пазарот на трудот во земјите од Западен Балкан, но условена од правилата на Европската Унија, правила кои, согласно Директивата, се применуваат за земјите-членки од моментот на нивно полноправно зачленување во Унијата. Правилата на Унијата се однесуваат на квалификациите стекнати на територијата на Унијата, предусловени со усогласеност на образовните курикулуми во земјите-членки, како и посебен режим за признавање на квалификациите стекнати

1 Закон за признавање на професионалните квалификации („Службен весник на Република Македонија", бр. 170/2010)

2 https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=celex%3A32005L0036

3 https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/HTML/?uri=CELEX:32013L0055

во трети земји и квалификациите стекнати во Европската Унија од страна на граѓани на трети земји.

Директивата станува уште посложена кога ќе се додаде и: поделбата на признавањето на професионалните квалификации според генерален систем, начинот на признавање на професионалните квалификации, моделот на признавање на, т.н., „секторски професии", обезбедувањето на услови за минимум стекната обука за признавање на професионалната квалификација. Треба да се земе предвид и дека оваа Директива не е новина во европското законодавство заради фактот што токму таа претставува, т.н., „компилација" на претходните секторски директиви усвоени од европската заедница уште во 60-тите години на минатиот век.

Покрај фактот што одредбите од Директивата се неприменливи во трети земји и за граѓаните на трети земји, комплексноста на оваа, понатаму модернизирана Директива, во 2013 година се усложнува со вклучување на правилата од Регулативата на Европската Унија 1024/2021 година за информациски системи на внатрешниот пазар (Internal market information system[4], SOLVIT[5]), системот онлајн сервис на Унијата, кој е алатка за решавање на проблемите во внатрешниот пазар, што може да ја користат само граѓаните на ЕУ или фирмите чии права се прекршени од страна на јавните служби во друга земја на ЕУ. Дури и начинот на имплементација на Директивата во рамките на самата Унија зборува за нејзината сложеност бидејќи биле предвидени две години за нејзина транспозиција, а во 2007 година, од вкупно 27 земји-членки, само 20[6] успеале навреме да го усогласат националното законодавство.

Овие амбициозни барања требаше да бидат предмет на договор меѓу шесте земји од Западен Балкан, во период кога секоја земја имаше различно ниво на односи со Европската Унија и различна административна подготвеност за овој процес.

Првата заедничка работна група за признавање на професионални квалификации (CEFTA, ERI SEE, RCC) се формираше во 2015 година во форматот на Регионалниот совет за соработка во Сараево, каде членуваат претставници на шесте земји од Западен Балкан.

4 https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=celex%3A32012R1024

5 https://ec.europa.eu/solvit/_docs/2002/conclusions_en.pdf

6 https://eur-lex.europa.eu/EN/legal-content/summary/system-for-the-recognition-of-professional-qualifications.html

Почетоците беа збунувачки, ретко кој од членовите знаеше што е целта што треба да се постигне, а згора на сè, во групата членуваа лица кои беа одговорни за спроведување на Договорот за ЦЕФТА. Во тимот од Македонија беа лица веќе одговорни за признавање на професионалните квалификации, но и претставници одговорни за високото образование и признавање на академските квалификации. Во групата беше вклучена и Молдавија, како членка на ЦЕФТА. Тоа беа долги години на кристализирање на идејата којашто денес, најпосле, е реализирана. Се одржаа многу состаноци со водечка идеја за пронаоѓање унифициран пристап за мобилност на пазарот на трудот, преку иницијативата за обезбедување на еднаков образовен систем во одредени сектори.

### Регионалната економска област и Самитот во Познањ, во 2019 година

Веќе во 2017 година како дел од повеќегодишниот акциски план за Регионална економска област во шесте земји од Западен Балкан, во контекст на Берлинскиот процес, процесите се кристализираа и добија јасни насоки кон целта што треба да се постигне. Така, во делот на мобилност се формираа: работни групи за признавање на професионалните квалификации, како и работни групи за мобилност на истражувачи и мобилност на студенти и висококвалификувани работници.

Тимовите почнаа со активности, логистички организирани во земјите од Западен Балкан или, пак, во Брисел, и секогаш со двоумење за што точно станува збор, односно дали во рамки на пазарот на шесте држави постои модалитет за примена на начинот на признавање на професионалните квалификации според моделот на Европската Унија, без, притоа, да се загрозат многу домашни правила и акти. Но, паралелно и да се поедностават административните барања што веќе постојат на територијата на секоја од наведените земји/економии, со посебен осврт на чувствителната политичка состојба помеѓу Косово и Србија. Со текот на времето, иницијаторите на овие активности ја увидоа потребата од проширување на работните групи, бидејќи, сепак, не станувашe збор само за едноставна примена на Директивата и нејзиното преточување во договор што треба да го потпишат шесте земји од Западен Балкан. Во работната група со свои ставови се вклучија

и претставници од засегнатите комори и министерства, како надлежни тела за издавање на овластувања или лиценци, потоа претставници на високообразовните институции заради потребата од усогласување на образовните програми во делот на минимум обука за секторските професии. Паралелно со овој процес работеа и другите работни групи чија цел беа преговори за признавање на академските квалификации и мобилност на студентите, за што не постоеше европско законодавство како насока или цел кон која треба да се стремат.

**ПО ДОЛГИ ГОДИНИ ОБУКИ И ЈАСНО ПРЕЦИЗИРАНИ ПРАВИЛА, РАБОТНАТА ГРУПА ВО РАМКИТЕ НА РЕГИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА СОРАБОТКА ПОСТИГНА СОГЛАСНОСТ ВО ОДНОС НА ПРИФАЌАЊЕТО НА ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМНО ПРИЗНАВАЊЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ КВАЛИФИКАЦИИ НА: ДОКТОРИТЕ ПО МЕДИЦИНА, ДОКТОРИТЕ ПО ДЕНТАЛНА МЕДИЦИНА И АРХИТЕКТИТЕ ВО КОНТЕКСТ НА ЦЕФТА ДОГОВОРОТ. НА 2.11.2022 ГОДИНА, ВО БЕРЛИН, ЛИДЕРИТЕ НА ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН ГО ПОТПИШАА ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМНО ПРИЗНАВАЊЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ КВАЛИФИКАЦИИ НА: ДОКТОРИТЕ ПО МЕДИЦИНА, ДОКТОРИТЕ ПО ДЕНТАЛНА МЕДИЦИНА И АРХИТЕКТИТЕ ВО КОНТЕКСТ НА ДОГОВОРОТ ЗА СЛОБОДНА ТРГОВИЈА, КАКО И ДОГОВОРОТ ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ВИСОКООБРАЗОВНИ КВАЛИФИКАЦИИ ВО ЗБ**

Се подготвувавме за испорачување на резултати за Самитот на земјите од Западен Балкан во Познањ, во јули 2019 година, но и самите знаевме дека сме далеку од целта. Првенствено формата на договорот којшто требаше да се постигне беше извесна хибридна верзија на Директивата, којашто во реалност ќе беше тешко применлива. Се договаравме за примена на сите начини на признавање на професионалните квалификации согласно Директивата, без, притоа, да се прифатат обврските за усогласување на високото образование. Поради притисокот од одредени земји се покрена прашањето на легитимитетот на преговорите во тој формат. Дилемата што се наметна се однесуваше на тоа дали признавање на професионалните квалификации што ќе резултира со слободата на движењето на пазарот и давањето услуги во регионот, треба да се третира одделно од Договорот ЦЕФТА и дали тоа не треба да биде дел од дополнителниот Протокол 6 на Договорот. Сосема очекувано, на Самитот во Познањ резултатите не беа испорачани, а разочарувањето беше големо.

### Акциски план 2021-2024 година во Заедничкиот регионален пазар

По прифаќањето на Политичката декларација и Акцискиот план 2021-2024 година, на Заедничкиот регионален пазар на шесте земји од Западен Балкан во рамки на Берлинскиот процес на Самитот во Софија, што се одржа на 10.11.2020 година, иницијативата повторно заживеа во 2021 година.

Сега стартуваме со јасна визија и насоки, а примената на Директивата ја поделивме согласно системот на признавање.

Работната група формирана во рамките на Регионалниот совет за соработка преговараше за, т.н., „Zero agreement" или Договор за заемно признавање на професионалните квалификации на: докторите по медицина, докторите по дентална медицина и архитектите, во контекст на ЦЕФТА Договорот.

Паралелно со овој процес, со истиот преговарачки тим, се водеа и преговори за донесување на „Одлука на заедничкиот комитет на ЦЕФТА за воспоставување на генерален систем за заемно признавање на професионални квалификации" во рамките на ЦЕФТА.

Покрај оваа иницијатива, во 2021 година продолжи и иницијативата за склучување на Договор за признавање на високообразовните квалификации во рамките на Регионалниот совет за соработка, како надополнување на процесот за мобилност на внатрешниот пазар во земјите од Западен Балкан.

**ОВОЈ СИСТЕМ, КОЈ Е НОВИНА ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗБ, ПРЕТСТАВУВА ГРАДЕЊЕ НА: ЗАЕДНИЧКА ИДНИНА, СОРАБОТКА И РАЗВОЈ ВРЗ ОСНОВА НА МЕЃУСЕБНА ДОВЕРБА. ТОА Е ИСТАТА ДОВЕРБА ВРЗ ЧИЈА ОСНОВА СО ДЕЦЕНИИ ФУНКЦИОНИРА ЕВРОПСКАТА УНИЈА. ОВОЈ ДОГОВОР ЌЕ ПРИДОНЕСЕ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ОБРАЗОВНИТЕ СИСТЕМИ ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН, НО И ЗА ПОДИНАМИЧНА РАЗМЕНА НА СТРУЧЕН И КВАЛИТЕТЕН КАДАР ВО РАМКИТЕ НА ОВОЈ РЕГИОН. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ОВОЈ ДОГОВОР Е ГОЛЕМ ПРЕДИЗВИК БИДЕЈЌИ НЕ ЗАПОЧНУВА НИТУ ЗАВРШУВА СО ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА НЕКОЛКУ ЗАКОНСКИ И ПОДЗАКОНСКИ АКТИ. ПРИМЕНАТА НА ОВОЈ ДОГОВОР Е УСЛОВЕНА СО ИЗМЕНА И УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМИТЕ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ОБРАЗОВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ И ТЕЛАТА ЗА НИВНА АКРЕДИТАЦИЈА. УСЛОВЕНА Е И СО ПОТРЕБАТА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОЦЕДУРИТЕ И НОРМАТИВНИТЕ АКТИ ЗА КОИ СЕ НАДЛЕЖНИ ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА**

По долги години обуки и јасно прецизирани правила, работната група во рамките на Регионалниот совет за соработка постигна согласност во однос на прифаќањето на Договор за заемно признавање на професионалните квалификации на: докторите по медицина, докторите по дентална медицина и архитектите во контекст на ЦЕФТА Договорот.

На 2.11.2022 година, во Берлин, лидерите на земјите од Западен Балкан го потпишаа Договорот за заемно признавање на професионалните квалификации на: докторите по медицина, докторите по дентална медицина и архитектите во контекст на Договорот за слободна трговија, како и Договорот за признавање на високообразовни квалификации во Западен Балкан.

### Договорот за заемно признавање на професионалните квалификации во контекст на Договорот за слободна трговија

Значењето на Договорот за заемно признавање на професионалните квалификации на: докторите по медицина, докторите по дентална медицина и архитектите во контекст на Договорот за слободна трговија подразбира:

- **Усогласување на минималните услови за обука за регулираните професии: доктори по медицина, доктори по дентална медицина и архитекти, според одредбите од Директивата 36/2005/ЕЗ за земјите од регионот.**

Ова подразбира усогласување со единствени заеднички програми за образование на високообразовните установи за наведените професии во земјите од регионот, согласно анексите од Директивата за признавање на професионални квалификации. Земјите од регионот имаат обврска во целост да ги применат одредбите со коишто високото образование за: докторите по медицина, докторите по дентална медицина, како и архитектите, ќе биде со одредбите на ЕУ, вклучувајќи ги и специфичните барања за соодветна практична настава. Ваквото усогласување не само што обезбедува унифициран систем на високо образование за овие професии во регионот, туку тоа е предуслов за билатералниот скрининг со Европската Унија. Во иднина ова значи мобилност на пазарот на трудот и во рамките на внатрешниот пазар на Унијата.

- **Усогласување на времетраењето и видот на професионалното искуство што граѓанинот на земјата од регионот го стекнал по завршувањето на соодветното образование.**

Ваквото усогласување е клучниот елемент за признавање на професионалните квалификации. Досегашното искуство во законодавството во земјите од регионот на Западен Балкан покажува дека пристапот на пазарот трудот е условен првенствено со нострификација, односно академско признавање на стекнатото образование, по што следат процедурите за издавање на лиценци или овластувања, за што дополнително постојат пишани процедури, различни во секоја земја. Со воведувањето на Договорот и имплементацијата на неговите одредби, стекнатото образование, лиценците и искуството во земјата/страната на издавачот на формалните квалификации, ќе биде автоматски признаено од страната примател, најдоцна во рок од три месеци од доставувањето на барањето за признавање.

- **Воведување на механизам на „стекнати права".**

Механизмот на „стекнати права" во законодавството на ЕУ подразбира автоматско признавање на одредени професионални квалификации, без потреба од нивно дополнително усогласување со одредбите од ЕУ, и се однесува на стекнати квалификации пред датумот на донесување на Директивата од 2005 година, т.е. пред зачленувањето на земјите во Унијата. Овој принцип е еден вид признавање на стекнатите професионални квалификации, стекнати до одреден временски период, кој заеднички се одредува од страна на Унијата и земјата-членка во текот на процесот на преговори за полноправно членство. Согласно Договорот, земјите од регионот ќе обезбедат автоматска мобилност за наведените професии доколку тие се стекнати пред потпишувањето на Договорот, со заедничко усогласување на крајниот датум за нивно стекнување.

- **Поедноставени процедури за пристап кон пазарот на трудот во земјите од регионот.** Обезбедување на еден орган или тело што го прима барањето и го издава документот потребен за признавање на професионалната квалификација.
- **Автоматско признавање на стекнатите професионални квалификации** за физички лица од шесте земји од регионот за стекнати професионални квалификации на територијата на овие земји. Со Договорот се обезбедува признавање на

професионалните квалификации за лица од земјите од Западен Балкан, само доколку се стекнати на територијата на овој регион.

- **Користење на стручни и академски називи** со кои лицата се стекнале во текот на вршењето на професионалната дејност во земјата испраќач.

Овој систем кој е новина во земјите од Западен Балкан претставува: градење на заедничка иднина, соработка и развој врз основа на меѓусебна доверба. Тоа е истата доверба врз чија основа со децении функционира Европската Унија. Овој Договор ќе придонесе за дополнително зајакнување на образовните системи во земјите од Западен Балкан, но и за подинамична размената на стручен и квалитетен кадар во рамките на овој регион.

Имплементацијата на овој Договор е навистина голем предизвик, бидејќи тоа не започнува, ниту завршува со измени и дополнувања на неколку законски и подзаконски акти. Примената на овој Договор е условена со измената и усогласувањето на програмите во високото образование во образовните институции и телата за нивна акредитација. Примената на овој Договор е условена и од потребата за усогласување на процедурите и нормативните акти за кои се надлежни органите на државната управа, меѓу кои и оние кои имаат предадено дел од своите јавни овластувања на соодветни организации и комори кои ќе бидат клучниот носител во процесот на прифаќањето на овие промени.

### Договор за признавање на академските квалификации во Западен Балкан

Што, всушност, значи Договорот за признавање на академските квалификации во Западен Балкан?

- **Признавање на високообразовни квалификации на акредитираните јавни високообразовни установи во земјите од регионот.** Ова признавање се однесува на стекнати академски квалификации во земјите од Западен Балкан, во институции за кои земјите заеднички ќе се договорат. Целта на признавањето на овие квалификации е обезбедување на пристап до понатамошна едукација во образовниот систем во земјите од регионот.

- **Обезбедување услови за понатамошно продолжување на образованието со почитување на правилата на високообразовната институција.**
- **Соработка помеѓу ENIC/NARIC центрите во земјите од Западен Балкан.**

Во актуелната општествено-политичка ситуација во регионот, кога перспективата за проширување на Европската Унија се чини реална и остварлива за некој одреден временски период, ваквото усогласување со дел од одредбите од внатрешниот пазар на Унијата може да помогне за интензивирање на процесот на преговори за членство, а воедно и да ја заживее економијата во земјите од Западен Балкан преку обезбедување на заедничка соработка, базирана врз меѓусебна доверба.

*(Анета Трпевска дипломирала на Правниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а како владина стипендистка магистрирала во областа на правото на ЕУ, на Универзитетот „ФОН". Кариерата ја почнала во 2002 година во Секторот за европски интеграции, а продолжува во Министерството за образование и наука, како раководител на Одделението за европ– ски интеграции, државен советник за европски интеграции, а во периодот 2017/18 година била на позицијата државен секретар на МОН. Трпевска има долгогодишно работно искуство во областа на: европските интеграции, креирање и имплементација на политики во образованието и науката, изработка и следење на примената на законски акти од оваа дејноста. Членува во повеќе работни групи и меѓуресорски тела за усогласување на националното законодавство со одредбите на ЕУ. Има учествувано во основањето и работата на повеќе регионални тела: CEFTA, ERI SEE, Regional Cooperation Council и RYCO. Била главен преговарач од РС Македонија за склучување на Договорот за соработка меѓу земјите на Западен Балкан за заемно признавање на дипломите и научните степени, во рамки на иницијативата „Отворен Балкан", но и на Договорот за признавање на професионални квалификации за доктори по општа медицина и стоматологија и архитекти, во рамки на Берлинскиот процес.)*



# ЗАЕДНИЧКИ РЕГИОНАЛЕН ПАЗАР – ПЕРСПЕКТИВИ И ПРЕДИЗВИЦИ ЗА СЛОБОДНОТО ДВИЖЕЊЕ НА СТОКИ

ЗЛАТКО ВЕТЕРОВСКИ

**СО НАСЕЛЕНИЕ ОД РЕЧИСИ 18 МИЛИОНИ ЛУЃЕ, ЗАПАДЕН БАЛКАН Е ВАЖЕН ПАЗАР ЗА ЕУ И ТРАНЗИТНА ОБЛАСТ ЗА ЕВРОПСКИТЕ И МЕЃУНАРОДНИ СТОКИ. НИЗ С. МАКЕДОНИЈА МИНУВААТ ПАНЕВРОПСКИТЕ КОРИДОРИ VIII И X. К-X Е НАША ПОРТА КОН ОСТАТОКОТ ОД ЕУ, ДОДЕКА К-VIII Е КЛУЧНА ТОЧКА ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА ЦРНОТО И ЈАДРАНСКОТО МОРЕ. ПАНДЕМИЈАТА ДОПОЛНИТЕЛНО ЈА ЗАБРЗА АМБИЦИЈАТА ЗА ПОГОЛЕМА РЕГИОНАЛНА ИНТЕГРАЦИЈА, ПОКАЖУВАЈЌИ ГИ ВАЖНИТЕ ВРСКИ ПОМЕЃУ ПАЗАРИТЕ ВО РЕГИОНОТ, КАКО И МЕЃУ ЕКОНОМИИТЕ НА ЕУ И ЗЕМЈИТЕ ОД ЗБ. ВО ОВИЕ ПРЕДИЗВИКУВАЧКИ ВРЕМИЊА, РЕГИОНОТ РАБОТЕШЕ ЗАЕДНО ЗА БРЗО И ЕФИКАСНО ВОСПОСТАВУВАЊЕ ЗЕЛЕНИ КОРИДОРИ НА КРИТИЧНИТЕ ГРАНИЧНИ ПРЕМИНИ, ОБЕЗБЕДУВАЈЌИ НЕПРЕЧЕН ПРОТОК НА СТОКИ ВО ТЕКОТ НА ЦЕЛАТА КРИЗА. ИНИЦИЈАТИВАТА ЗЕЛЕНИ КОРИДОРИ Е УСПЕШЕН ПРИМЕР ШТО ГО МОТИВИРА РЕГИОНОТ ДА СЕ ВПУШТИ ВО НОВИ ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ПРИБЛИЖУВАЊЕ КОН ВНАТРЕШНИОТ ПАЗАР НА ЕУ**

Европската Унија и Западен Балкан во 2020 година започнаа регионална иницијатива за економска интеграција наречена: Заеднички регионален пазар на Западен Балкан, чија цел е економска интеграција на регионот врз основа на правилата на единствениот пазар на ЕУ до 2025 година. Лидерите на шест држави од Западен Балкан – Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија, го поддржаа Акцискиот план за заеднички регионален пазар 2021-2024 година на Самитот на Берлинскиот процес, што се одржа на 10 ноември 2020 година, во Софија.

Со непоколеблива поддршка од Европската комисија, приватниот сектор, економиите на Југоисточна Европа и релевантните регионални и меѓународни засегнати страни, Акцискиот план за заеднички регионален пазар е воспоставен како трансформативна алатка за зголемување на атрактивноста и конкурентноста на регионот и за негово приближување кон пазарите на ЕУ.

### Заеднички регионален пазар

Заедничкиот регионален пазар се надоврзува на достигнувањата на Регионалната економска област (РЕА) како прва регионална иницијатива од ваков вид. Значењето на Заедничкиот регионален пазар ќе има трансформативен ефект со тоа што ќе ги внесе државите од Западен Балкан на мапата за глобалните инвеститори. Со тоа: ќе создаде работни места и ќе понуди поголем избор, по пониски цени, за неговите потрошувачи и ќе им овозможи на луѓето да работат низ целиот регион. Имплементацијата на регионалните активности треба да претставува отскочна штица за фирмите од Западен Балкан за: нивно подобро интегрирање во европските синџири за снабдување и зајакнување на нивната конкурентност на европскиот и глобалниот пазар.

Во екот на Корона пандемијата, засилената пазарна интеграција на економиите од Западен Балкан значително помогна во: справувањето со среднорочните и долгорочните ефекти од пандемијата и привлекувањето инвестиции во продуктивни сектори и одржлива инфраструктура, како и во генерирање нови можности за граѓаните и деловната заедница. Цврсто насочен во напорите за зголемување на конкурентноста и регионалниот развој, Заедничкиот регионален пазар треба да има централна улога во создавањето силна економска основа за рестартирање и модернизација на економиите во регионот на Западен Балкан.

Економскиот и инвестицискиот план ја поздравува комплементарноста на Заедничкиот регионален пазар со процесот на интеграција во ЕУ бидејќи ќе го отвори патот за подлабока економска интеграција со единствениот пазар на ЕУ. Имплементацијата на секторските договори во оваа регионална рамка ќе се земат предвид при проценката на тоа колку се подготвени економиите од Западен Балкан за учество на единствениот пазар на ЕУ во дадениот сектор. Во овој поглед, поблиското интегрирање на регионот со Единствениот пазар на ЕУ пред економиите на Западен Балкан да пристапат кон Унијата е водечки принцип на овој Акциски план.

Акцискиот план за спроведување на Заедничкиот регионален пазар е составен од насочени дејства во четири клучни области:

- Регионална трговска област: слободно движење на стоки, услуги, капитал и луѓе, вклучително и меѓусекторски мерки, како што се Зелените ленти, за усогласување со правилата и

стандардите на ЕУ и обезбедување можности за компаниите и граѓаните;

- Регионална инвестициска област, за усогласување на инвестициските политики со стандардите на ЕУ и најдобрите меѓународни практики и промовирање на регионот пред странските инвеститори;
- Регионална дигитална област, за интегрирање на Западен Балкан во паневропскиот дигитален пазар; и
- Регионална индустриска и иновациска област, да ги трансформира индустриските сектори, да ги обликува синџирите на вредности на кои припаѓаат и да ги подготви за реалноста на денешницата и предизвиците на иднината.

### Атрактивност пред странските инвеститори

Во спроведувањето на активностите на Акцискиот план на Заедничкиот регионален пазар, важна улога имаат секретаријатите на ЦЕФТА и на Советот за регионална соработка, додека другите регионални и/или меѓународни структури се вклучени во конкретни активности во согласност со нивниот опсег на работа и програма. Конкретно, Советот за регионална соработка ја поддржува имплементацијата на акции коишто имаат за цел: да ја зголемат атрактивноста на регионот за странските инвеститори, да го интегрираат Западен Балкан во паневропската дигитална област, да ја надградат индустриската база и иновациската инфраструктура и да напредуваат кон слободно движење на луѓе и капитал. Секретаријатот на ЦЕФТА е вклучен во поддршка на спроведувањето на активностите за кои е потребно да се применува ЦЕФТА 2006 договорот за слободна трговија и да се прошират обврските и придобивките за ЕУ и другите трговски партнери. Перспективата и придонесот на приватниот сектор се обезбедува преку тесна соработка со Коморскиот инвестициски форум со цел да се олесни спроведувањето на заедничките акции.

Активностите на Заедничкиот регионален пазар се важен инструмент за справување со среднорочните и долгорочните ефекти од пандемијата. Засилената пазарна интеграција на земјите од Западен Балкан може да донесе дополнителен пораст за 6.7 % на БДП во регионот. Создавањето на Заедничкиот регионален пазар од 18

милиони луѓе, што ќе функционира врз основа на правилата на ЕУ, може да ја измени играта за Западен Балкан и да биде од корист и за регионот и за ЕУ. Како пример, се смета дека Заедничкиот регионален пазар:

- Ги зголемува придобивките од големите инфраструктурни проекти (за кои е потребно минимално ниво на пазарна интеграција во регионот);
- Се надоврзува на процесот на регулаторна конвергенција (усогласување со acquis) во кој е вклучен целиот регион;
- Има потенцијал да го направи регионот поатрактивна инвестициска дестинација, способна да има корист од блиските можности што произлегуваат од контекстот на пандемијата.

## Слободно движење на стоки како една од четирите слободи

Ако се направи преглед на тоа што е постигнато во рамки на активностите од Заедничкиот регионален пазат во делот на слободно движење на стоки, секако прво треба да се наведе усогласувањето на правилата и регулативите со основните принципи коишто го регулираат внатрешниот пазар на ЕУ, врз основа на пристапот за четири слободи преку аранжмани за: меѓусебно признавање, отстранување на пречките и намалување на трошоците и времето потребно за стоките, услугите, капиталот и луѓето да се движат слободно низ регионот. Можностите за раст и вработување ќе се подобрат, бидејќи либерализацијата на трговијата, тековите на капитал и мобилноста ќе доведат до проширување на пазарот, споделување технологија и повеќе инвестиции меѓу земјите од Западен Балкан. Големиот потенцијал на економиите ќе остане неискористен доколку трансферот на: стоки, услуги, капитал и луѓе не стане непречен низ целиот регион.

### 1. Овластени економски оператори (ОЕО)

Овластен економски оператор, како концепт, претставува потврда на соработка и партнерство меѓу царинскиот орган и трговските друштва вклучени во меѓународниот синџир за снабдување. Одобрението за Овластен економски оператор (ОЕО) што го издава Царинската управа претставува потврда дека компанијата имател

на одобрение за ОЕО е сигурен и безбеден партнер на царинскиот орган и има контрола над процесите на своето работење.

Царинењето на стоките во прекуграничната трговија е од исклучителна важност за подобрување на конкурентноста, како на извозниците, така на увозниците. Заради тоа, една од поважните активности во рамките на Заедничкиот регионален пазар е воведувањето на Програмата за Овластен економски оператор со цел да се промовира сигурноста на пратките што се извезуваат или увезуваат, но и забрзување на движењето на пратките.

Во регионалната трговија, вклучувајќи го Заедничкиот регионален пазар, организациите не се мерат само преку нивниот годишен профит, туку, исто така, и според начинот на вршење на нивните активности. Добивањето на статус ОЕО потврдува и докажува дека компанијата ги извршува нејзините активности во согласност со правилата и препораките што се релевантни за ефикасноста и безбедноста на нејзините операции. Придонесот на статусот ОЕО има значително влијание на професионалната компетентност и квалитетот на услугите што ги нуди компанијата, како што се брзината на спроведување на постапката, поедноставување на царинските постапки и на формалностите за царинење на стоките, и она што е најважно, гаранција дека стоките треба да пристигнат на крајното одредиште во точно предвиденото време.

Во сегашното регионално опкружување каде растот на регионалната и меѓународната трговија е клучен услов за економски напредок, потребни се компании и професионалци способни да го зголемат квалитетот на работата. Несомнено, статусот ОЕО е токму тој „плус“, таа „додадена вредност“, што ја прави регионалната трговија: побезбедна, побрза и поефикасна.

Во рамки на оваа активност од Акцискиот план за заеднички регионален пазар, силно се промовира развојот на ОЕО, а со тоа се придонесува за вклучување на македонските компании во глобалниот синџир за снабдување и зголемување на извозот.

Македонските компании треба да бидат цврсто посветени да се здобијат со статус Овластен економски оператор со цел да можат да се вклучат во регионалните синџири за снабдување во рамките на Заедничкиот регионален пазар и да ги искористат придобивките и поволностите со можност за заемно признавање на одобрениот статус во рамките на ЦЕФТА.

Со реализирање на оваа активност од Акцискиот план за Заеднички регионален пазар, македонските компании покрај поволностите во царинското подрачје на Република Северна Македонија, ќе може да ги добијат истите поволности во сите ЦЕФТА членки, односно: приоритетен третман при спроведување на царинските контроли, намален број на физички и документарни контроли од царинските органи, избор на местото за контрола и други директни и индиректни поволности.

**АКО СЕ НАПРАВИ ПРЕГЛЕД НА ТОА ШТО Е ПОСТИГНАТО ВО РАМКИ НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ЗАЕДНИЧКИОТ РЕГИОНАЛЕН ПАЗАТ ВО ДЕЛОТ НА СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА СТОКИ, СЕКАКО ПРВО ТРЕБА ДА СЕ НАВЕДЕ УСОГЛАСУВАЊЕТО НА ПРАВИЛАТА И РЕГУЛАТИВИТЕ СО ОСНОВНИТЕ ПРИНЦИПИ ШТО ГО РЕГУЛИРААТ ВНАТРЕШНИОТ ПАЗАР НА ЕУ, ВРЗ ОСНОВА НА ПРИСТАПОТ ЗА ЧЕТИРИ СЛОБОДИ: ПРЕКУ АРАНЖМАНИ ЗА МЕЃУСЕБНО ПРИЗНАВАЊЕ, ОТСТРАНУВАЊЕ НА ПРЕЧКИТЕ И НАМАЛУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ И ВРЕМЕТО ПОТРЕБНО ЗА СТОКИТЕ, УСЛУГИТЕ, КАПИТАЛОТ И ЛУЃЕТО ДА СЕ ДВИЖАТ СЛОБОДНО НИЗ РЕГИОНОТ. МОЖНОСТИТЕ ЗА РАСТ И ВРАБОТУВАЊЕ ЌЕ СЕ ПОДОБРАТ, БИДЕЈЌИ ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈАТА НА ТРГОВИЈАТА, ТЕКОВИТЕ НА КАПИТАЛ И МОБИЛНОСТА ЌЕ ДОВЕДАТ ДО ПРОШИРУВАЊЕ НА ПАЗАРОТ, СПОДЕЛУВАЊЕ ТЕХНОЛОГИЈА И ПОВЕЌЕ ИНВЕСТИЦИИ МЕЃУ ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН. ГОЛЕМ ПОТЕНЦИЈАЛ БИ ОСТАНАЛ НЕИСКОРИСТЕН ДОКОЛКУ ТРАНСФЕРОТ НА: СТОКИ, УСЛУГИ, КАПИТАЛ И ЛУЃЕ НЕ СТАНЕ НЕПРЕЧЕН НИЗ ЦЕЛИОТ РЕГИОН**

Посебен дел во Заедничкиот регионален пазар е посветен на меѓу-институционалната соработка. Ова е предвидено преку потпишување на меморандуми за соработка со сите гранични и државни органи коишто се вклучени во надворешната трговија.

Соработката меѓу граничните агенции на националната граница е фундаментална компонента за модернизирање на царинската служба и соодветна примена на стратегијата за гранична контрола. Таа се состои од хармонизирање на паралелните процеси и на технологиите што обезбедуваат различни гранични агенции да работат заедно во остварувањето на граничните цели.

Со имплементирање на стратегијата за гранично управување и постоење на договори или меморандуми за меѓународна соработка, како на домашно, така и на меѓународно ниво, државата може: значително да ги намали трошоците за извршување на меѓународната трговија, да ја подобри безбедноста и да ја зголеми севкупната можност за олеснување на трговијата и поголема наплата на приходи.

Примарната фаза во координираното гранично управување треба да претставува прибирање на податоците поврзани со извозот и увозот во една централна точка, каде што податоците треба да бидат анализирани и испратени на сите гранични агенции според нивната надлежност. Овие функции на: прибирање, анализа и распределување можат значително да се разликуваат според природата и мора да се земат предвид факторите, како што се: земјоделската контроли и безбедноста на производите. Ова треба на различните агенции да им овозможи да спроведат сопствени проценки во раните фази на извозот или увозот, што треба да придонесе за низа погодности, пред сѐ за засилена безбедност и забрзано царинење на стоките.

Република Северна Македонија и Царинската управа имаат постигнато солиден и значителен напредок во спроведувањето на Програмата за Овластен економски оператор. Северна Македонија има: валидна Програма за Овластен економски оператор, Прирачник за ОЕО, Стратегија за АЕО. Издадени се вкупно 25 одобренија за ОЕО на компании коишто се: производители, царински застапници или транспортери. Иако, можеби, бројот делува мал, треба да се спомене дека вкупниот број на царински декларации за увоз или извоз што се поднесуваат од ОЕО изнесува околу 46 % од вкупниот број на царински декларации, што претставува високо ниво на учество на ОЕО во вкупната трговија.

Во делот на меѓусебно признавање на одобренијата за ОЕО во рамки на ЦЕФТА, правна основа претставува Дополнителниот протокол 5 на ЦЕФТА на Договорот за изменување и пристапување на

**ДОМАШНИТЕ КОМПАНИИ ТРЕБА ДА БИДАТ ЦВРСТО ПОСВЕТЕНИ ДА СТЕКНАТ СТАТУС ОВЛАСТЕН ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР (ОЕО) СО ЦЕЛ ДА СЕ ВКЛУЧАТ ВО РЕГИОНАЛНИТЕ СИНЏИРИ ЗА СНАБДУВАЊЕ ВО РАМКИТЕ НА ЗАЕДНИЧКИОТ РЕГИОНАЛЕН ПАЗАР И ДА ГИ ИСКОРИСТАТ ПОВОЛНОСТИТЕ, СО МОЖНОСТ ЗА ЗАЕМНО ПРИЗНАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИОТ СТАТУС ВО РАМКИТЕ НА ЦЕФТА. СО РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ОВАА АКТИВНОСТ ОД АКЦИСКИОТ ПЛАН ЗА ЗАЕДНИЧКИ РЕГИОНАЛЕН ПАЗАР, МАКЕДОНСКИТЕ КОМПАНИИ, ПОКРАЈ ПОВОЛНОСТИТЕ ВО ЦАРИНСКОТО ПОДРАЧЈЕ НА РС МАКЕДОНИЈА, ЌЕ МОЖЕ ДА ГИ ДОБИЈАТ ТИЕ ПОВОЛНОСТИ ВО СИТЕ ЦЕФТА ЧЛЕНКИ, ОДНОСНО ДА ИМААТ: ПРИОРИТЕТЕН ТРЕТМАН ПРИ СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ КОНТРОЛИ, НАМАЛЕН БРОЈ НА ФИЗИЧКИ И ДОКУМЕНТАРНИ КОНТРОЛИ ОД ЦАРИНСКИТЕ ОРГАНИ, ИЗБОР НА МЕСТОТО ЗА КОНТРОЛА, И ДР.**

Централно-европскиот Договор за слободна трговија. Во рамки на ЦЕФТА, Република Северна Македонија има меѓународно призната програма за ОЕО, што претставува потврда дека Програмата е во согласност со стандардите на европското законодавство, како и со безбедносните и сигурносните стандарди.

Проверката за валидација во рамките на Заедничкиот регионален пазар, покрај Република Северна Македонија, ја имаат завршено и Србија и Албанија. Усвојувањето на Одлуката за меѓусебно признавање на ОЕО во рамките на ЦЕФТА треба да придонесе за широко промовирање на оваа активност и развој на регионалната соработка.

2. **Воспоставување на регионален пазар за е-трговија со усвојување на основни усогласени правила и принцип на внатрешен пазар, преку олеснување на царинењето на пратките и отстранување на гео-блокирањето**

Електронската трговија (е-трговија) е еден од клучните двигатели на економскиот развој и затоа претставува една од клучните интервентни области за подлабока регионална интеграција и соработка. Вкупниот обем на електронската трговија во ЦЕФТА-регионот бележи постојан пораст, но нејзиниот целосен потенцијал останува неискористен бидејќи не се искористени целосните можности. Е-трговијата се карактеризира со голем број пратки со мала вредност. Во рамки на оваа активност во прекуграничната е-трговија постојат различни предизвици за засегнатите страни од јавниот и приватниот сектор. Царината и другите релевантни владини агенции треба да обезбедат не само брз проток и царинење на стоката, туку и да управуваат со ризиците и да собираат приходи. Од друга страна, трговците треба да можат да ги организираат своите деловни активности преку Интернет и да ги исполнат барањата за извоз или увоз на стоки.

Други предизвици во рамките на е-трговијата се: нехармонизираната регулаторна рамка, недостатокот на спроведување на правата на потрошувачите, празнини во инфраструктурата за интернет и е-плаќање, недостатокот на интеграција на поштенските услуги со царината и другите агенции. Како резултат на ова, компаниите не можат целосно да ги искористат можностите што им се нудат. Главни активности што се преземаат во рамите на развојот на Заедничкиот регионален пазар во делот на е-трговијата е зголемување на

потенцијалот за оваа дејност со подобрување на регулаторната рамка, со цел на компаниите да им овозможат да ги искористи предностите од дадените можности.

**СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ЦАРИНСКАТА УПРАВА ИМААТ ПОСТИГНАТО СОЛИДЕН НАПРЕДОК ВО СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПРОГРАМАТА ЗА ОВЛАСТЕН ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР. ЗЕМЈАТА ИМА: ВАЛИДНА ПРОГРАМА ЗА ОЕО, ПРИРАЧНИК ЗА ОЕО, СТРАТЕГИЈА ЗА АЕО. ИЗДАДЕНИ СЕ ВКУПНО 25 ОДОБРЕНИЈА ЗА ОЕО НА КОМПАНИИ КОИШТО СЕ: ПРОИЗВОДИТЕЛИ, ЦАРИНСКИ ЗАСТАПНИЦИ ИЛИ ТРАНСПОРТЕРИ. ИАКО, МОЖЕБИ, БРОЈОТ ДЕЛУВА МАЛ, ТРЕБА ДА СЕ СПОМЕНЕ ДЕКА ВКУПНИОТ БРОЈ НА ЦАРИНСКИ ДЕКЛАРАЦИИ ЗА УВОЗ ИЛИ ИЗВОЗ ШТО СЕ ПОДНЕСУВААТ ОД ОЕО ИЗНЕСУВА ОКОЛУ 46 % ОД ВКУПНИОТ БРОЈ НА ЦАРИНСКИ ДЕКЛАРАЦИИ, ШТО ПРЕТСТАВУВА ВИСОКО НИВО НА УЧЕСТВО НА ОЕО ВО ВКУПНАТА ТРГОВИЈА**

Освен ова, во рамките на оваа активност треба да се придонесе за спроведување на обврските од Дополнителниот протокол 6 што се однесуваат на е-трговијата. Овој аспект се рефлектира во Дополнителниот протокол 6 (АП6) за трговија со услуги од Централноевропскиот договор за слободна трговија (ЦЕФТА), што беше усвоен во декември 2019 година.

Главните активности за остварување на оваа цел се однесуваат на зајакнување на условите на регулаторната рамка за прекуграничната е-трговија, преку имплементација на ЦЕФТА Патоказ за е-трговија за дијалог за регулаторни прашања со цел намалување на трошоците за е-трговија. Ова ќе придонесе за: хармонизација на законодавството за е-трговија, намалување на трансакциските трошоци и олеснување на царинските процедури во согласност со: стандардите, барањата и практиките на Европската Унија.

Главни активности за наредниот период се:

- Поедноставување на регулаторната средина преку развој на основни правила и клучни принципи за прекуграничната електронска трговија за намалување на трошоците во согласност со регулативата и практиките на ЕУ;
- Развој на царински и трговски прекугранични правила за е-трговија коишто опфаќаат: делумно или целосно транспонирање на регионално ниво на пакетот за е-трговија на ЕУ за ДДВ, подобрување на царинските процедури за редовни или поедноставени царински постапки за е-трговија во согласност со ЕУ и стандардите на Светската царинска организација;

- Да се обезбеди имплементација на основните развиени правила и договорени принципи притоа поддржувајќи го создавањето врски со релевантните регулаторни структури на ЕУ за промовирање на споделување на искуства поврзани со релевантната регулатива на ЕУ.

**3. Развој и подобрување на Зелените коридори, нивна достапност 24/7 на проширената мрежа на граничните премини и на заедничките гранични премини и проширување на Зелените коридори со државите-членки на ЕУ**

Со население од речиси 18 милиони, Западен Балкан е важен пазар за ЕУ и транзитна област за европските и меѓународни стоки. Низ Северна Македонија минуваат паневропските коридори VIII и X. Коридорот X е наша порта кон остатокот од ЕУ, додека Коридорот VIII е клучна точка за поврзување на Црното и Јадранското Море.

Пандемијата на Ковид-19 дополнително ја забрза амбицијата кон поголема регионална интеграција, покажувајќи ги важните врски помеѓу пазарите во регионот, како и меѓу економиите на ЕУ и земјите од Западен Балкан. За време на овие предизвикувачки времиња, регионот работеше заедно за брзо и ефикасно воспоставување Зелени коридори на критичните гранични/заеднички премини, обезбедувајќи непречен проток на стоки во текот на целата криза. Иницијативата Зелени коридори е успешен пример што го мотивира регионот да се впушти во нови регионални иницијативи насочени кон приближување на Западен Балкан кон внатрешниот пазар на ЕУ.

Соработката во рамките на Заедничкиот регионален пазар ги подготвува земјите од регионот да работат заедно врз основа на четирите слободи на единствениот пазар на ЕУ – слободно движење на луѓе, стоки, услуги и капитал. Транспортот, како основен двигател на целата економска активност, игра клучна улога во овој процес. Во нашите напори да го олесниме транспортот со ЕУ, сакаме регионот да биде поконкурентен и поатрактивен за инвестиции. Ова може да се постигне само ако регионот е добро поврзан, државите меѓусебно, но и понатаму со земјите од ЕУ. Добро поврзаниот Западен Балкан може да послужи и да профитира како столб на трансконтиненталното поврзување меѓу Европа и Азија.

Зелените ленти беа заеднички воведени од: Царинската управа, Транспортната заедница и ЦЕФТА Секретаријатот, на почетокот на

кризата со Ковид-19. Се постигна договор за приоритет на одредени суштински стоки како што се: храна и медицински материјали преку електронска размена на информации меѓу граничните органи и преку овозможување 24/7 работење на граничните агенции на дефинираните гранични премини. Ова осигури дека нема недостиг на основни добра во регионот во најкритичниот период за време на пандемијата.

**ЗЕЛЕНИТЕ ЛЕНТИ БЕА ЗАЕДНИЧКИ ВОВЕДЕНИ ОД: ЦАРИНСКАТА УПРАВА, ТРАНСПОРТНАТА ЗАЕДНИЦА И ЦЕФТА СЕКРЕТАРИЈАТОТ, НА ПОЧЕТОКОТ ОД КОРОНА КРИЗАТА. СЕ ПОСТИГНА ДОГОВОР ЗА ПРИОРИТЕТ НА ОДРЕДЕНИ СУШТИНСКИ СТОКИ, КАКО: ХРАНА И МЕДИЦИНСКИ МАТЕРИЈАЛИ, ПРЕКУ ЕЛЕКТРОНСКА РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ МЕЃУ ГРАНИЧНИТЕ ОРГАНИ И РАБОТЕЊЕ 24/7 НА ГРАНИЧНИТЕ АГЕНЦИИ. ОВА ОСИГУРИ ДЕКА НЕМА НЕДОСТИГ НА ОСНОВНИ ДОБРА ВО РЕГИОНОТ ВО НАЈКРИТИЧНИОТ ПЕРИОД ЗА ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈАТА. ПО ОВАА КРИЗА МОРА ДА СЕ ФОКУСИРАМЕ НА ОДРЖЛИВИ РЕШЕНИЈА ШТО ЌЕ НИ ПОМОГНАТ ДА ГИ УБЛАЖИМЕ ПОСЛЕДИЦИТЕ. РЕГИОНАЛНАТА ТРГОВСКА СОРАБОТКА И СЛОБОДНОТО ДВИЖЕЊЕ НА СТОКИ И УСЛУГИ МОЖЕ ДА ОБЕЗБЕДАТ ИСПОРАКА НА ЗАЛИХИ ТАМУ КАДЕ ШТО СЕ НАЈПОТРЕБНИ, ДОКОЛКУ СЕ ИСПОРАЧУВААТ НА ВРЕМЕ И НА ИСПЛАТЛИВ НАЧИН. ЗАТОА, ОД СУШТИНСКО ЗНАЧЕЊЕ Е ПРОДОЛЖУВАЊЕТО И НАДГРАДБАТА НА КОНЦЕПТОТ НА ЗЕЛЕНИ ЛЕНТИ ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН И НИВНО ПРОШИРУВАЊЕ ДО ПРЕМИНИТЕ СО СОСЕДНИТЕ ЗЕМЈИ-ЧЛЕНКИ НА ЕУ**

По пандемијата, мора да се фокусираме на одржливи решенија што ќе ни помогнат да ги ублажиме последиците. Регионалната трговска соработка и слободното движење на стоки и услуги може да обезбедат испорака на залихи таму каде што се најпотребни, доколку се испорачуваат навреме и на исплатлив начин. Затоа, продолжување и надградба на концептот на Зелени ленти во Западен Балкан и нивно проширување до премините со соседните земји-членки на ЕУ е од суштинско значење, имајќи предвид дека ЕУ е најважниот трговски и инвестициски партнер на Западен Балкан.

Веќе е постигнат значителен напредок на овој план – договорена е листа на гранични премини меѓу Западен Балкан и ЕУ, како и листа на приоритетни стоки и лекови кои можат непречено да ги минуваат границите. Координацијата е клучна во овој процес. Едноставното синхронизирање на работното време на граничните агенции многу придонесува за намалување на времето на чекање и олеснување на транспортот на луѓе и стоки.

Во однос на натамошното унапредување на слободното движење на стоките, во активностите на

Акцискиот план за Заеднички регионален пазар 2021-2024 година за Западен Балкан, акцент е ставен на зголемувањето на нивото на трговската интеграција, обемот на меѓусебно тргување со стока, како и олеснување на слободното движење на истите.

Република Северна Македонија во јули 2022 година потпиша Меморандум со Грција за проширување на зелените коридори кон Грција. Зелените коридори, исто така, се проширени кон Италија со потпишување на меморандуми меѓу: Албанија и Италија и Црна Гора и Италија (септември 2022 година), како и кон Хрватска со потпишување на меморандуми меѓу: Хрватска и Босна и Херцеговина и Црна Гора (декември 2022 година).

4. **Проширување и подобрување на ЦЕФТА за управување со ризик и систематска размена на електронски податоци (SEED) до сите агенции вклучени во царинењето на стоки**

Во рамки на оваа активност, со цел олеснување на трговијата, е усвоена Стратегија за управување со царински ризик, како и Акциски план за управување со ризик за периодот 2020-2024 година. Главни елементи на Стратегијата се:

- Стратегијата е базирана на употреба на информатичко-комуникациски технологии (ИКТ+). Стратегијата има предвид дека информатичката и комуникациската технологија се неопходни и дека се менуваат со огромна брзина. Страните на ЦЕФТА се соочуваат со големи технолошки промени. Имплементацијата на едношалтерскиот систем и растот на односите со економските оператори ќе генерираат нова архитектура на електронски пораки меѓу: трговците, превозниците и органите присутни на граница, што ќе биде основа на новите царински постапки. Во Стратегијата се препорачува зголемување на инвестициите и напорите на ЦЕФТА за страните во информатичката и комуникациската технологија, за што ќе бидат потребни значителни финансиски средства и голема флексибилност;
- Стратегијата е управувана со податоци. Во минатото, стратегиите за управување со ризик користеле принцип на веројатност. Специфични видови на стоки, со потекло од специфични земји, биле избрани за контрола затоа што претходно слични испораки биле проблематични или затоа што нивните суштински карактеристики претпоставувале ризик

и требало да се контролираат. Контролите биле дизајнирани врз основа на искуството добиено од претходните проверки. Новиот вид на контрола треба да се базира врз огромниот број податоци достапни за царинските органи;

- Стратегијата е ориентирана кон мерење на целите. Со ова се предвидува мерењето на перформансите во Царината: да ги зема предвид ризиците во однос на целите, да обезбеди описна статистика за откривање и заплени и елементи за мерење на ефикасноста.

За примена на Стратегијата во рамките на ЦЕФТА, воспоставен е Системот за електронска размена на податоци (SEED), финансиран од ЕУ, што поддржува електронска размена на информации пред пристигнување помеѓу царинските управи во рамките на ЦЕФТА. Во текот на пандемијата SEED се користеше за електронски испраќања на информациите за пристигнување на приоритетни пратки, однапред до сите агенции вклучени во царинењето на стоката, за да можат навреме да се подготват и на тие пратки да им се даде приоритетен премин. Ова значително го забрза процесот на царинење на стоките што беа означени како приоритетни.

Списокот на ЦЕФТА на основните стоки ги содржи: основните производи за храна и добиточна храна и списокот на медицински материјали од Светската царинска организација. Во зависност од потребите на страните, списокот на основните добра може да се преиспитува и менува.

Значителни резултати во употребата на SEED се постигнати преку имплементација на концептот на Зелени коридори од април 2020 година, кога во рамките на овој систем се менуваат податоци помеѓу ЦЕФТА страните за: празни камиони, податоци од транзитните декларации и од увозните и извозните декларации.

Во рамки на Стратегијата се направени неколку пилоти за утврдување на заеднички профили на ризик, при што се постигнати солидни резултати.

## 5. Предизвици, препораки и перспективи

Ако регионалната соработка навистина го достигне својот полн потенцијал, се очекува тоа да помогне да се надминат тешкотиите со кои моментално се соочуваат земјите од Западен Балкан на нивниот пат за пристапување во ЕУ. Во оваа насока, Заедничкиот

регионален пазар е комплементарен со долгорочниот пристап на Унијата насочен кон забрзување на економска конвергенција на регионот со просекот на ЕУ. За таа цел, Европската комисија одобри економски и инвестициски план од неколку милијарди евра за Западен Балкан. Напорите за проширување на режимот на Зелените ленти до граничните премини со државите-членки на ЕУ би можеле да придонесат за дополнително намалување од 30 % на времето поминато на стоките на границите.

Понатаму, регионалната интеграција би можела да придонесе и за максимизирање на потенцијалот на ревидираната методологија за проширување предложена од Комисијата, насочена кон внесувањето нова енергија во процесот на проширување. Она што ја издвојува оваа методологија е фактот дека ја отвори можноста за диференцирање, секторска интеграција, овозможувајќи им на кандидатите пристап до различни области на политиката, со свое темпо и условени по одредници.

Како главни предизвици во спроведувањето на Заедничкиот регионален пазар може да се наведат следниве:

- Постојните политички разлики мора да се остават на страна во корист на попрагматичен и граѓански приод. Потребно е итно усвојување на сите одлуки и препораки на ЦЕФТА Секретаријатот за функционирање на Заедничкиот регионален пазар (на пример – Одлуката за заемно признавање на ОЕО статусот, Одлуката за заеднички профили на ризик, препораки за заеднички профили во е-трговијата);
- Секретаријатот на ЦЕФТА треба да добие извршни овластувања за спроведување на договорените мерки. Неговиот авторитет строго би бил ограничен на прашања поврзани со трговијата содржани во Акциониот план и неговите одлуки може да бидат целосно обврзувачки или, алтернативно, обврзувачки во однос на целите што треба да се постигнат. На овој начин ЦЕФТА, всушност, би ги имала потребните овластувања за да го постигне она што ѝ е доделено за надминување на проблемот со политичкото мешање,
- Зелените коридори со државите-членки на ЕУ коишто граничат со ЦЕФТА, треба да станат двострани, односно наместо досегашната пракса само ЦЕФТА страните да праќаат податоци

до граничните ЕУ држави, и државите-членки на ЕУ да праќаат повратни информации со цел да ја олеснат трговијата;

- Промотивните и информативните активности треба да се прошират. Како што граѓаните веќе можат да уживаат опипливи придобивки, треба јасно да се соопшти дека тоа е овозможено со регионална соработка која има уште многу да понуди. На овој начин, јавната поддршка за продолжување на овој процес би можела да се зајакне со олеснување на многу тешкотии што произлегуваат од неодобрувањето од јавноста;
- За целосна економска интеграција и целосно функционирање на Заедничкиот регионален пазар, потребно е донесување на Заедничка царинска тарифа што би се применувала во сите земји на ЦЕФТА, но и премин од фаза на зона на слободна трговија во царинска унија.

*(Златко Ветеровски е доктор по економски науки и вработен во Царинската управа на Република Северна Македонија, како помошник директор во Секторот за меѓународна соработка и европски интеграции, проекти и стратешко планирање. Има повеќе од 30 години работно искуство во областа на: царинските постапки, надворешно-трговското работење и европските интеграции. Автор е на низа научни и стручни трудови во областа на царинското работење. Посетувал стручно усовршување во Светската царинска организација во Брисел.)*



# КОНЦЕПТОТ СТРАТЕГИЈА ЗА ПАМЕТНА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА (С3) КАКО НОВА ИНОВАТИВНА ПОЛИТИКА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

ЈАСМИНА МАЈСТОРОСКА

**ПРЕКУ ИДЕНТИФИКУВАЊЕ НА КЛУЧНИТЕ ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ, С3 ИМА ЗА ЦЕЛ ДА ГИ СТАВИ ИСТРАЖУВАЧКИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО СЛУЖБА НА ДЕЛОВНИТЕ И ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПОТРЕБИ. КЛУЧНАТА ПРЕДНОСТ НА КОНЦЕПТОТ С3 Е ПАРТИЦИПАТИВНАТА УЛОГА НА СИТЕ ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ ВО ПРОЦЕСОТ НА ОСМИСЛУВАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА, СТИМУЛИРАЈЌИ ЈА СОРАБОТКАТА И ПАРТНЕРСТВАТА. ОВА ЌЕ ГИ ЗАЈАКНЕ ВРСКИТЕ И МРЕЖИТЕ ПОМЕЃУ: ДЕЛОВНИТЕ СУБЈЕКТИ, ОБРАЗОВНИТЕ И ИСТРАЖУВАЧКИТЕ ИНСТИТУЦИИ, НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ, ИНОВАТОРИТЕ, ВЛАДАТА И ДРУГИТЕ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ СТРАНИ, СО ЦЕЛ ДА СЕ ВОСПОСТАВАТ НОВИ СИНЏИРИ НА ВРЕДНОСТИ СПОРЕД ЕКОНОМСКИТЕ ПРИНЦИПИ ШТО ПРИДОНЕСУВААТ ЗА РАСТ И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА**

Во изминатата деценија, Паметната специјализација стана важен поим во економската политика за регионален развој и конкурентност водени од иновации, врз основа на поддршката за развој на капацитетите на ендогената индустрија, преку давање приоритет на домени како приоритетни области идентификувани поради потенцијалот што го имаат во: економијата, иновациите, истражувањето и развојот (ИР) и науката.

Националната или регионалната Стратегија за паметна специјализација (С3) се смета за алатка за концентрирање на економските инвестиции во области во коишто земјата има критична маса на: знаење, капацитети и компетенции и во коишто има иновативен потенцијал за позиционирање на глобалниот пазар, максимизирајќи го позитивното влијание на: конкурентноста, растот и работните места.

Паметната специјализација понуди нов, интегриран збир на принципи

коишто го водат вложувањето во иновациите преку приоретизирање и концентрација на јавните ресурси и мобилизација на локални средства и претприемачки капацитет.[1]

Концептот на Стратегијата за Паметна специјализација е во срцта на Стратегијата за кохезиона политика на Европската Унија и е правен предуслов, познат и како екс-анте (ex-ante) условеност, за користење на Европскиот фонд за регионален развој (ЕФРР), кој е главен извор за финансирање на Европската кохезиона политика. Европската Унија обезбеди преку 67 милијарди евра за поддршка на овие стратегии, во рамките на Европскиот фонд за регионален развој (програмски период 2014-2020), заедно со националното и регионално финансирање.

Повеќе од 120 стратегии за паметна специјализација се изработени низ Европа – некои од нив регионално базирани, а други се национални стратегии за паметна специјализација.

Мотивацијата за подготвување RIC3 меѓу земјите-членки на ЕУ е многу јасна. Имено, Кохезионата политика на Европската комисија има за цел да ги намали разликите и да обезбеди рамномерен развој меѓу регионите, а структурните фондови се меѓу нејзините главни алатки. Нејзиното ефикасно користење и управување е клучен фактор во многу региони во Европа за надминување на економската криза и зајакнување на закрепнувањето на одржлив начин.

Очекуваните достигнувања на политиките на С3 во ЕУ до 2020 година вклучуваа и воведување на 15.000 нови производи на пазарот и создавање на 140.000 нови старт-ап и 350.000 нови работни места.

Согласно овој пристап, регионите и земјите изработуваат стратегии за истражување и иновации за паметна специјализација преку анализа базирана на докази, реализирана преку квантитативно и квалитативно мапирање на: економскиот, иновацискиот и научниот потенцијал, проследена со процес на претприемачко откривање кој се состои од дијалог меѓу јавниот и приватниот сектор, како и академската заедница и граѓанското општество во четворен хеликс пристап.

Паметната специјализација е пристап кој се однесува на конкретното место, со насока оддолу-нагоре, заснован врз партнерства

1 https://rsa.tandfonline.com/doi/full/10.1080/00343404.2019.1607970

**ПАМЕТНАТА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА Е ПРИСТАП КОЈ СЕ ОДНЕСУВА НА КОНКРЕТНОТО МЕСТО, СО НАСОКА ОДДОЛУ-НАГОРЕ, ЗАСНОВАН ВРЗ ПАРТНЕРСТВА ПОМЕЃУ: БИЗНИСИ, ЈАВНИ СУБЈЕКТИ И ИНСТИТУЦИИ ВО ПРОЦЕСОТ НА ИЗРАБОТКАТА НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ПАМЕТНА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА, КАКО И ВО ПРОЦЕСОТ НА НЕЈЗИНО СПРОВЕДУВАЊЕ. ОД НИВО НА ПОЛИТИКА, ПРИСТАПОТ ЗА ПАМЕТНА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА Е КОМБИНАЦИЈА НА: ИНДУСТРИСКИ, ИНОВАТИВНИ И ОБРАЗОВНИ ПОЛИТИКИ КОИ ГИ СОВЕТУВААТ ЗЕМЈИТЕ И РЕГИОНИТЕ ДА ИДЕНТИФИКУВААТ И ДА ИЗБЕРАТ ОГРАНИЧЕН БРОЈ ОБЛАСТИ НА КОИ ЌЕ ИМ СЕ ДАДЕ ПРИОРИТЕТ ЗА ИНВЕСТИЦИИ БАЗИРАНИ ВРЗ ЗНАЕЊЕ. ПРИТОА, ЦЕЛТА Е ДА СЕ СТАВИ ФОКУС ВРЗ НИВНИТЕ СИЛНИ СТРАНИ И КОМПАРАТИВНИ ПРЕДНОСТИ**

меѓу: бизниси, јавни субјекти и институции во процесот на изработката на стратегијата за паметна специјализација, како и во процесот за нејзино спроведување.

Од ниво на политика, пристапот за паметна специјализација е комбинација на: индустриски, иновативни и образовни политики коишто ги советуваат земјите и регионите да идентификуваат и да изберат ограничен број области на коишто ќе им се даде приоритет за инвестиции базирани на знаење. Притоа, целта е да се стави фокус врз нивните силни страни и компаративни предности.[2]

Во однос на перспективите на СЗ во претстојниот програмски период (2021-2027) се предлага, меѓу другото: „Голем дел од инвестициите на Европскиот фонд за регионален развој и кохезиониот фонд ќе се доделат за: иновации, поддршка на малите бизниси, дигитални технологии и индустриска модернизација. Ќе бидат наменети и за промената кон нискојаглеродна, циркуларна економија и борбата против климатските промени, на тој начин реализирајќи ги обврските од Парискиот договор“. Стратегијата за паметна специјализација во претстојниот програмски период ќе се фокусира на неколку услови за фондот ЕФРР кои се однесуваат на: „1. Ажурирана анализа на тесните грла за дифузија на иновации, меѓу другото и дигитализација; 2. Постоење на надлежна регионална/национална институција или орган, одговорен за управување со Стратегијата за паметна специјализација; 3. Алатки за следење и евалуација за мерење на успешноста на Стратегијата; 4. Делотворно функционирање на процесот на претприемачко откривање; 5. Потребни се дејствија да се подобрат националните и регионалните системи за

2 https://www.oecd.org/sti/inno/smartspecialisation.htm

истражување и иновации; 6. Дејствија за управување со индустриската транзиција; 7. Мерки за внатрешна соработка“.[3]

### Паметната специјализација прифатена од земјите од Западен Балкан

Економиите од Западен Балкан се обврзаа да изработат стратегии за паметна специјализација за истражување и иновации засновани врз конкретното место со цел: да ја олеснат трансформацијата заснована врз знаење, да ја подобрат конкурентноста и да поттикнат структурни промени во економиите.

Овој напор е поддржан од Европската комисија, особено од: Заедничкиот истражувачки центар, Генералниот директорат за соседство и преговори за проширување и Генералниот директорат за истражување и иновации.

Целиот Западен Балкан прави напори да ги промовира истражувањето и иновациите – пред сè преку соработка меѓу академската заедница и бизнис секторот. Триаголникот на знаење е моторот што ја движи економијата, растот и работните места и обезбедува просперитетна и зелена иднина.

Во рамките на ЕУ, постоењето на политика за паметна специјализација претставуваше ex-ante условување за добивање финансирање на политиката за кохезија, додека за економиите што се стремат да бидат дел од проширувањето на ЕУ не постои услов за паметна специјализација, така што постои предизвик за обезбедување доволно финансии потребни за спроведување и стимулирање на трансформацијата.

Стратегијата за паметна специјализација е дел од преговорите за пристапување во ЕУ во рамките на поглавјата: 25 – Истражување и наука и 20 – Претпријатија и индустриска политика.

Поддржани од Европската комисија и Заедничкиот истражувачки центар, економиите од Западен Балкан почнаа да ги анализираат своите економски и иновациски потенцијали и да ги елаборираат своите стратегии за паметна специјализација базирани на докази. Таквата ориентација има за цел да ја промовира агендата водена од иновациите во средина која се карактеризира со

3 https://www.onlineC3.eu/wp-content/onlineC3-files/22%20Intelligence%20and%20co-creation%20in%20Smart%20Spec.pdf, стр. 11

економска трансформација и потреба од градење модели за одржлив раст. Процесот на паметна специјализација се стреми да идентификува различни приоритетни области врз основа на анализа на: економските, иновациските и научните потенцијали и дијалогот со засегнатите страни. Овие приоритетни области треба да останат во фокусот на националните власти за натамошни инвестиции и насочени политички дејствија, бидејќи ги претставуваат полињата на коишто економијата постигнала извонредност и врз основа на коишто може да изгради одржлива конкурентност.

**ЗАПАДЕН БАЛКАН ПРАВИ НАПОРИ ДА ГИ ПРОМОВИРА ИСТРАЖУВАЊЕТО И ИНОВАЦИИТЕ – ПРЕД СÈ ПРЕКУ СОРАБОТКА МЕЃУ АКАДЕМСКАТА ЗАЕДНИЦА И БИЗНИС СЕКТОРОТ. ТРИАГОЛНИКОТ НА ЗНАЕЊЕ Е МОТОРОТ ШТО ЈА ДВИЖИ ЕКОНОМИЈАТА, РАСТОТ И РАБОТНИТЕ МЕСТА И ОБЕЗБЕДУВА ПРОСПЕРИТЕТНА И ЗЕЛЕНА ИДНИНА. ВО РАМКИТЕ НА ЕУ, ПОСТОЕЊЕТО НА ПОЛИТИКА ЗА ПАМЕТНА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА ПРЕТСТАВУВАШЕ EX-ANTE УСЛОВУВАЊЕ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОЛИТИКАТА ЗА КОХЕЗИЈА. ЗА ЕКОНОМИИТЕ ШТО СЕ СТРЕМАТ ДА БИДАТ ДЕЛ ОД ПРОШИРУВАЊЕТО НА ЕУ НЕ ПОСТОИ УСЛОВ ЗА ПАМЕТНА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА, НО ПОСТОИ ПРЕДИЗВИК ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ДОВОЛНО ФИНАНСИИ ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ И СТИМУЛИРАЊЕ НА ТРАНСФОРМАЦИЈАТА. S3 Е ДЕЛ ОД ПРЕГОВОРИТЕ ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ ВО ЕУ, ВО РАМКИ НА ПОГЛАВЈАТА: 25 – ИСТРАЖУВАЊЕ И НАУКА И 20 – ПРЕТПРИЈАТИЈА И ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА**

Новата Стратегија на ЕУ за Западен Балкан образложува на каков начин паметната специјализација може да се спроведе преку трансфер на технологија и поддршка за старт-ап со цел да се поттикне претприемништвото и иновациите ширум регионот.

Успешната структурна трансформација на економиите на Западен Балкан, водена од иновациите, треба да се заснова врз суштинско разбирање на постојните економски потенцијали, како и врз предизвиците и меѓусебните односи помеѓу традиционалните и новите сектори.

Во 2017 година, шефовите на владите на: Албанија, Босна и Херцеговина, Македонија, Косово, Црна Гора и Србија, одобрија Повеќегодишен акциски план за регионална економска област на Западен Балкан. Со него беа опфатени и стратегиите за економски развој засновани врз знаење и иновации и надградба на искуството од паметната специјализација од земјите-членки и регионите на ЕУ.

Со поддршка на ЗИЦ (анг. JRC), сите земји од Западен Балкан го започнаа процесот за изработка на иновациска политика заснована врз докази, дефинирајќи ги домените за паметна специјализација, врз основа на детална анализа на: капацитетите, предностите и потенцијалите за раст, како и воспоставување структура на управување и дијалог со сите релевантни чинители.

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2018 ГОДИНА ГО ЗАПОЧНА РАЗВОЈОТ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ПАМЕТНА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА, КАКО НОВА ИНОВАЦИСКА СТРАТЕГИЈА И СЕОПФАТЕН МОДЕЛ ЗА ОДРЖЛИВ ЕКОНОМСКИ РАСТ ЗАСНОВАН ВРЗ КАПАЦИТЕТИТЕ НА: ЕНДОГЕНАТА ИНДУСТРИЈА, НАУКАТА И ОПШТЕСТВОТО. СТРАТЕГИЈАТА Е ВО ПОСЛЕДНАТА ФАЗА НА ИЗРАБОТКА, А СЕ ОЧЕКУВА ВО ПРВИОТ КВАРТАЛ ОД 2023 ГОДИНА ДА БИДЕ УСВОЕНА ОД ВЛАДАТА. ОД САМИОТ ПОЧЕТОК, ПРОЦЕСОТ Е КООРДИНИРАН И ПОДДРЖАН ОД ЗИЦ, А ВО НЕКОИ ФАЗИ БЕШЕ ОБЕЗБЕДЕНА СТРУЧНА ПОДДРШКА И ОД ДРУГИ ДОНАТОРСКИ ПРОЕКТИ. ЦЕЛТА НА СЗ Е ДА ГИ ИДЕНТИФИКУВА ОБЛАСТИТЕ НА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА ВО КОИШТО РС МАКЕДОНИЈА БИ МОЖЕЛА ДА ИЗГРАДИ КОМПАРАТИВНИ ПРЕДНОСТИ И ДА ГИ МАКСИМИЗИРА ЕФЕКТИТЕ ОД ЈАВНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ**

Со цел да се олесни процесот за развој на СЗ, ЗИЦ подготви: „Водич за стратегии за истражување и иновации за паметна специјализација“,[4] како и Рамка за паметна специјализација за проширувањето на ЕУ и соседните земји со алатки и методологии за поддршка на агендата за иновации на Западен Балкан.[5]

Во овие документи е претставена методологијата и конкретните чекори на процесот на развој на Западен Балкан, овозможувајќи вклучување и активирање на сите засегнати страни.

Економиите во регионот на Западен Балкан имаат различни структури, како и различни економски и иновациски потенцијали во однос на нивната интеграција во транснационалните иновациски екосистеми и синџири на вредности. Но, исто така, постојат многу сличности во однос на клучните економски домени ширум Западен Балкан.

Идентификацијата на перспективните области е меѓу главните цели на развојот на економската и иновациската политика и

4 https://ec.europa.eu/jrc/sites/jrcsh/files/RIC3_GUIDE_FINAL.pdf

5 Поддршка на агендата за иновации за Западен Балкан: алатки и методологии, Заеднички истражувачки центар на Европската комисија, 2018 година https://C3platform.jrc.ec.europa.eu/documents/20182/201464/Поддршка+а+иновативна+агенда+за+западен+балкан+-+Tools+and+Methodologies/f7a54003-7e75-469f-f9caeadfc59e

централна точка на пристапот на Паметна специјализација. Економиите од регионот на Западен Балкан применуваат Паметна специјализација за да ги одредат економските домени во кои треба да ги насочат натамошните напори кон искористување на севкупниот потенцијал.

Веќе се изработени и усвоени стратегиите за паметна специјализација во Србија и Црна Гора.[6]

Србија беше првата што започна со процесот на мапирање во 2017 година, по што следеше и Црна Гора, една година подоцна. Во јуни 2019 година, Црна Гора стана првата економија која не е членка на ЕУ, а ја заврши фазата на мапирање и процесот на претприемачко откривање, добивајќи позитивно мислење од Европската комисија, во декември 2019 година.

Црногорската С3 за периодот 2019-2024 година ќе послужи како основа за приоритетни инвестиции во истражување и иновации од околу 174 милиони евра.

Од оваа сума се очекува: Владата да обезбеди 116,4 милиони евра, приватниот сектор 21,7 милиони евра, ЕУ 33,5 милиони евра и други меѓународни извори околу 2,5 милиони евра. Беа идентификувани и приоритетните домени:

- Одржливо земјоделство и синџир на вредности на храна;
- Енергетика и одржлива средина;
- Одржлив и здравствен туризам;
- ИКТ, како хоризонтална димензија која обезбедува деловна и технолошка поддршка на останатите приоритетни области.

Во Србија, процесот С3 е инициран од Министерството за образование, наука и технолошки развој. Во февруари 2020 година, Владата на Србија го усвои С3 под наслов: „Србија создава иновации“, со четири приоритетни сектори:

- Храна за иднината;
- ИКТ;
- Идни машини и производствени системи;
- Креативни индустрии.

6 https://www.rcc.int/pubs/149/western-balkans-research-and-innovation-infrastructure-roadmap

Албанија го започна процесот во септември 2017 година, предводен од Министерството за образование, спорт и млади. Започна со изработка на Стратегијата за паметна специјализација на Албанија, којашто треба да биде готова до 2023 година.

Главните приоритетни сектори, по мапирањата кои сè уште се предмет на конечна дискусија за ППО (процес на претприемачко откривање) се:[7]

- Земјоделство, рибарство и аквакултура;
- Производство;
- Енергија;
- Сместување и помошни услужни дејности;
- Информации и комуникација;
- Административни и помошни услужни дејности.

Босна и Херцеговина, Косово, се во рана фаза од процесот на подготовка на нивната С3.

Откако сите земји ќе ја усвојат својата С3, постои можност за нова форма на соработка, водена од: знаење, иновации, наука и заедничка визија за иднината. Постојат многу паралелни иницијативи за поддршка на поблиска соработка меѓу земјите од ЗБ, водени со мапирање на инфраструктурата за истражување и развој, анализа на синџирите на вредности во економиите на ЗБ, со цел за: збогатување на потенцијалот за регионална соработка во приоритетните области, нови регионални иницијативи за зајакнување на институционалната инфраструктура, стимулирање соработка со проекти и платформи на ЕУ, итн.

Процесите за паметна специјализација во Западен Балкан укажаа на фактот дека постојат одредени приоритетни области, кои се чини дека се заеднички за повеќе економии од регионот. Зголемената соработка во овие области може: да го поттикне економскиот раст на регионот, да ги подигне другите индустрии преку вкрстени иновации, да ги надгради регионалните синџири на вредности и да идентификува алтернативни специјализирани области, за да се натпреварува на меѓународните пазари.

7 https://C3platform.jrc.ec.europa.eu/w/the-identification-of-smart-specialisation-priority-domains-in-albania.-a-mapping-exercise

Мерките за политики треба: да ги стимулираат националните капацитети во нивниот раст и извонредност, да ја зголемат свеста и знаењето за регионалните потенцијали и можности за соработка, како и проектите и иницијативите на ЕУ за соработка.

**С3 процес во Република Северна Македонија**

Република Северна Македонија во 2018 година го започна процесот за развој на Стратегијата за паметна специјализација, како нова иновациска стратегија и сеопфатен модел за одржлив економски раст заснован врз капацитетите на: ендогената индустрија, науката и општеството воопшто.

**„ЕНЕРГИЈА ЗА ИДНИНАТА“, БЕШЕ ПРЕДЛОЖЕН КАКО ДОПОЛНИТЕЛЕН ПОТЕНЦИЈАЛЕН ДОМЕН ЗА НАТАМОШНА АНАЛИЗА ВО ПРОЦЕСОТ НА ДЕФИНИРАЊЕ НА ДОМЕНИ ЗА С3. ЕНЕРГЕТИКАТА Е ОБЛАСТ КОЈАШТО НЕ БЕШЕ ОПФАТЕНА ВО КВАНТИТАТИВНАТА АНАЛИЗА, НО ПОРАДИ ПОСТОЈНИТЕ КАПАЦИТЕТИ ВО НАУКАТА (ВИСОК ПРОЦЕНТ НА НАУЧНИ ТРУДОВИ И РЕЛЕВАНТЕН БРОЈ НА УЧЕСТВО ВО „ХОРИЗОНТ“ И ДРУГИ ПРОЕКТИ НА ЕУ), ИНОВАЦИИТЕ И НОВИТЕ ДЕЛОВНИ МОЖНОСТИ СО ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА НАТАМОШЕН РАСТ, БЕШЕ ДОПОЛНИТЕЛНО ПРЕДЛОЖЕНА. РАЗВОЈОТ НА ЕНЕРГЕТСКИОТ СЕКТОР, КОРИСТЕЊЕТО НА ОБНОВЛИВИТЕ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА (ОИЕ), ЗЕЛЕНАТА ТРАНЗИЦИЈА, ЕКОЛОШКИТЕ РЕШЕНИЈА, ПОДОБРУВАЊЕТО НА ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ, СЕ САМО НЕКОИ ОД ГЛАВНИТЕ ВЛАДИНИ ПРИОРИТЕТИ И СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ ВО ЗЕМЈАТА, ОБРАЗЛОЖЕНИ ВО СТРАТЕГИЈАТА ЗА РАЗВОЈ НА ЕНЕРГЕТИКАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ДО 2040 ГОДИНА**

Стратегијата е во последната фаза на изработка, а се очекува во првиот квартал од 2023 година да биде усвоена од Владата.

Од самиот почеток, процесот е координиран и поддржан од ЗИЦ, а во некои фази беше обезбедена стручна поддршка од други донаторски проекти, активни во земјата.

Целта на С3 е да ги идентификува областите на специјализација (засновани врз: економски, иновативни и истражувачки капацитети) во коишто Република Северна Македонија би можела да изгради компаративни предности, со цел да ги максимизира ефектите од јавните инвестиции.

Како нов документ за јавна политика, Стратегијата за паметна специјализација (С3), треба да ги замени Стратегијата за иновации (2012-2020) и Стратегијата за конкурентност (2016-2020), кои се истечени, а треба да биде тесно поврзана и да додаде вредност на: Индустриската стратегија

(2018-2027), Стратегијата за МСП (2018-2023) и Стратегијата за регионален развој (2021-2031). Оваа стратешка рамка треба да му даде нов стимул на системот преку: фокусирана поддршка за натамошен развој на екосистемот за истражување и иновации, стимулирање на специјализација, извонредност, развој на вештини, соработка меѓу академската заедница и бизнисот, зелена и дигитална транзиција и зајакнување на конкурентноста заснована врз знаење и иновации.

За координација на процесот на развој на Стратегијата за паметна специјализација во 2018 година беше формирана меѓуинституционална работна група, составена од претставници на: Владата, релевантните министерства, институциите, стопанските комори и академската заедница. Работната група за С3 е предводена од Министерството за образование и наука и Министерството за економија. Министерството за образование и наука редовно доставува до Владата извештај за напредокот на процесот.

Процесот на развој на С3 во Република Северна Македонија се заснова врз методологијата осмислена од Заедничкиот истражувачки центар на ЕК, претставена во: „Паметна специјализациска рамка за проширување и земјите од соседството", како дел од документот: „Поддршка на иновациската агенда за Западен Балкан – алатки и методологии", од 2018 година[8].

**Слика 1:** Фази и етапи на рамката за осмислување на С3




8 https://C3platform.jrc.ec.europa.eu/documents/20182/201464/Поддршка+а+иновативна+агенда+за+западен+балкан+-+Tools+and+Methodologies/f7a54003-7e75-469f -f9caeadfc59e

Процесот на осмислување на С3 може да се придвижи кон претстојната фаза само откако претходната фаза е завршена и формално одобрена од ЗИЦ. Целта на ова е да се поведе сметка дека **процесот** во секоја фаза се спроведува согласно **подфазите и високите стандарди** поставени од рамката на ЗИЦ. Овие високи стандарди се бараат за да се обезбедат **квалитетни излезни резултати** од секоја фаза. Овие квалитетни резултати во исто време се и **задолжителни потребни материјали** во следната фаза од дизајнот на С3.

Но, треба да се нагласи дека и покрај Методологијата, развојот на С3 зависи од: карактеристиките и спецификите на иновацискиот екосистем, спецификите и карактеристиките на инфраструктурата за истражување и развој, искуството во соработката, постојната доверба и сигурност помеѓу засегнатите страни, воспоставените мрежи и врските помеѓу академските кругови и бизниси, достапната експертиза и извонредност, вештините, претприемачкиот дух, подготвеност и успешност во иновативноста, инвестициите и средствата за истражување, развој и иновации, нивото на политичка посветеност, флексибилноста, начините на комуникација, практиките на размена на информации и ширењето на информации, итн.

Република Северна Македонија се смета за еден регион, па согласно на тоа С3 ќе се развива на национално ниво. Но, некои иницијативи ќе се спроведуваат регионално согласно деловната и универзитетската поврзаност и подготвеност.

### Процесот на мапирање на развојот на С3

Северна Македонија го иницираше потфатот за мапирање како фаза на дијагностика за да го идентификува својот: економски, иновациски и научен потенцијал. Овој потфат се состои од квантитативни и квалитативни анализи на клучните индикатори и фактори поврзани со: економската, иновациската и научната успешност на една земја.

Првата фаза од потфатот мапирање е квантитативната анализа на: економскиот, иновацискиот и научниот потенцијал, што беше реализирана во 2019 година со поддршка на ГИЗ и изработена од NCDIEL и експертот Хуго Холандерс.

**КВАНТИТАТИВНАТА АНАЛИЗА** подразбира мапирање на: економскиот, истражувачкиот и иновацискиот потенцијал

идентификуван преку релевантни статистички податоци кои во голема мера потекнуваат од: Државниот завод за статистика на РС Македонија, Државниот завод за индустриска сопственост, како и од релевантните европски и меѓународни бази на податоци. Тоа е објективен метод што ги споредува статистичките податоци за да произведе првична идентификација на приоритетните сектори. Економското мапирање ги анализира податоците достапни на ниво на индустрија врз основа на мешавина на критериуми (број на вработени, раст на вработеноста, стапка на раст, вредност на извозот, ниво на продуктивност, просечна плата, степен на специјализација, итн., во споредба со ЕУ28). Потоа, ова мапирање се споредува со резултатите од научното мапирање (податоци за научни публикации, број на научници по област, од Web of Science, Scimago Journal & Country Rank database, National and University Library)[9] и резултатите од мапирањето на иновациите (број на патенти по индустрија од Државниот завод за индустриска сопственост и Светската организација за интелектуална сопственост, доделени грантови за иновации преку Фондот за иновации и технолошки развој, итн.). Како резултат на тоа, прелиминарните приоритетни области на С3 се идентификувани во индустриите каде што се совпаѓаат позитивните показатели и трендови на трите типа на мапирање.

За да се продолжи со натамошно мапирање со користење на квалитативни алатки и анализи, индустриите чијшто потенцијал бил идентификуван во квантитативната анализа се групирани во 5 области, според нивната меѓусебна поврзаност, нивните секторски карактеристики и врски. Предложените имиња на областите за паметна специјализација претставуваат рамка за натамошна дискусија и можна еволуција.

„Енергија за иднината", беше предложен како дополнителен потенцијален домен за натамошна анализа во процесот на дефинирање на домени за С3. Енергетиката е област којашто не беше опфатена во квантитативната анализа, но поради постојните капацитети во науката (висок процент на научни трудови и релевантен број на учество во „Хоризонт" и други проекти на ЕУ), иновациите и новите деловни можности со потенцијал за натамошен раст, беше дополнително предложена. Развојот на енергетскиот сектор, користењето

9 ГИЗ, Мапирање на економски, иновативен и научен потенцијал во Република Северна Македонија, NCDIEL, септември 2019 година.

на обновливите извори на енергија (ОИЕ), зелената транзиција, еколошките решенија, подобрувањето на енергетската ефикасност, се само некои од главните владини приоритети и стратешки цели во земјата образложени во Стратегијата за развој на енергетиката на Република Северна Македонија до 2040 година[10].

**Табела 2**. Групирање на индустриските сектори во домени за Квалитативна анализа

| Име на предложената област за квалитативна анализа за СЗ | Одржливо производство на храна и пијалаци и синџири на вредност | Информациски и комуникациски технологии | Електрична опрема и механички делови | Одржлив туризам и угостителство | Паметни/ одржливи згради и материјали | Енергија за иднината |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Индустрии идентификувани во квантитативната анализа со економски/ иновациски/ научен потенцијал | - Производство на житни мелни производи, скроб и производи од скроб<br>- Производство на други прехранбени производи<br>- Производство на пијалаци | - Услужни активности за информатичка технологија.<br>- Други телекомуникациски активности<br>- Безжични телекомуникациски активности<br>- Радио емитување<br>- Активности за снимање на звук и издавање музика<br>- Издавање: книги, периодични списанија и други издавачки дејности<br>- Репродукција на снимени медиуми | - Производство на електромотори, генератори, трансформатори и апарати за дистрибуција и контрола на електрична енергија.<br>- Изработка на друга електрична опрема<br>- Производство на металообразувачки машини и машински алати<br>- Изработка на делови и прибор за моторни возила и нивни мотори | - Ресторани и мобилни угостителски услужни дејности<br>- Угостителство за настани и други услуги за храна | - Сечење, обликување и доработка на камен.<br>- Изработка на мебел.<br>- Производство на гумени производи<br>- Градежништво | Нова област предложена за анализа |

*Извор*: Работен материјал од Работната група за СЗ на Северна Македонија врз основа на „ГИЗ, Мапирање на економскиот, иновативниот и научниот потенцијал во Република Северна Македонија, NCDIEL, септември 2019 година".

Додека **квантитативниот дел** ги анализира статистичките податоци и индикатори и применува различни техники за откривање области на специјализација во форма на прелиминарни приоритетни области, **квалитативната фаза** има за цел да ги потврди овие наоди преку приспособена дискусија со голем број различни чинители и, оттука, дополнително профилирање на приоритетни домени.

10 http://www.economy.gov.mk/doc/2759.

**КВАЛИТАТИВНАТА АНАЛИЗА**[11] како конечен дел од потфатот мапирање, беше спроведена во втората половина на 2020 година и почетокот на 2021 година.

Со цел да се верификуваат резултатите од квантитативната анализа и да се потврдат прелиминарните приоритетни области на С3, користени се бројни методи кои не се квантитативни, всушност влезни информации од спроведени 100 длабински интервјуа со клучните чинители од: бизнисот, академската заедница, Владата, институциите, НВО.

Преку интервјуата беа собрани информации од различните засегнати страни за: трендовите на раст, развојната визија на клучните актери, потенцијалните пазари, еколошките околности, предизвиците и можностите, интеракцијата со другите деловни сектори и можностите за развој, по домен. Квалитативната анализа, исто така, ги идентификува секторите коишто се во подем и/или се трансформираат.

Поради околностите предизвикани од ковид пандемијата, интервјуата беа спроведени и лице в лице, и на далечина. Средбите на фокус групите беа организирани за да се разгледаат информациите што недостасуваат од интервјуата и да се разговара за раните наоди од привремениот извештај за квалитативно мапирање. За да се надополнат наодите, таму каде што беше применливо, локалниот експертски тим користеше резултати од различни достапни студии.

По повеќе од 100 интервјуа со релевантни засегнати страни и обработка на сите информации добиени од повеќе извори (интервјуа, заклучоци од состаноци на фокус групи, длабинска секторска анализа, дополнителни студии, итн.), беше даден предлог за следната фаза – Процес на претприемачко откривање.

Следниве домени се предложени да бидат предмет на ППО:

### Вертикални домени

Паметно земјоделство и храна со повисока додадена вредност;

Информациски и комуникациски технологии (ИКТ);

Електромашинска индустрија – Индустрија 4.0;

Одржливи материјали и паметни згради.

11 https://C3platform.jrc.ec.europa.eu/w/qualitative-analysis-of-economic-innovation-and-scientific-potential-in-north-macedonia

### Хоризонтални домени

**Енергија за иднината** – Областа за паметна специјализација наречена Енергија за иднината се смета за хоризонтална бидејќи има силни меѓусекторски (трансверзални) односи со другите предложени приоритетни области и е во согласност со процесот на „зазеленување“ на индустријата и заштита на животната средина (енергетска ефикасност, екорешенија, „зазеленување“ на индустријата и заштита на животната средина).

**Туризам** – Трансверзална поврзаност со ИКТ и Агро секторот. Одржливиот туризам и угостителството, како прелиминарно предложено подрачје со значаен придонес за економијата на Северна Македонија и критична маса на фирми со развоен потенцијал, дополнително ќе бидат истражени во текот на процесот на ППО за да се обезбеди појасна слика за тоа дали оваа прелиминарна област има доволно потенцијал за паметна специјализација.

### ПРОЦЕС НА ПРЕТПРИЕМАЧКО ОТКРИВАЊЕ (ППО, анг. EDP)

ППО е еден од столбовите на пристапот за паметна специјализација бидејќи ја верификува неговата фаза оддолу-нагоре и ги стимулира актерите на локалниот пазар да преземат поактивна улога во процесот наместо да учествуваат како пасивни приматели на иновативни политики. ППО е дијалог на засегнатите страни во којшто главните актери на регионалниот екосистем (односно: компаниите, универзитетите и истражувачките институти, локалната власт и граѓанското општество) се вклучени во дефинирањето на политиките поврзани со иновациите.

Комплексноста на ППО лежи во комбинацијата на менаџерски и технички капацитети што имаат за цел да олеснат ефективен дијалог меѓу засегнатите страни. Националните координатори, експерти и фасилитатори работат заедно со цел да ја поткрепат дебатата меѓу главните актери во текот на секоја од претходно избраните приоритетни области, за да ги идентификуваат потребите и иновативниот потенцијал што може да се зајакне преку последната фаза од Стратегијата за паметна специјализација.

ППО беше организиран за 4 вертикални домени. Процесот е инклузивен и интерактивен, им овозможува на претставниците на различните сектори на општеството (политика, бизнис, академска

заедница и граѓанско општество), а особено економијата, да предложат конечни приоритети преку отворен дијалог. Покрај тоа, ППО врши финална идентификација на: силните страни, слабостите, можностите и заканите (СВОТ анализа) за секој приоритетен сектор и економијата воопшто. Се користи и за собирање информации за потенцијални иновативни активности и можности произлезени низ интеракција меѓу: науката, економијата и општеството.

ППО беше успешно финализиран во 2022 година, се состоеше од повеќе од 200 засегнати страни во четирикратен хеликс, заеднички дискутирајќи и дефинирајќи ги С3 домените со поддомени, СВОТ, визија и комбинација на политики потребни како трансформациски патоказ за идентификуваните домени за паметна специјализација.

ЦОР, зелената и дигиталната транзиција се составен дел од концептот С3, заедно со останатите економски и социјални предизвици кои треба да се земат предвид. Овие теми беа дел од дискусиите во ПОО.

Мапирањето на веќе завршената Национална инфраструктура за истражување и развој[12] ќе биде основа за натамошен развој и искористување на постојните капацитети за раст на економијата.

Ваквиот начин на консултации и прибирање влезни информации од опсежна група на засегнати страни во процесот на развој на стратегијата, овозможува пристап оддолу-нагоре и вклучување на клучните играчи од самиот почеток во креирањето заедничка визија и предлагањето инструменти, кои го остваруваат нивниот интерес и вклученост во натамошните фази на спроведување.

### EDP е процес на претприемачко откривање што ги обединува клучните засегнати страни околу заедничка визија

Домените С3 треба да бидат поддржани со насочена, сеопфатна и приспособена поддршка преку владини програми кои користат: национални буџети; деловни инвестиции од фондови од бизнис секторот; како и други релевантни извори.

Преку идентификување на клучните приоритетни области, С3 има за цел да ги стави истражувачките потенцијали на Северна Македонија во служба на деловните и општествените потреби.

12 https://www.rcc.int/pubs/144/a-framework-for-research-infrastructure-roadmaps




Дополнително, клучната предност на концептот С3 е партиципативната улога на сите засегнати страни во процесот на осмислување и понатаму во спроведувањето на стратегијата, стимулирајќи ја соработката и партнерствата.

Процесот на ППО треба да биде континуиран дијалог и не треба да се затвора со финализирање на Стратегијата. ППО има тенденција да го пренасочи фокусот од бура на идеи и создавање знаење кон целно насочени дискусии за дотерување и операционализација на претходно идентификуваните теми, како и разгледување на дополнителните домени и приоритети од важност за економската трансформација на регионот.

Создадените мрежи како партнерства во процесот на ППО треба да го продолжат својот живот како партнерства за стратешко истражување и иновации. Ова ќе ги зајакне врските и мрежите помеѓу: деловните субјекти, образовните и истражувачките институции, невладините организации, иноваторите, Владата и другите заинтересирани страни, со цел да се воспостават нови синџири на

вредности според економските принципи кои можат да придонесат за: развој, раст и интернационализација.

*(Јасмина Мајстороска е раководител на Секторот за индустриска и инвестициска политика и општествена одговорност во Министерството за економија на РС Македонија. Дипломирала на Економскиот факултет во Скопје, постдипломските студии ги завршила на Институтот за напредни студии во Виена, а докторските на Економскиот институт во Скопје, во 2011 година. Во Министерството за економија е вклучена во изработка и примена на клучни документи и програми за: економски раст, конкурентност, индустриска политика, СДИ, интернационализација, и сл. Мајстороска е дел од преговарачката структура на РСМ за пристапување кон ЕУ. Таа е раководител на Работната група за Поглавје 20 – Претпријатија и индустриска политика, како и член во Економски критериуми и Поглавје 25 – Истражување и развој. Од 2018 година е раководител на Работната група за развивање на Стратегијата за паметна специјализација, во соработка со Заедничкиот истражувачки центар од Европската комисија.)*



# BERLIN PROCESS AS A TOOL OF REGIONAL COOPERATION: THE CASE OF THE REGIONAL YOUTH COOPERATION OFFICE

DENIS PIPLAŠ

**DURING 2015 AND 2016, A SPECIALLY FORMED WORKING GROUP CONSISTING OF GOVERNMENTAL AND CIVIL SOCIETY REPRESENTATIVES, WORKING IN A CO-MANAGEMENT PRINCIPLE AND UNDER THE MODERATION OF THE FRANCO-GERMAN YOUTH OFFICE, PREPARED THE FOUNDING DOCUMENTS FOR ESTABLISHING THE REGIONAL YOUTH COOPERATION OFFICE (RYCO). DURING THE THIRD MEETING OF THE BERLIN PROCESS, ON THE 4TH OF JULY 2016 IN PARIS, SIX PRIME MINISTERS SIGNED THE ESTABLISHMENT AGREEMENT, AND RYCO FORMALLY STARTED ITS JOURNEY. SIX YEARS LATER, WITH ALMOST 1000 FUNDED ACTIVITIES THAT REACHED ALMOST 30,000 YOUNG PEOPLE IN THE REGION, RYCO IS WIDELY LABELLED AS THE MOST SUCCESSFUL AND CONCRETE RESULT OF THE BP**

*I congratulate you all! First, I congratulate you for being young. One only has to see the fire in your eyes, listen to the force of your demonstrations, witness the personal passion of every one of you and the common upswing of your group to be convinced that this enthusiasm has chosen you to master your life and the future.*[1]

## Instead of an introduction – why is regional youth cooperation important?

These were the words of the French President, Charles de Gaulle, in his historic "Address to the German Youth" on September 9th, 1962. His speech, delivered in German, paved the way for the German-French Treaty of Friendship (also known as the Élysée Treaty) to be signed only four months later, in January 1963. With its 60th anniversary in only several weeks from now, the German-French partnership has been the backbone of the European project, and

1 D e Gaulle, Charles, "An Address to the German Youth", Transcript of speech delivered in Berlin, September 9th, 1962, https://www.schloss-ludwigsburg.de/en/interesting-amusing/collections/an-address-to-the-german-youth (retrieved 17.12.2022)

youth cooperation is an integral and central part of that partnership. Almost 10 million young French and German participated in exchange programs in the past 60 years[2], transforming and creating lasting bonds between the two societies.

**WITH ITS MISSION TO PROMOTE THE SPIRIT OF RECONCILIATION AND COOPERATION BETWEEN THE YOUTH IN THE WB THROUGH REGIONAL YOUTH EXCHANGES AS A GROUND OF FUTURE COLLABORATION, BASED ON THE VALUES OF CO-EXISTENCE, TOLERANCE, AND RESPECT FOR HUMAN RIGHTS AND DIVERSITY, RYCO SYMBOLICALLY REPRESENTS A GUIDING PEACE PROJECT FOR THE REGION. THE COMMITMENT TO PEACE IS, THEREFORE, THE LEADING PRINCIPLE FOR THE ORGANIZATION'S EXISTENCE, ENSHRINED NOT ONLY IN ITS ESTABLISHMENT DOCUMENTS BUT ALSO IN ITS ACTIVITIES**

The example of the German-French cooperation, where two former adversaries become partners, was a common reference when discussing the future of the Western Balkans since the end of the 90ties. The understanding of an interlinked past, common regional problems, and a shared future motivated young people from civil society networks and activist groups to embark on regional cooperation projects for more than twenty years.[3] These activities, mainly financed by partners external to the region, had a clear rationale: only by bringing young people together and enabling them to meet and speak to each other we will repair the social fabric of our societies.

For a good part of the early 2000s, these bottom-up initiatives and, in general, the topic of regional youth cooperation stayed outside of governmental agendas and high-level policy discussions within the region. However, a stalled EU integration process in the region and pressing socio-economic challenges that hindered especially the perspectives of young people in the Western Balkans to have a decent life started to receive increased attention from domestic and international actors in the early 2010s.[4] When the **Berlin Process** was launched in 2014, the idea to have a regionally owned mechanism for youth cooperation was placed on the top of the agenda and received backing from

2 Office franco-allemand pour la Jeunesse (OFAJ), "L'institution", https://www.ofaj.org/institution.html, (retrieved 17.12.2022)

3 Moll, Nicolas. "Youth Exchange as a Motor for Regional Cooperation? Origins, Development and the Political Significance of the Future 'Regional Youth Cooperation Office'", Südosteuropa-Mitteilungen 05-06, 2016, p. 1-2

4 Friedrich Ebert Stiftung, Miran Lavrič, Smiljka Tomanović, and Mirna Jusić. "Youth Student in Southeast Europe 2018/2019", preface by Felix Henkel, p. 3

both the EU partners (Germany, France, and Austria in the first place) and the Western Balkan Participants.

During 2015 and 2016, a specially formed working group[5] consisting of governmental and civil society representatives, working in a co-management principle and under the moderation of the Franco-German Youth Office, prepared the founding documents for establishing the **Regional Youth Cooperation Office** (**RYCO**). In the third meeting of the Berlin Process, on the 4th of July 2016 in Paris, six Prime Ministers signed the establishment agreement, and RYCO formally started its journey.

Six years later, with close to 1000 funded activities that reached almost 30,000 young people in the region, RYCO is widely labeled as the most successful and concrete result of the Berlin Process. To connect the discussion on the Berlin Process as an umbrella for regional cooperation with the results of RYCO, it is essential to reflect on how the Berlin Process shaped RYCO's establishment and outlook as an institutional mechanism while also noting some key findings and lessons learned.

### RYCO's particular place in the Berlin Process

Although there is much debate on the results of the Berlin Process, the overarching opinion is that it had a considerable positive impact on the Western Balkans region. It halted the fatigue and declining interest in the EU accession process and provided space for discussing sectoral priorities from a regional cooperation perspective.[6]

As stated above, RYCO's establishment is still seen as a major milestone in the history of the Berlin Process. This is very much the truth, given that RYCO has transformed itself in the past six years into a fully-fledged institution that not only implemented projects but created a durable pattern for cooperation between the Western Balkan Participants themselves and between public institutions and civil society.

This narrative change is especially relevant in three instances. Firstly, through the Berlin Process and the process of establishing RYCO, young people were elevated and promoted to genuine agents of change that

5 Reports from the Working Group meetings are available at: https://rycoblog.wordpress.com/

6 The Balkan Forum and Civil Society Platform for Civic and Human Rights, "Berlin Process: Overview of the Progress by the Six Western Balkans Countries since London and Poznan' Summits," August 2020, p.6

**DURING THE PREPARATORY MEETING OF MINISTERS OF FOREIGN AFFAIRS, SIX STUDENTS FROM THE REGIONAL SCHOOL EXCHANGE PROGRAM "SUPERSCHOOLS" PARTICIPATED IN THE SESSION AND EVEN GOT AN OPPORTUNITY TO ADDRESS THE PARTICIPANTS OF THIS HIGH-LEVEL GATHERING. THE STUDENTS SHARED THEIR EXPERIENCE THROUGH A HEART-WARMING SPEECH EMPHASIZING THAT TOGETHER WITH THEIR PEERS, THEY HAD THE CHANCE TO EMBRACE NEW AND DIVERSE PERSPECTIVES, MEET NEW FRIENDS, AND EVEN CHERISH GETTING A PASSPORT FOR THE FIRST TIME THROUGH THIS PROJECT. THE MESSAGE OF THE STUDENTS TO THE MINISTERS OF FOREIGN AFFAIRS WAS A CALL FOR MORE MOBILITY OPPORTUNITIES**

shaped and co-determined the mission and vision of an intergovernmental institution such as RYCO, as well as its institutional setup, functional responsibilities, and rules of procedure.[7] Secondly, the fact that RYCO's establishment was at the top of the policy agendas meant that young people's primary concerns and views on political and societal developments in the region could not be ignored. Thirdly, the Berlin Process provided, in the case of RYCO, the space for Western Balkan governments to find common ground and be in the driver's seat of the process. This element of **local ownership** cannot be understated.

Hence, the pattern chosen within the Berlin Process, to have support from external actors, meaningful involvement of youth civil society representatives, and ownership of decision-makers from institutions, proved to be the proper method.[8] This **co-management** principle between institutions and civil society primarily differentiates RYCO from other regional mechanisms and is an uncommon case on the international level as well. Namely, RYCO's highest decision-making authority, the Governing Board, consists of one governmental representative and one youth representative. All have equal decision-making power and have to find a compromise as decisions are taken by consensus.

Although RYCO's establishment was facilitated with substantial external support and moderation and with proper reflection on similar structures and best practices on the international level (such as the Franco-German Youth Office, the German-Polish Youth Office, or the

7 Reports from the Working Group meetings are available at: https://rycoblog.wordpress.com/

8 Moll, Opt. Cit. p.1

Erasmus+ Program), it is clear that RYCO is a unique, *sui generis*, mechanism that did not exist before in the Western Balkans.

### Six years of accomplishing regional youth cooperation

With its mission to promote the spirit of reconciliation and cooperation between the youth in the WB through regional youth exchanges as a ground of future collaboration, based on the values of co-existence, tolerance, and respect for human rights and diversity, RYCO symbolically represents a guiding **peace project** for the region. The commitment to peace is, therefore, the leading principle for the organization's existence, enshrined not only in its establishment documents but also in its activities.

- **YOUNG PEOPLE WANT RESILIENT DEMOCRACIES THAT INVOLVE YOUTH VOICES. THEY PUT SPECIAL EMPHASIS ON DEVELOPING DEMOCRATIC INSTITUTIONS, ACCESS TO CIVIC AND POLITICAL EDUCATION, AND MOBILITY.**
- **THEY EMPHASIZE THE NEED FOR INCLUSIVE PEACE, UNDERLINING A REGIONAL APPROACH FOR IMPLEMENTING A YOUTH, PEACE, AND SECURITY AGENDA.**
- **YOUNG PEOPLE WANT TO FOCUS ON ENSURING SUSTAINABLE LIVING FOR THE FUTURE OF THE PLANET. THEY ESPECIALLY EMPHASIZE THE NEED FOR ENVIRONMENTAL EDUCATION AS A CORE CURRICULA SUBJECT. THEY DEMAND THAT VULNERABLE, UNDERREPRESENTED, AND MARGINALIZED GROUPS ARE ESPECIALLY SUPPORTED, AS ENVIRONMENTAL DEGRADATION AFFECTS THEM DISPROPORTIONATELY MORE THAN OTHERS. FINALLY, THEY WANT "ENERGY THAT DOES NOT ENDANGER THE CLIMATE"**

Since 2016, RYCO has supported the process of regional youth cooperation through regional mobility schemes and opportunities for civil society organizations, schools, academic institutions, and individuals in an effort to encourage participation and active citizenship, intercultural dialogue, strengthen entrepreneurship and employment prospects, harmonize volunteering legal frameworks, and encourage social and economic inclusion, to name some.

The main direction of our work with young people was focused on promoting regional intercultural youth exchanges. By bringing young people together, we believe to contribute to building a safe environment in the WB6; as young people get to know each other better, they break their stereotypes, become friends, and travel within the region without fear. Through 4 Open Calls, RYCO supported 110 projects,

while a dedicated regional school exchange program under the name "Superschools" allowed 60 schools in 2022 to participate in exchange programs with over 800 students and 100 teachers included. RYCO's thematic initiatives for social entrepreneurs and volunteering focused on creating social business projects among young people and implementing a regional volunteer exchange scheme. At the same time, RYCO organized various regional training programs for teachers, young journalists, and y-peer trainers to strengthen their capacities to work on RYCO thematic areas and disseminated more than ten publications (research, studies, methodology, etc.).[9]

Overall, more than 30,000 young people and 4,500 professional and voluntary workers from CSOs and secondary schools from all over the region participated in RYCO's activities. **90%** of the young people who attended our activities self-reported positive experiences when collaborating with peers from the WB6 region.

Therefore, despite challenges and lessons learned, RYCO, as a direct outcome of the Berlin Process, managed to strengthen a culture of mobility and reconciliation in the Western Balkans and give young people the opportunity to participate actively in democratic development, social and economic prosperity, and European integration in the Western Balkans.[10]

### Berlin Process 2.0

The initiative from the German government to reinvigorate the Berlin Process in 2022 was a positive signal. RYCO, as previously described, is inseparable from the Berlin Process and correspondingly played a significant role during the preparatory meetings and the actual Summit happening in the fall of this year.

During the preparatory meeting of Ministers of Foreign Affairs, six students from the regional school exchange program "Superschools" participated in the session and even got an opportunity to address the participants of this high-level gathering. The students shared their experience through a heart-warming speech emphasizing that together with their peers, they had the chance to embrace new and diverse perspectives, meet new friends, and even cherish getting a passport for

9 RYCO, "Strategic Plan 2022–2024", Tirana, Albania July 2022, p. 5

10 Friedrich Ebert Stiftung. "Political Trends & Dynamics Youth Policy in Southeast Europe," 2019, p.21

the first time through this project:[11] The message of the students to the Ministers of Foreign Affairs was a call for more mobility opportunities:

"It would mean increased mobility for everyone through the region. It would mean understanding, and most crucially, cooperation. The road toward this future is not easy, but it leads to an important destination. There is no better time to do it, and no one more determined than the young people of the Western Balkans."[12]

On November 3rd, RYCO, co-organized with a range of partners, a side-event of the Berlin Process Summit meeting under the title Western Balkan Youth Forum, where 70 young people came together and addressed the questions of what are the most urgent concerns of the youth that require policy responses. The conclusions presented through the *Berlin Declaration of the Western Balkans Youth Forum 2022*[13] can be broadly put into three groups:

1. Young people want resilient democracies that involve youth voices. They put special emphasis on developing democratic institutions, access to civic and political education, and mobility within the Western Balkan region and beyond.
2. They emphasize the need for inclusive peace, underlining a regional approach for implementing a youth, peace, and security agenda.
3. Young people want to focus on ensuring sustainable living for the future of the planet. They especially emphasize the need for environmental education as a core curricula subject. They demand that vulnerable, underrepresented, and marginalized groups are especially supported, as environmental degradation affects them disproportionately more than others. Finally, they want «energy that does not endanger the climate» – specifically referencing the Western Balkans' potential to produce renewable energy, especially by solar, water, and wind power.

---

11 "A Story Worth Sharing – 6 Students Represent Superschools at the Western Balkans Conference in Berlin." Regional Youth Cooperation Office, October 26, 2022. https://www.rycowb.org/?p=13945 (retrieved 19.12.2022)

12 The transcript is available at: "RYCO and Superschools Delegation Participate in Berlin Process Foreign Ministers' Meeting on the Western Balkans." Regional Youth Cooperation Office, October 22, 2022. https://www.rycowb.org/?p=13916 (retrieved 19.12.2022)

13 RYCO and OFAJ, "Berlin Declaration of the Western Balkans Youth Forum 2022." Berlin, Germany, 2022

Six youth representatives had the opportunity to directly present these conclusions to the present Heads of State and Government during the Summit from both the region and the EU. Additionally, they emphasized their hope that the Berlin Process will remain an engine for regional cooperation and that their Declaration will feed the discussions of upcoming Berlin Process gatherings.

At RYCO, we are hopeful that the Berlin Process will continue delivering on regional cooperation and that the regional mobility agreements coordinated by our colleagues from RCC and other regional organizations will be ratified soon. This would be a significant step toward more communication and partnership between the societies of the region, especially so for young people as the most vibrant parts of these societies.

Young people in the Western Balkans are overwhelmingly pro-European, and they will be the ones that will continue creating a culture of mobility and cooperation in the region. Therefore, all RYCO programs are designed together with young people, while at the same time, we always seek to find partnership and common ground between governmental and civil society actors. Through our new Strategy for 2022 – 2024,[14] we are confident that our vision of the Western Balkans with a more visible and impactful youth culture of reconciliation, including substantial dialogue among young people in the whole region, is strengthened. We aim to increase the share of young people experiencing inner-region mobility and support capacities and networks of multipliers in the regional youth work. As a product of the Berlin Process, we are sure that the mobility of young people will be the cornerstone of regional cooperation.

*(Denis Piplaš is the Deputy Secretary-General of the Regional Youth Cooperation Office. He collaborates with a range of international organizations, development agencies and CSOs on the topics of regional cooperation and good governance in the Western Balkans. He is an alumnus of the College of Europe in Bruges.)*

14 RYCO, "Strategic Plan 2022–2024", Tirana, Albania July 2022

# БЕРЛИНСКИОТ ПРОЦЕС КАКО АЛАТКА ЗА РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА: СЛУЧАЈОТ НА КАНЦЕЛАРИЈАТА ЗА МЛАДИНСКА СОРАБОТКА

ДЕНИС ПИПЛАШ

**ВО ТЕКОТ НА 2015 И 2016 ГОДИНА СПЕЦИЈАЛНО ФОРМИРАНА РАБОТНА ГРУПА СОСТАВЕНА ОД ВЛАДИНИ ПРЕТСТАВНИЦИ И ПРЕТСТАВНИЦИ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО, КОИ РАБОТАТ ВРЗ ОСНОВА НА ПРИНЦИПОТ ЗА ЗАЕДНИЧКО УПРАВУВАЊЕ И ПОД МОДЕРАЦИЈА НА ФРАНЦУСКО-ГЕРМАНСКАТА КАНЦЕЛАРИЈА ЗА МЛАДИ, ГИ ПОДГОТВИ ОСНОВАЧКИТЕ ДОКУМЕНТИ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА РЕГИОНАЛНА КАНЦЕЛАРИЈА ЗА МЛАДИНСКА СОРАБОТКА (РКМС, АНГ. RYCO). НА ТРЕТИОТ СОСТАНОК НА БЕРЛИНСКИОТ ПРОЦЕС, НА 4 ЈУЛИ 2016 ГОДИНА, ВО ПАРИЗ, ШЕСТ ПРЕМИЕРИ ГО ПОТПИШАА ДОГОВОРОТ ЗА ОСНОВАЊЕ, А РКМС ОФИЦИЈАЛНО ГО ЗАПОЧНА СВОЕТО ПАТУВАЊЕ. ШЕСТ ГОДИНИ ПОДОЦНА, СО БЛИЗУ 1.000 ФИНАНСИРАНИ АКТИВНОСТИ КОИ ДОПРЕЛЕ ДО, РЕЧИСИ, 30.000 МЛАДИ ЛУЃЕ ВО РЕГИОНОТ, РКМС Е ОПШТО ПРИФАТЕНА КАКО КОНКРЕТЕН И НАЈУСПЕШЕН РЕЗУЛТАТ ОД БЕРЛИНСКИОТ ПРОЦЕС**

*„Ви честитам на сите! Прво, ви честитам што сте млади. Доволно е само: да се види огнот во вашите очи, да се слушне силата на вашите демонстрации, да се посведочи личната страст во секој од вас и заедничкиот подем на вашата група, за да се биде убеден дека тој ентузијазам ве избрал да го усовршите вашиот живот и иднината.“*[1]

## Наместо вовед – зошто е важна регионалната младинска соработка?

Ова се зборовите на францускиот претседател Шарл де Гол во неговото историско: „Обраќање до германската младина“, на 9 септември 1962 година. Неговиот говор, одржан на германски јазик, го отвори патот за германско-францускиот договор

1 Де Гол, Шарл: „Обраќање до германската младина“, Транскрипција од говорот одржан во Берлин, 9 септември 1962 година, https://www.schloss-ludwigsburg.de/en/interesting-amusing/collections/an-address-to-the-german-youth (преземено на 17.12.2022)

за пријателство (познат како Елисејски договор) што ќе биде потпишан само четири месеци подоцна, во јануари 1963 година. Со 60-годишнината што му претстои за само неколку недели, германско-француското партнерство станува ‘рбетот на европскиот проект, а младинската соработка ќе биде составен и централен дел од тоа партнерство. Речиси 10 милиони млади Французи и Германци учествувале во програми за размена во изминатите 60 години[2], преобразувајќи ги и создавајќи трајни врски меѓу двете општества.

**СО СВОЈАТА МИСИЈА ДА ГО ПРОМОВИРА ДУХОТ НА ПОМИРУВАЊЕ И СОРАБОТКА МЕЃУ МЛАДИТЕ ВО РЕГИОНОТ ПРЕКУ МЛАДИНСКА РАЗМЕНА КАКО ОСНОВА ЗА ИДНА СОРАБОТКА, ЗАСНОВАНА ВРЗ ВРЕДНОСТИТЕ НА: СОЖИВОТ, ТОЛЕРАНЦИЈА И ПОЧИТУВАЊЕ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И РАЗЛИЧНОСТИ, РКМС СИМБОЛИЧНО ПРЕТСТАВУВА МИРОВЕН ПРОЕКТ КАКО ВОДИЛКА ЗА РЕГИОНОТ. ЗАЛОЖБАТА ЗА МИР, СОГЛАСНО НА ОВА, Е ВОДЕЧКИОТ ПРИНЦИП ЗА ПОСТОЕЊЕТО НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА, ВГРАДЕН НЕ САМО ВО ОСНОВАЧКИТЕ ДОКУМЕНТИ, ТУКУ И ВО НЕЈЗИНИТЕ АКТИВНОСТИ**

Примерот на германско-француската соработка, каде што две порано спротивставени страни стануваат партнери, стана вообичаена референца во разговорите за иднината на Западен Балкан уште од крајот на 90-тите. Разбирањето на: меѓусебно испреплетеното минато, заедничките регионални проблеми и заедничката иднина повеќе од дваесет години ги мотивира младите луѓе од мрежите на граѓанското општество и активистичките групи да се вклучуваат во проекти за регионална соработка.[3] Ваквите активности, главно финансирани од партнери надвор од регионот, беа поткрепени со јасна логика: само со зближувањето на младите и давањето можност да се сретнат и да разговараат едни со други, ќе заздрави општественото ткиво на нашите земји.

Во добар дел од раните 2000-ти, овие иницијативи коишто поаѓаа оддолу нагоре и воопшто, темата за регионалната младинска соработка остана надвор од владините агенди и дискусиите за високата политика во регионот. Сепак, застојот во процесот на евроинтеграциите во регионот и немилосрдните социо-економски

2 Office franco-allemand pour la Jeunesse (OFAJ), „L'institution“, https://www.ofaj.org/institution.html, (преземено на 17.12.2022)

3 Мол, Николас. „Младинската размена како двигател на регионалната соработка? Потекло, развој и политичко значење на иднината ‘Регионална канцеларија за младинска соработка’“, Südosteuropa-Mitteilungen 05-06, 2016, стр. 1-2

предизвици што особено ги попречуваа перспективите на младите од Западен Балкан да живеат пристоен живот, на почетокот од 2010 година почнаа да добиваат нагласено внимание од домашните и меѓународните чинители.[4] Кога во 2014 година започна Берлинскиот процес, идејата да се воспостави механизам за младинска соработка под надлежност на регионот беше ставена на врвот од агендата и доби поддршка и од партнерите во ЕУ (на прво место од: Германија, Франција и Австрија), но и од учесниците од Западен Балкан.

**ЗА ВРЕМЕ НА ПОДГОТВИТЕЛНИОТ СОСТАНОК НА МИНИСТРИТЕ ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ, ШЕСТМИНА УЧЕНИЦИ ОД ПРОГРАМАТА ЗА РЕГИОНАЛНА УЧИЛИШНА РАЗМЕНА „СУПЕРУЧИЛИШТА“, УЧЕСТВУВАА НА СЕСИЈАТА И ДОБИЈА МОЖНОСТ ДА СЕ ОБРАТАТ ПРЕД УЧЕСНИЦИТЕ НА ОВОЈ СОБИР НА ВИСОКО НИВО. ГО СПОДЕЛИЈА СВОЕТО ИСКУСТВО ПРЕКУ ГОВОР ШТО ГИ ЗГРЕА СРЦАТА НА ПРИСУТНИТЕ, НАГЛАСУВАЈЌИ ДЕКА ЗАЕДНО СО СВОИТЕ ВРСНИЦИ ДОБИЛЕ ШАНСА ДА ПРИФАТАТ НОВИ И РАЗЛИЧНИ ПЕРСПЕКТИВИ, ДА ЗАПОЗНААТ НОВИ ПРИЈАТЕЛИ, НО И ДА СЕ ИЗРАДУВААТ ШТО ЗА ПРВПАТ ИЗВАДИЛЕ ПАСОШ ПРЕКУ ОВОЈ ПРОЕКТ. ПОРАКАТА ОД УЧЕНИЦИТЕ ДО МИНИСТРИТЕ ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ БЕШЕ ПОВИК ЗА ПОВЕЌЕ МОЖНОСТИ ЗА МОБИЛНОСТ**

Во текот на 2015 и 2016 година специјално формирана работна група[5] составена од владини претставници и претставници на граѓанското општество, кои работат врз основа на принципот за заедничко управување и под модерација на француско-германската Канцеларија за млади, ги подготви основачките документи за формирање на Регионална канцеларија за младинска соработка (РКМС, анг. RYCO). На третиот состанок на Берлинскиот процес, на 4 јули 2016 година во Париз, шест премиери го потпишаа договорот за основање, а РКМС официјално го започна своето патување.

Шест години подоцна, со близу 1.000 финансирани активности кои допреле до, речиси, 30.000 млади луѓе во регионот, РКМС е општо прифатена како конкретен и најуспешен резултат од Берлинскиот процес. За да се направи врска меѓу дискусијата за Берлинскиот процес како „чадор“ за регионална соработка со резултатите од РКМС, од суштинско значење е да се размислува за тоа на кој начин

4 Фондацијата „Фридрих Еберт“, Миран Лавриќ, Смиљка Томановиќ и Мирна Јусиќ. „Младински студент во Југоисточна Европа 2018/2019“, предговор на Феликс Хенкел, стр. 3

5 Извештаите од состаноците на работната група се достапни на: https://rycoblog.wordpress.com/

Берлинскиот процес го оформи етаблирањето на РКМС како институционален механизам, забележувајќи ги, притоа, некои од клучните наоди и научени лекции.

## Посебното место на РКМС во Берлинскиот процес

Иако доста се дебатира околу резултатите од Берлинскиот процес, доминантното мислење е дека процесот имаше значително позитивно влијание врз регионот на Западен Балкан. Го запре заморот и интересот којшто опаѓаше за процесот на пристапување кон ЕУ и обезбеди простор за дискусија за секторските приоритети од перспектива на регионална соработка.[6]

Како што е наведено погоре, основањето на РКМС сè уште се смета за главна пресвртница во историјата на Берлинскиот процес. И ова е голема вистина, имајќи предвид дека РКМС во изминатите шест години се трансформираше во полноправна институција која не само што спроведува проекти, туку создаде и траен модел за соработка меѓу самите земји-учеснички од регионот, но и меѓу јавните институции и граѓанското општество.

Оваа промена во наративот е особено релевантна во три случаи. Прво, преку Берлинскиот процес и процесот на основање на РКМС младите луѓе беа издигнати и промовирани во вистински двигатели на промени кои ја обликуваат и заеднички ја определуваат мисијата и визијата на една меѓувладина институција како што е РКМС, ја зацртуваат нејзината институционална поставеност, функционалната одговорност и деловникот.[7] Второ, фактот што формирањето на РКМС беше на врвот на агендите за политики значеше дека приоритетните грижи и ставови на младите луѓе околу политичките и општествените случувања во регионот не може да се игнорираат. Трето, Берлинскиот процес обезбеди, во случајот на РКМС, простор за владите од Западен Балкан да најдат заеднички јазик и да бидат на чело на процесот. Овој елемент на преземање одговорност за процесот како за нешто свое, не смее да се потцени.

6 Балканскиот форум и платформата на граѓанското општество за граѓански и човекови права, „Берлински процес: Преглед на напредокот на шесте земји од Западен Балкан од самитите во Лондон и Познањ", август 2020 година, стр. 6

7 Извештаите од состаноците на работната група се достапни на: https://rycoblog.wordpress.com/

Оттука: моделот избран во рамките на Берлинскиот процес, обезбедувањето поддршка од надворешни актери, значајната ангажираност на претставниците на младинското граѓанско општество и преземањето одговорност од носителите на одлуки во институциите, се покажа како „соломонско решение“.[8] Овој принцип на заедничко управување меѓу институциите и граѓанското општество, ја издвојува РКМС од другите регионални механизми, но претставува и невообичаен случај на меѓународно ниво. Имено, највисокиот орган за одлучување на РКМС, Управниот одбор, се состои од еден владин претставник и еден младински претставник. Сите имаат еднаква моќ на одлучување и мора да најдат компромис бидејќи одлуките се носат со консензус.

Иако основањето на РКМС беше олеснето со значителна надворешна поддршка и медијација и со соодветно промислување на сличните структури и најдобрите практики на меѓународно ниво (како што се француско-германската Канцеларија за млади, германско-полската Канцеларија за млади или Програмата Еразмус+), јасно е дека РКМС е единствен, sui generis механизам кој претходно не постоел на Западен Балкан.

## Шест години остварување регионална младинска соработка

Со својата мисија да го промовира духот на помирување и соработка меѓу младите во регионот преку младинска размена како основа за идна соработка, заснована врз вредностите на: соживот, толеранција и почитување на човековите права и различности, РКМС симболично претставува **мировен проект** како водилка за регионот. Заложбата за мир, согласно на ова, е водечкиот принцип за постоењето на организацијата, вграден не само во основачките документи, туку и во нејзините активности.

Од 2016 година, РКМС го поддржува процесот на регионална младинска соработка преку регионални шеми за мобилност и можности за: граѓанските организации, училиштата, академските институции и поединците, во обид да ги поттикне на: учество и активно граѓанство, меѓукултурен дијалог, зајакнување на претприемништвото и перспективите за вработување, усогласување на волонтерските правни рамки и поттикнување на социјалната и

8 Moll, оп. цит. стр. 1

- **МЛАДИТЕ САКААТ ОТПОРНИ ДЕМОКРАТИИ ШТО ГО ЗЕМААТ ПРЕДВИД НИВНИОТ ГЛАС. СТАВААТ АКЦЕНТ ВРЗ: РАЗВОЈОТ НА ДЕМОКРАТСКИТЕ ИНСТИТУЦИИ, ПРИСТАПОТ ДО ГРАЃАНСКО И ПОЛИТИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ И МОБИЛНОСТ ВО РЕГИОНОТ И ПОШИРОКО.**
- **ЈА НАГЛАСУВААТ ПОТРЕБАТА ОД ИНКЛУЗИВЕН МИР, ПОТЕНЦИРАЈЌИ ГО РЕГИОНАЛНИОТ ПРИСТАП ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА: МЛАДИНСКА, МИРОВНА И БЕЗБЕДНОСНА АГЕНДА.**
- **МЛАДИТЕ САКААТ ДА СЕ ФОКУСИРААТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ОДРЖЛИВ ЖИВОТ ЗА ИДНИНАТА НА ПЛАНЕТАТА. ЈА НАГЛАСУВААТ ПОТРЕБАТА ОД ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА КАКО КЛУЧЕН ПРЕДМЕТ ВО НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ. БАРААТ ПОДДРШКА ЗА РАНЛИВИТЕ И МАРГИНАЛИЗИРАНИТЕ ГРУПИ, БИДЕЈЌИ ДЕГРАДАЦИЈАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ПОТЕШКО ГИ ПОГОДУВА. НА КРАЈОТ, САКААТ „ЕНЕРГИЈА ШТО НЕ ЈА ЗАГРОЗУВА КЛИМАТА“**

економската вклученост, како дел од активностите.

Главната насока на нашата работа со младите беше насочена на промовирање на регионални меѓукултурни младински размени. Со зближување на младите, веруваме дека ќе придонесеме за градење безбедна средина во ЗБ6; како што младите подобро се запознаваат, така ги надминуваат стереотипите, се спријателуваат и патуваат во регионот без страв. Преку 4 отворени повици, РКМС поддржа 110 проекти, додека посветената регионална програма за размена на училишта под името: „Суперучилишта“, во 2022 година на 60 училишта им овозможи да учествуваат во програми за размена со над 800 ученици и 100 вклучени наставници. Тематските иницијативи на РКМС за социјални претприемачи и волонтирање се фокусираа на креирање проекти за социјални бизниси меѓу младите и спроведување на регионална шема за размена на волонтери. Во исто време, РКМС организираше разновидни регионални програми за обука на: наставници, млади новинари и младински врснички обучувачи за да ги зајакне нивните капацитети да работат на тематски области на РКМС, дисеминираше повеќе од десет публикации (истражувања, студии, методологии, итн.).[9]

Севкупно, повеќе од 30.000 млади луѓе и 4.500 стручни и доброволни работници од ГО и средните училишта од целиот регион учествуваа во активностите на РКМС. Дека имале позитивни искуства во соработката со врсниците од регионот на ЗБ6, сами се изјаснија 90 % од младите луѓе кои присуствуваа на нашите активности.

9 РКМС, „Стратешки план 2022-2024“, Тирана, Албанија, јули 2022 година, стр. 5

Затоа, и покрај предизвиците и научените лекции, РКМС, како директен исход на Берлинскиот процес, успеа да ја зајакне културата на мобилност и помирување во Западен Балкан и да им даде можност на младите луѓе активно да учествуваат во: демократскиот развој, социјалниот и економскиот просперитет и европската интеграција на Западен Балкан.[10]

### Берлински процес 2.0

Иницијативата на Германската влада за повторно заживување на Берлинскиот процес во 2022 година беше позитивен сигнал. РКМС е неодвоив од Берлинскиот процес и, согласно тоа, одигра значајна улога за време на подготвителните состаноци и на Самитот одржан пред неколку месеци.

За време на подготвителниот состанок на министрите за надворешни работи, шестмина ученици од програмата за регионална училишна размена: „Суперучилишта" учествуваа на сесијата и добија можност да се обратат пред учесниците на овој собир на високо ниво. Тие го споделија своето искуство преку говор што ги згреа срцата на присутните, нагласувајќи дека: заедно со своите врсници добиле шанса да прифатат нови и различни перспективи, да запознаат нови пријатели, па дури и да се израдуваат што за првпат извадиле пасош преку овој проект.[11] Пораката на учениците до министрите за надворешни работи беше повик за повеќе можности за мобилност:

„Тоа би значело зголемена мобилност за сите ширум регионот. Тоа би значело разбирање и, што е најважно, соработка. Патот кон таквата иднина не е лесен, но води до важна дестинација. Нема подобро време за тоа, и никој не е поодлучен од младите од Западен Балкан".[12]

---

10 Фондацијата „Фридрих Еберт". „Политички трендови и динамика на Младинската политика во Југоисточна Европа", 2019 година, стр. 21

11 „Приказна што вреди да се сподели – 6 ученици ги претставуваат суперучилиштата на конференцијата за Западен Балкан во Берлин". Регионална канцеларија за младинска соработка, 26 октомври 2022 година. https://www.rycowb.org/?p=13945 (преземено на 19.12.2022)

12 Транскрипцијата е достапна на: Делегацијата на РКМС и Суперучилиштата учествуваат на состанокот на министрите за надворешни работи на Берлин процес за Западен Балкан. Регионална канцеларија за младинска соработка, 22 октомври 2022 година. https://www.rycowb.org/?p=13916 (преземено на 19.12.2022)

На 3-ти ноември, РКМС, во заедничка организација со голем број партнери, подготви пропратен настан на Самитот на Берлинскиот процес, под наслов: Младински форум на Западен Балкан, каде што 70 млади луѓе се собраа и се осврнаа на прашањата за најитните проблеми на нивната генерација за коишто се потребни политички одговори. Заклучоците презентирани преку: „Берлинската декларација на Младинскиот форум за Западен Балкан 2022 година“[13] може да се поделат во три групи:

1. Младите сакаат отпорни демократии коишто го земаат предвид нивниот глас. Ставаат посебен акцент врз развојот на демократските институции, пристапот до граѓанско и политичко образование и мобилност во регионот на Западен Балкан и пошироко.
2. Ја истакнуваат потребата од инклузивен мир, нагласувајќи го регионалниот пристап за спроведување на агенда за: млади, мир и безбедност.
3. Младите сакаат да се фокусираат на обезбедување одржливо живеење за иднината на планетата. Особено ја нагласуваат потребата од образование за животната средина како задолжителен предмет во наставната програма. Бараат да се поддржат особено: ранливите, недоволно застапените и маргинализираните групи, бидејќи деградацијата на животната средина ги погодува несразмерно повеќе од другите. Конечно, сакаат „енергија што не ја загрозува климата“ – конкретно повикувајќи се на потенцијалот на Западен Балкан да произведува обновлива енергија, особено соларна енергија, и енергија од водата и ветерот.

Шест младински претставници имаа можност директно да ги презентираат овие заклучоци пред присутните шефови на држави и влади за време на Самитот, од регионот и од ЕУ. Дополнително, тие ја истакнаа надежта дека Берлинскиот процес ќе остане двигател на регионална соработка и дека нивната Декларација ќе ги поттикне дискусиите за претстојните собири на процесот.

Во РКМС се надеваме дека Берлинскиот процес ќе продолжи да обезбедува регионална соработка и дека регионалните договори за мобилност координирани од нашите колеги од СРС и другите

13 РКМС и OFAJ, „Берлинска декларација на младинскиот форум на Западен Балкан 2022 година“. Берлин, Германија, 2022 година

регионални организации наскоро ќе бидат ратификувани. Ова би бил значаен чекор кон поголема комуникација и партнерство меѓу општествата од регионот, особено за младите како нивни најенергични претставници.

Младите од Западен Балкан се убедливо проевропски настроени и ќе продолжат да ја создаваат културата на мобилност и соработка во регионот. Затоа, сите програми на РКМС се осмислуваат во партнерство со младите, додека во исто време, ние секогаш се стремиме да најдеме партнерство и заеднички јазик меѓу владините и граѓанските чинители. Преку нашата нова Стратегија за 2022-2024 година,[14] убедени сме дека ќе се зајакне нашата визија за Западен Балкан со повидлива и повлијателна младинска култура на помирување, меѓу другото и суштински дијалог меѓу младите во целиот регион. Нашата цел е да го зголемиме уделот на младите кои ќе бидат дел од мобилноста во внатрешниот регион, но и да ги поддржуваме капацитетите и мрежите на мултипликатори во регионалната младинска работа.

Како производ на Берлинскиот процес, уверени сме дека мобилноста на младите ќе биде камен-темелник за вкупната регионална соработка.

*(Денис Пиплаш е заменик-генерален секретар на Регионалната канцеларија за младинска соработка (RYCO). Соработува со повеќе меѓународни организации и агенции за развој на тема – регионална соработка и добро владеење во Западен Балкан. Тој е алумнист на Колеџот на Европа во Бриж.)*

14 РКМС, „Стратешки план 2022-2024", Тирана, Албанија, јули 2022 година



# ПОДЕМ НА ЗЕЛЕНАТА АГЕНДА И ЕНЕРГЕТСКАТА БЕЗБЕДНОСТ ВО МАКЕДОНИЈА

АНДРЕА МЛАДЕНОВСКА

**МОЖЕБИ ВО ОДРЕДЕН МОМЕНТ ОВОЈ ПРОЦЕС НЕ БЕШЕ МНОГУ ЗВУЧЕН И ПОЗНАТ ЗА ЈАВНОСТА, НО СЕПАК ТРЕБА ДА СЕ РАЗГЛЕДУВА ПОАКТИВНО, И ТОА НЕ ПОРАДИ ЕВЕНТУАЛНОТО ЧЛЕНСТВО ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА НА ЗЕМЈИТЕ-КАНДИДАТИ, НИТУ ПОРАДИ МИРОВНИТЕ ДОГОВОРИ, ТУКУ ПОРАДИ ВАЖНИТЕ ЕЛЕМЕНТИ ШТО ГИ СОДРЖИ ВО ОДНОС НА: ЗАЧУВУВАЊЕТО НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ОТСТРАНУВАЊЕТО НА ШТЕТНИТЕ МАТЕРИИ, РЕЦИКЛИРАЊЕТО, ИТН. ОВАА ДЕКЛАРАЦИЈА ИМА ЗА ЦЕЛ ДА ПРОГРЕСИРА ВО: РЕШАВАЊЕТО НА ОТВОРЕНИТЕ БИЛАТЕРАЛНИ И ВНАТРЕШНИ ПРАШАЊА; ПОСТИГНУВАЊЕ НА МИР ВО, И МЕЃУ ОПШТЕСТВАТА ВО РЕГИОНОТ; УНАПРЕДУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛНАТА ЕКОНОМСКА СОРАБОТКА И ПОСТАВУВАЊЕ НА ОСНОВИ ЗА ОДРЖЛИВ РАСТ**

Доколку се анализираат актуелните политички случувања како еден вид патоказ за идните настани, тогаш со сигурност може да се каже дека тие играат важна улога во рамките на една држава и укажуваат на насоките кон кои одредена земја (особено помалку развиените) „треба" да се стреми. Со ставањето акцент на енергетската безбедност и Зелената агенда, може да се дојде до суштината на „заживеаниот" Берлински процес и да се најде одговорот на прашањето: Какво влијание и која улога ја има овој процес врз еколошката и енергетската безбедност на РС Македонија? Дали е остварлив планот за имплементација на Зелената агенда? Кои се: причините, придобивките, стратегиите и влијанијата на Процесот од Берлин, кој станува сѐ поактуелен во денешниот свет?

Основните поими коишто ги сугерира самиот наслов се: „Берлински процес", „Енергетска безбедност" и „Зелена агенда". Но, што конкретно претставуваат тие?

### Енергетска безбедност, услов за стабилност

Тргнувајќи од поимот за безбедност, може да се истакнат неколку клучни дефиниции од академската литература, особено дефинициите толкувани по Студената војна. Коренот на зборот „безбедност" е во латинскиот израз sine cura, што значи да се биде без грижа.[1] Безбедноста како концепт е дефиниран различно од различни автори, со што може да се заклучи дека не постои една и единствена дефиниција. Како предмет на интерес е токму енергетската безбедност што, исто како и општиот поим за безбедност, се дефинира различно од различни академски и релевантни извори. Според тоа, првично треба да се насочи погледот кон поимањето од Интернационалната Енергетска Агенција, како најзасегнато тело во однос на енергетската безбедност. Според ИЕА, енергетската безбедност претставува непречена достапност на енергетските ресурси по достапна цена. Енергетската безбедност има повеќе аспекти. Долгорочната енергетска безбедност се занимава, главно, со навремени инвестиции за снабдување со енергија во согласност со економскиот развој и еколошките потреби. Краткорочната енергетска безбедност се фокусира на способноста на енергетскиот систем да реагира веднаш на ненадејни промени во балансот на понудата и побарувачката.[2] Под енергетска безбедност на глобално и национално ниво се подразбираат достапноста на енергенсите, и тоа во доволни количини и по пристапни цени.[3] Иако, навидум, енергетската безбедност изгледа дека е поврзана единствено со: енергетиката, паметното трошење на ресурсите, со одржливиот развој, и слично, сепак, таа е поврзана директно и со националната безбедност на една држава. Тоа значи дека доколку се случи нерационално трошење на ресурсите, резултатот може да биде дестабилизација на државата и евентуален почеток на внатрешни и надворешни (меѓународни) конфликти.

Ако на сличен начин се осврнеме на поимањето на Зелената агенда, тогаш треба да се истакне дека тоа е алатка што може да се искористи: во борбата против загадувањето на воздухот, водата и почвата, во промовирањето одржливи методи за производство и снабдување со храна, како и штитењето на биолошката

1 Митревска М., Хумана безбедност, Филозофски факултет, Скопје, 2016.

2 https://www.iea.org/topics/energy-security.

3 Милески Т., Енергетска безбедност, Филозофски факултет, Скопје, 2014.

**СПОРЕД ИЕА, ЕНЕРГЕТСКАТА БЕЗБЕДНОСТ ПРЕТСТАВУВА НЕПРЕЧЕНА ДОСТАПНОСТ НА ЕНЕРГЕТСКИТЕ РЕСУРСИ ПО ДОСТАПНА ЦЕНА. ЕНЕРГЕТСКАТА БЕЗБЕДНОСТ ИМА ПОВЕЌЕ АСПЕКТИ: ДОЛГОРОЧНАТА ЕНЕРГЕТСКА БЕЗБЕДНОСТ СЕ ЗАНИМАВА, ГЛАВНО, СО НАВРЕМЕНИ ИНВЕСТИЦИИ ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ЕНЕРГИЈА ВО СОГЛАСНОСТ СО ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ И ЕКОЛОШКИТЕ ПОТРЕБИ. КРАТКОРОЧНАТА ЕНЕРГЕТСКА БЕЗБЕДНОСТ СЕ ФОКУСИРА НА СПОСОБНОСТА НА ЕНЕРГЕТСКИОТ СИСТЕМ ДА РЕАГИРА ВЕДНАШ НА НЕНАДЕЈНИ ПРОМЕНИ ВО БАЛАНСОТ НА ПОНУДАТА И ПОБАРУВАЧКАТА. ПОД ЕНЕРГЕТСКА БЕЗБЕДНОСТ НА ГЛОБАЛНО И НАЦИОНАЛНО НИВО СЕ ПОДРАЗБИРААТ ДОСТАПНОСТА НА ЕНЕРГЕНСИТЕ, И ТОА ВО ДОВОЛНИ КОЛИЧИНИ И ПО ПРИСТАПНИ ЦЕНИ**

разновидност и обнова на екосистемите. Во буквална смисла, самата Зелена агенда има вкупно пет клучни точки за понатамошно остварување: декарбонизација, кружна економија, елиминација на загадувањето, одрживи системи за храна и рурални области и биодиверзитет. Декарбонизацијата значи премин кон енергија што не е добиена од фосилно гориво во: индустријата, енергетскиот и транспортниот сектор. Кружната економија подразбира рециклирање на сите ресурси, односно – за да се постигне циркуларност, преземање мерки за процесот: од дизајн и производство, до потрошувачка, повторна употреба, рециклирање и враќање на ресурсите во економијата. Одржливите системи за храна и одржливите рурални области подразбираат нови пристапи за производството на храна и негување на руралните области, а биодиверзитетот и заштитата на екосистемите подразбираат обновување на природата.[4]

## Берлинскиот процес важен за животната средина

Последниот, но и клучниот поим е токму Берлинскиот процес – процес што поврзува повеќе земји од регионот, со цел да ги подобри нивните односи, соработката, но и делувањето и решавањето на проблемите од: еколошки, безбедносен, енергетски карактер во земјите од Западен Балкан, вклучувајќи ги земјите-домаќини, односно ЕУ-членките кои го поддржуваат процесот, како што се: Германија, Австрија, Франција, Велика Британија (н.з. пред Брегзит), Италија, Словенија, Хрватска и Полска.

Можеби во одреден момент овој процес не беше многу звучен и познат за јавноста, но сепак, треба да се разгледува поактивно,

4 https://www.rcc.int/greenagenda.

и тоа не поради евентуалното членство во Европската Унија на земјите-кандидати, ниту поради мировните договори, туку поради важните елементи што ги содржи во однос на: зачувувањето на животната средина, отстранувањето на штетните материи, рециклирањето, итн. Оваа декларација има за цел да прогресира во: решавањето на отворените билатерални и внатрешни прашања; постигнување на (позитивен)[5] мир во, и меѓу општествата во регионот; унапредување на регионалната економска соработка и поставување на основите за одржлив раст.

## Квалитетот на животот назадува

Факт е дека човештвото во моментов се соочува со две закани – евентуалната употреба на нуклеарно оружје, од една страна, и деградацијата на животната средина, од друга страна. Следејќи го трендот на: загадувањето, злоупотребата на ресурсите, намалувањето на биодиверзитетот, вештачкото генетско загадување, како и тестирањето на нуклеарни бомби, квалитетот на животот на сите живи организми на Земјата е доведен во ризик. Аналогно на тоа, еколошките закани сериозно влијаат врз глобалната безбедност од повеќе аспекти – во поглед на осиромашувањето на озонската обвивка, поттикнување на еколошки бегалци, безбедноста на храната, уништувањето на шумите, и слично. Со цел да се превенираат катастрофи (со, или без човечка вмешаност) би требало секоја држава засегната со овие проблеми, да оствари проекти, предлог-планови и мерки за борба против наведените еколошки проблеми. Но, на каков начин?

Земјите во развој (како што е случајот со Македонија и другите соседни земји) не се доволно финансиски поткрепени, имаат ниска вработеност и висока стапка на корупција. Овие сегменти, иако на прв поглед не изгледаат поврзани, влегувајќи подлабоко во проблематиката се доаѓа до одговорот дека тие, всушност, во голема мера меѓусебно зависат. Една држава со висок буџет може да ги оствари плановите за заштита на екосистемот, но посиромашните земји не успеваат во тоа поради нискиот буџет. Токму поради тоа, по уривањето на биполарниот свет во минатиот век, создадени се организации коишто гарантираат: здрав живот, човекови права и безбедност.

5 Позитивниот мир подразбира отсуство на војна, со истовремено присуство на: интеграција, развој и просперитет во една држава.

### За успех е потребна волја, но и реализација

Програмата за развој на Обединетите Нации е една од водечките која освен што нуди план за намалување на сиромаштијата, поттикнува и прашања поврзани со животната средина. Своевремено, во светот се основани разни граѓански иницијативи, граѓански организации, NGO-сектор, кои (често) со финансиска помош од надвор прават напори овие еколошки проблеми да се елиминираат колку што е можно посеопфатно. Меѓутоа, праксата бележи дека не се доволни само: волјата, граѓанските организации и иницијативите, туку е потребна и видлива реализација на меѓународно ниво за да може да се дојде до забележителни промени и прогрес.

Токму поради ова, а со цел да се дојде до ефикасно решение, земјите од ЕУ дошле до заклучок дека треба да се делува решително и со цврста волја на здружување на земјите од Западен Балкан. И токму во таа рамка, во склоп на Берлинскиот процес, како што е веќе посочено, се вметнати плановите за Зелената агенда.

Имено, надворешните случувања (економско-политичките) во Европа имаат потенцијал да влијаат врз снабдувањето на Македонија со енергија, токму поради географската поставеност на земјата, во средиштето на Балканскиот Полуостров и немањето пристап до море. Нашата држава е зависна од увоз на енергенси, меѓу другото и увоз на гас од Русија. Со оглед на тоа што енергетските ресурси на глобално ниво се ограничени, енергетската безбедност во блиска иднина е несигурна. За да не се дојде до стадиум на несигурност, неопходно е преземање на итни мерки за енергетска ефикасност и економичност, со што ќе се овозможи и идните генерации да имаат пристап до ресурси. Нерамномерната распределеност на ресурсите на глобално ниво придонесува за создавање на енергетска зависност на одредени земји, па доколку тие не обезбедат и сопствени извори за снабдување може да дојде, како што е веќе споменато, до сериозни последици по националната и меѓународната безбедност. Зелената агенда ова го согледува во својот план, поставен врз неколку посебни столбови: градење на функционален и целосно интегриран внатрешен пазар, зголемување на производството на енергија во Европската Унија, подобрување на координацијата на националните енергетски политики и зборување со еден глас за

надворешната енергетска политика и натамошното развивање на енергетските технологии.[6]

Берлинскиот процес ги содржи токму оние влијателни елементи коишто се потребни за доаѓање до решение на проблемите од: еколошки, економски и енергетски карактер. Засегнатите институционални тела во Република Северна Македонија имаат за задача детално да ја анализираат состојбата на енергетската безбедност бидејќи е од суштинско значење за националната безбедност.

### Колку Зелената агенда е изводлива со оглед на економската ситуација во Македонија?

Недостигот од финансии не е нова појава во Македонија и не се огледа само во рамките на еколошките агенди, туку во секој сектор. Од друга страна, забрзаниот раст остави трага, деградација, врз животната средина во земјата. Ако квалитетот на водите е еден од приоритетите на Зелената агенда, тогаш Македонија треба да вложи значителни напори за спроведување на законодавството на ЕУ во оваа област. Треба да се заложи и за мерките за намалување на загадувањето и уништувањето на реките и езерата, како и за инвестирање во водната инфраструктура, со цел одржливо користење и заштита на водите. Покрај посветеноста на националните власти, потребно е и обезбедување на доволно финансии, коишто земјата не може сама да ги обезбеди. Помошта што доаѓа од ЕУ е една олеснителна околност, што треба да се искористи на разумен начин. Дали, и како, истите средства би се примениле, останува да се набљудуваат владините тела и засегнатите страни во самиот процес на примена на Зелената агенда и зелената економија.

**ПОИМАЊЕТО НА ЗЕЛЕНАТА АГЕНДА Е АЛАТКА ШТО МОЖЕ ДА СЕ ИСКОРИСТИ: ВО БОРБАТА ПРОТИВ ЗАГАДУВАЊЕТО НА ВОЗДУХОТ, ВОДАТА И ПОЧВАТА, ВО ПРОМОВИРАЊЕТО ОДРЖЛИВИ МЕТОДИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО И СНАБДУВАЊЕ СО ХРАНА, КАКО И ШТИТЕЊЕТО НА БИОЛОШКАТА РАЗНОВИДНОСТ И ОБНОВА НА ЕКОСИСТЕМИТЕ. ВО БУКВАЛНА СМИСЛА, САМАТА ЗЕЛЕНА АГЕНДА ИМА ВКУПНО ПЕТ КЛУЧНИ ТОЧКИ ЗА ПОНАТАМОШНО ОСТВАРУВАЊЕ: ДЕКАРБОНИЗАЦИЈА, КРУЖНА ЕКОНОМИЈА, ЕЛИМИНАЦИЈА НА ЗАГАДУВАЊЕТО, ОДРЖЛИВИ СИСТЕМИ ЗА ХРАНА И РУРАЛНИ ОБЛАСТИ И БИОДИВЕРЗИТЕТ**

---

6 European Commission , European Energy Security Strategy, 2014.

### Оправдана недоверба во институциите

Иако државата и владиниот сектор го имаат главниот збор за остварување на агендите и самиот одржлив развој, сепак граѓаните се тие кои ја чинат државата и се главните актери кои го креираат сценариото во самата заедница и општество – барем така би требало да биде. Недовербата кон институциите од страна на граѓаните е оправдана. Клучната алатка за да се дојде до напредок е да се вкорени соработка првично во внатрешните граници на една држава, меѓу државата и граѓаните, а потоа соработка на меѓународно ниво. Од објективна гледна точка, Берлинскиот процес може да подлежи на разни предизвици, како и страв од можен неуспех при имплементација на Зелената агенда во земјите на Балканот. Подемот на оваа Агенда, вклучително и на енергетската безбедност, е остварлив во зависност од повеќе фактори, коишто претходно се истакнати. Важен момент е и самата свест на граѓаните за можните несакани последици од загадувањето на животната средина и негрижата за биодиверзитетот, одлика на овие простори. Повеќе од сигурно е дека ќе требаат децении за решавање на овие проблеми, од зголемувањето на свеста кај граѓаните, соработката на релација граѓани – држава, соработката меѓу државите во регионот, до суштинската, коренита промена кај сите спомнати. Но, сепак, останува надежта дека: овие значајни прашања што опфаќаат повеќе области од живеењето ќе бидат решени, Зелената агенда остварена, енергетската безбедност разумно насочена, а

**ФАКТ Е ДЕКА ЧОВЕШТВОТО ВО МОМЕНТОВ СЕ СООЧУВА СО ДВЕ ЗАКАНИ – ЕВЕНТУАЛНАТА УПОТРЕБА НА НУКЛЕАРНО ОРУЖЈЕ И ДЕГРАДАЦИЈАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА. СЛЕДЕЈЌИ ГО ТРЕНДОТ НА: ЗАГАДУВАЊЕ, ЗЛОУПОТРЕБА НА РЕСУРСИТЕ, НАМАЛУВАЊЕ НА БИОДИВЕРЗИТЕТОТ, ВЕШТАЧКОТО ГЕНЕТСКО ЗАГАДУВАЊЕ, КАКО И ТЕСТИРАЊЕТО НА НУКЛЕАРНИ БОМБИ, КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТОТ НА СИТЕ ЖИВИ ОРГАНИЗМИ НА ЗЕМЈАТА Е ДОВЕДЕН ВО РИЗИК. АНАЛОГНО НА ТОА, ЕКОЛОШКИТЕ ЗАКАНИ СЕРИОЗНО ВЛИЈААТ ВРЗ ГЛОБАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ ОД ПОВЕЌЕ АСПЕКТИ: ВО ПОГЛЕД НА ОСИРОМАШУВАЊЕТО НА ОЗОНСКАТА ОБВИВКА, ПОТТИКНУВАЊЕ НА ЕКОЛОШКИ БЕГАЛЦИ, БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНАТА, УНИШТУВАЊЕТО НА ШУМИТЕ, И СЛИЧНО. ЗА ДА СЕ ПРЕВЕНИРААТ КАТАСТРОФИ БИ ТРЕБАЛО СЕКОЈА ДРЖАВА ЗАСЕГНАТА СО ОВИЕ ПРОБЛЕМИ, ДА ПРЕЗЕМЕ МЕРКИ ЗА БОРБА ПРОТИВ НАВЕДЕНИТЕ ЕКОЛОШКИ ПРОБЛЕМИ. НО, НА КАКОВ НАЧИН?**

Берлинскиот процес и натаму активен – како рамка за креирање и исполнување на „зелени“ политики во земјите во развој.

*(Андреа Младеновска е студентка на трета година на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на групата за Меѓународни и интеркултурни студии.)*

ISSN 2671-3209